# ЕДИНСТВО ВО ХРИСТА

БИБЛИСКА ДОКТРИНА

октомври, ноември, декември 2018

# ЕДИНСТВО ВО ХРИСТА

Автор: Денис Фортин

Број 4/2018

*Подготвува:*
Христијанска адвентистичка црква,
Одделение за саботна школа

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколската поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка обработка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Создавањето и падот во грев.......................................7

2. Причини за неединство ................................................ 14

3. „Да бидат сите едно“ .................................................. 21

4. Клуч за единство.......................................................... 28

5. Искуството на единство во Првата црква.................... 35

6. Слики за единството .................................................... 42

7. Кога ќе дојде до судир..................................................49

8. Единство во верата.......................................................56

9. Најуверлив доказ ..........................................................63

10. Единството и нарушените односи ..............................70

11. Единство во службата за Бога ................................ 77

12. Црковната организација и единството...................... 84

13. Конечно обновување на единството.......................... 91

**Додаток**

Утрински стихови - октомври......................................... 98

Утрински стихови - ноември...........................................99

Утрински стихови - декември ......................................100

Секојдневно читање на Библијата ................................102

Текстови за вечерно Богослужение ..............................103

Табели за почеток на саботата во Македонија ...............104



ВОВЕД

# НАШЕТО ЕДИНСТВО ВО ХРИСТА

Црквата е Божје семејство на Земјата кое заедно служи, проучува и одржува богослужби. Гледајќи на Исуса како на свој водач и Откупител, Црквата е повикана Радосната вест за спасението да им ја однесе на сите луѓе.

Дванаесеттото основно верување на Христијанската адвентистичка црква во еден дел гласи: „Црквата е заедница на верници кои го признаваат Исуса Христа за Господ и Спасител. Како продолжение на Божјиот народ од старозаветното доба, ние сме повикани од светот; и се собираме поради богослужби, братска заедница, проучување на Божјата Реч, прославување на Вечера Господова, служба на целиот човечки род и објавување на Евангелието на целиот свет“ (*Христијаните адвентисти веруваат* [Boise, Idaho: Pacific Press Publishing Association, 2005], стр. 163. оригинал).

Но, што подразбираме под Црква? Кој припаѓа на Црквата? Одговорот на ова прашање делумно зависи од нашата дефиниција за Црквата.

За Црквата со сигурност можеме да кажеме дека е локална заедница на верници послушни на Господа, кои се собираат за богослужби и служење. Можат да се собираат во куќни цркви или на поголеми собири (Римјаните 16,10.11). Под Црква, исто така, подразбираме и зграда во која се собираат христијаните. Меѓутоа, ова не е најдобра дефиниција на Црквата. Црквата како поим првенствено се однесува на луѓето а не на градбите.

На некои места во Новиот завет на Црквата се укажува како на група верници во одредена географска област. Според тоа, кога Павле се обраќа до Црквата во Галатија, тој се обраќа до многу локални заедници во градовите и селата во таа област (Галатите 1,2; види: 1. Петрово 1,1). Под поимот Црква, исто така, понекогаш подразбираме и група луѓе која припаѓа на одредена вероисповед или која поради своите верувања и наследство се нарекува со одредено име.

Сепак, сите овие дефиниции се непотполни. Црквата како поим го претставува Божјиот народ насекаде во светот. Иако Христос има верни следбеници во различни вероисповеди (од кои многумина во последната криза ќе се придружат кон Божјиот остаток (Откровение 18,1-4), ова тримесечје ќе се сосредоточиме на нашата Црква, Христијанската адвентистичка црква, и што за нас значи единството во Христа.

Четиринаесеттото основно верување, под називот Единство во Христовото тело, гласи: „Црквата е едно тело со многу членови повикани од секој народ, племе и јазик. Во Христа сме нови созданија; меѓу нас не смее да постои разлика според раса, култура, образование и националност, како ни разлика меѓу високи и едноставни, богати и сиромашни, мажи и жени. Сите сме еднакви во Христа, кој преку еден Дух нè поврзал во една заедница со Себе и едни со други; ние треба да служиме и да ни се служи без никаква подвоеност и резерва. Преку Откровението во Исуса Христа и Светото писмо ние делиме иста вера и надеж, и допираме до другите со едно сведочење. Ова заедништво има свој извор единството на троединиот Бог, кој нè посвоил како свои деца“ (*Христијаните адвентисти веруваат*, стр. 201 оригинал).

Целта на ова библиска поука е нам, како христијани адвентисти, кои сега, како и секогаш, се соочуваме со предизвиците во поглед на единството, и ќе се соочуваме сè до крајот на времето, да ни даде библиски упатства во врска со темата за христијанското единство. Меѓутоа, во Писмото пронаоѓаме многу упатства и поуки како да живееме во согласност со Божјиот дар на единство во Христа. Овие упатства и поуки за тоа како да го доживееме единството кое ние дадено и како да го изразиме во својата Црква се централна тема за ова тримесечје.

*Денис Фортин е професор по теологија на Адвентистичкиот теолошки факултет на Универзитетот Ендрус, Бериен Спрингс, Мичиген. Откако ја започнал својата работа на Теолошкиот факултет во 1994 година, Фортин бил директор на мастер-програмата (1999 – 2001), помошник на деканот (2000 – 2004), и управник на Катедрата за теологија и христијанска филозофија (2006) и до неодамна декан (2006-2013).*

**Поука 1**
**Од 29 септември до 5 октомври 2018**

# СОЗДАВАЊЕТО И ПАДОТ ВО ГРЕВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1,26.27; 1. Јованово 4,7.8.16; 1. Мојсеева 3,16-19; 1. Мојсеева 11,1-9; Галатјаните 3,29; 5. Мојсеева 7,6-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Го изведе надвор и рече: 'Погледај сега на небото и изброј ги ѕвездите, ако можеш да ги преброиш.' И му рече: 'Толкаво ќе биде твоето потомство.' Аврам Му поверува на Господа и тоа му се засмета за праведност" (1. Мојсеева 15,5.6).**

Извештајот за Божјиот народ започнува со создавањето на човечкиот род и неговиот трагичен пад во грев. Секој обид да ја сфатиме природата на единството во Црквата мора да започне со разбирање на Божјиот првобитен план при создавањето, а потоа и потребата за обнова по падот.

Првите глави во Библијата откриваат дека Божја намера била човештвото да биде едно семејство. За жал, ова единство било загрозено по трагедијата која настанала со падот во грев. Со самиот грев се појавиле и корените на неединство и поделба, лошите последици на непослушноста. Навестување за ваква поделба гледаме во непосредниот меѓусебен однос на Адам и Ева во времето кога Бог за прв пат им се обратил откако го вкусиле плодот од забранетото дрво (види: 1. Мојсеева 3,11). Оттука важна цел, меѓу сè друго што ќе биде остварено со планот на спасението, исто така претставува обновување на првобитното единство.

Аврам, таткото на Божјиот народ, добил клучна улога во Божјиот план на спасение. Тој е прикажан во Писмото како голем пример на „оправдувањето со вера", на онаа иста вера која го обединува Божјиот народ како меѓусебно така и со Господа. Бог дејствува преку народот за да го обнови единството и да му ја објави својата волја на изгубеното човештво.

## ЉУБОВТА КАКО ТЕМЕЛ НА ЕДИНСТВОТО

Од извештајот за создавањето, од првата и втората глава во 1. Мојсеева, произлегува јасна порака дека на крајот од седмицата на создавањето владеела општа хармонија. Божјите последни зборови дека сето тоа било „многу добро“ (1. Мојсеева 1,31), кога го завршил создавањето на овој свет и луѓето кои требало да го населат, се однесувале не само на естетската убавина туку и на отсуството на секој елемент на зло или нехармонија. Божјата првобитна желба при создавањето опфаќала хармонично, заедничко постоење и меѓусебна зависност на сите облици на живот. Прекрасниот свет бил создаден за човечкото семејство. Сè било совршено и достојно за својот Создател. Божјиот идеал и првобитната намера за светот биле хармонија, единство и љубов.

**Прочитајте 1. Мојсеева 1,26.27. Каква поука ни даваат овие стихови за единственоста на човечкиот род во однос на останатите дела на создавањето на Земјата, како што тоа е опишано во 1. и 2. глава во 1. Мојсеева?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Како што стои забележано во 1. Мојсеева, Бог го создал човечкиот род според својот лик, што во извештајот за создавањето тоа не се однесува на ништо друго. „И Бог рече: ’Да направиме човек во Нашиот лик, според Нашата сличност...’ И Бог го создаде човекот во својот лик, Тој го создаде во Божјиот лик; ги создаде машко и женско“ (1. Мојсеева 1,26.27). Иако теолозите со векови се расправаат за вистинската природа на овој лик, и за природата на самиот Бог, многу библиски текстови ја прикажуваат Божјата природа како љубов.

**Како следните стихови ни помагаат да сфатиме како сме создадени и како тоа влијаело на првобитното единство воспоставено за време на создавањето? 1. Јованово 4,7.8.16.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бидејќи Бог е љубов и бидејќи и луѓето можат да сакаат (на начин на кој останатите живи суштества не можат), да се биде создаден според Неговиот лик сигурно ја вклучува способноста на покажување љубов. Сепак, љубовта може да постои само во меѓусебниот однос со другите. Според тоа, што и да повлекува со себе тоа да се биде создаден според Божјиот лик, мора да ја опфаќа и способноста да се покаже љубов.

## ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПАДОТ

Последиците од падот биле неизмерно големи. Непослушноста на Адам и Ева го нарушила хармоничниот меѓусебен однос на сите живи суштества. Што е уште полошо, го поттикнала неединството, нескладноста и поделбата меѓу човечките суштества кои постојат дури и денес. Нехармонијата ја забележуваме во мигот кога Адам и Ева настојуваат вината за својот пад да ја префрлат на некој друг (1. Мојсеева 3,12.13). Оттогаш приликите уште повеќе се влошиле.

**Прочитајте ги следните стихови: 1. Мојсеева 3,16-19; 4,1-15. Што во овие стихови ни укажува на последиците од гревот и на неговото влијание на хармоничниот свет што Бог го создал?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Адамовата непослушност предизвикала многу настани и последици кои со текот на времето влијаеле на целокупното Божје дело на создавањето. Природниот свет почнал да страда од последиците на гревот. И човечките односи биле погодени. Двајцата браќа, Каин и Авел, наместо да се сакаат и да се грижат еден за друг, се отуѓиле, бидејќи едниот сакал да ги следи своите себични склоности наместо обликот на богослужение кој Бог го определил. Ова отуѓување довело до насилство и смрт. Но, Каиновата реакција повеќе била насочена кон Бога отколку кон Авел. Тој му бил лут на Бога (1. Мојсеева 4,5), а овој гнев предизвикал лутина и кон Авел. Непослушноста сѐ повеќе ги нарушувала човечките односи.

„Господ виде колку е голема човековата расипаност на земјата и дека секоја мисла во неговата памет секогаш е само зло“ (1. Мојсеева 6,5). Злото на крајот довело до потоп и неверојатно уништување на сите Божји првобитни дела на создавање, кои исчезнале во потопот. Но, дури ни тогаш Бог не се откажал од човечкиот род, туку оставил остаток, Ное и неговото семејство, повторно да ја започнат човечката историја.

По потопот, Бог му дал едно ветување на Ное и на неговото семејство. Виножитото на небото секогаш ги потсетувало на Неговата грижа и ветување, на Неговата добрина и милост (1. Мојсеева 9,12-17; Исаија 54,7-10). Бог склучил завет со Ное и со тоа повторно го воспоставил својот првобитен план да има обединето човечко семејство кое му е верно Нему и на Неговата Реч.

**Како гревот ја нарушува хармонијата? Какви одлуки токму сега можете да донесете за да ја обновите хармонијата меѓу оние на кои вашите одлики можат да извршат силно влијание?**

## НАТАМОШНО НЕЕДИНСТВО И РАЗДВОЈУВАЊЕ

**Прочитајте 1. Мојсеева 11,1-9. Според овој текст, што е тоа што придонело да се зголеми проблемот на раздвојување и неединство?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Библијата ги бележи настаните кои следеле по потопот - изградба на Вавилонската кула, бркотија на јазиците и расејување на луѓето кои дотогаш зборувале само на еден јазик. Можеби привлечени од убавината на земјата која се простирала меѓу реките Тигар и Еуфрат, и нејзината плодност, некои од Ноевите потомци одлучиле да изградат град и висока кула во земјата Сенар, денешен јужен Ирак (1. Мојсеева 11,2).

Со археолошките истражувања утврдено е дека Месопотамија уште од најраните историски времиња била густо населена област. Меѓу тамошните жители имало Сумерци кои се сметаат за зачетници на пишувањето на глинени плочи. Граделе добро конструирани куќи и биле мајстори во производството на накит, алат и садови за домаќинство. Исто така, ископувањата откриле и многу храмови во облик на кули посветени на обожавањето на различни божества.

Потомците на Ное, кои се населиле во земјата Сенар, наскоро го заборавиле Ноевиот Бог и ветувањето дека светот никогаш повеќе нема да биде уништен со потоп. Изградбата на Вавилонската кула претставувала споменик на нивната истакната мудрост и вештини. Нивната желба за слава и углед, „да се здобиеме со име“ (1. Мојсеева 11,4), била една од причините на овој градителски потфат.

„Луѓето според божествената намера можеле да го сочуваат единството благодарение на поврзаноста со вистинската религија. Кога идопоклонството и политеизмот ја раскинале оваа внатрешна духовна врска, не само што го изгубиле единството на религијата, туку и духот на братската заедница. Планот, како што е изградбата на кулата, не можел да успее, бидејќи за да се одржи нешто однадвор било потребно внатрешно единство, кое се изгубило“ (*The SDA Bible Commentary*, 5. книга, стр. 284.285).

Падот на Адам и Ева го уништило единството на човечкиот род и Божјиот првобитен план. Тоа довело до збрка во врска со богослужението; ширење на зло и неморал насекаде Земјата; и на крај до поделба на човечкиот род на многу различни култури, јазици и раси, кои од тогаш често се во меѓусебен судир.

**Кои практични чекори можеме да ги преземеме за да помогнеме да се ублажат поделбите на раси, култури и јазици, кои нè повредуваат дури и во црквата?**

## АВРАМ, ТАТКОТО НА БОЖЈИОТ НАРОД

Трите големи светски религии, јудаизмот, христијанството и исламот, го сметаат Аврам за свој татко. За христијаните оваа поврзаност има духовна природа. Кога бил повикан да ја напушти својата земја во Месопотамија, на Аврам му било кажано дека во него „ќе бидат благословени сите племиња на земјата“ (1. Мојсеева 12,3; види: 1. Мојсеева 18,18; 22,18). Благословот дошол преку Исуса.

**Прочитајте ги стиховите во: Евреите 11,8-19; Римјаните 4,1-3; Галатјаните 3,29. Кои елементи на Аврамовата вера се спомнати во овие текстови, и како тие се однесуваат на идејата за христијанското единство? Односно, што во овие текстови денеска може да ни помогне да сфатиме што треба да претставува важен составен дел на христијанското единство?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Како татко на сите верници, Аврам ни дава пример на некои од основните елементи на христијанското единство. Прво, бил послушен. „Преку вера Авраам послуша, кога беше повикан да излезе на местото што требаше да го прими во наследство, и излезе не знаејќи каде оди“ (Евреите 11,8). Второ, полагал надеж во Божјите ветувања. „Преку вера се насели во земјата на ветувањето, како во туѓа и се настани во шаторите заедно со Исака и Јакова, сонаследници на истото ветување, зашто бараше град со основи, кому Бог му е Градител и Творец“ (Евреите 11,9.10). Трето, верувал дека Бог ќе му подари син и дека неговите потомци еден ден ќе бидат бројни како ѕвездите. Врз основа на овој одговор, Бог го оправдал според верата (Римјаните 4,1-3). Четврто, верувал во Божјиот план на спасение. Најголемата проверка на Аврамовата вера настапила кога Бог од него побарал својот син Исак да го принесе како жртва на гората Морија (1. Мојсеева 22,1-19; Евреите 11,17-19).

Аврам во Стариот завет е опишан како Божји пријател (2. Летописи 20,7; Исаија 41,8). Неговиот живот на вера, неговата непоколеблива послушност и доверба во Божјите ветувања го направиле пример за тоа каков треба да биде нашиот христијански живот сега.

**Размислувајте за своите зборови и дела во следните неколку дена. Како можете да постигнете сѐ што ќе кажете или направите да ја одразува стварноста на вашата вера?**

## БОЖЈИОТ ИЗБРАН НАРОД

Повикувајќи го Аврама да му биде слуга, Бог го избрал народот кој ќе го претставува во светот. Овој повик и избор бил чин на Божјата љубов и благодат. Божјиот позив упатен на Израел бил важен дел од Неговиот план за обновување на целото човештво по разорните последици и неединството предизвикани со падот во грев. Светата историја се занимава со Божјето дејствување во правец на тоа обновување, а главниот извршител на тој план бил заветниот израелски народ.

**Зошто Бог го нарекол Израел свој народ: 5. Мојсеева 7,6-11. Зошто потомците на Аврам ги одбрал за свој народ?**

________________________________________________________________

Божјата љубов кон човечкиот род се наоѓа во центарот на извештајот за бирањето на Израел како Божји народ. Бог склопил завет со Аврам и со неговите потомци за да може преку својот народ да го сочува знаењето за Себе и да постигне откупување на човечкиот род (Псалм 67,2). Возвишениот чин на љубов го поттикнал Бога да го избере Израел, така што потомците на Аврам немале со што да се пофалат за да ја побараат Божјата незаслужена љубов. „Господ не ве одбра и не ве прифати дека сте побројни од сите народи - поправо вие сте најмалубројни" (5. Мојсеева 7,7).

Бог при избирањето на својот народ користи обратен систем на вредности. Додека луѓето ги бираат водачите врз основа на моќ, мудрост, и самодоверба, Бог не ги бира силните и моќните да Му служат, туку оние кои чувствуваат или ја признаваат својата слабост, грешки и ништожност, за никој да не се фали пред Него (1. Коринќаните 1,26-31).

Сепак, погледнете ги нивните предности: „Бог сакал да се слави со својот народ Израел. Затоа му ги дал сите духовни предимства. Не го лишил од ништо што би можело поволно да влијае врз изградувањето на карактерот со кој ќе го претстави Него пред светот.

Послушноста кон Божјиот закон на Израелците би им обезбедила благосостојба на која би ѝ се восхитувале сите народи на светот. Истиот Оној, кој можел да им даде мудрост и вештина во секоја работа, и понатаму би останал нивни учител и преку послушноста на неговиот закон би ги облагородувал и издигнувал. Под услов да бидат послушни, би биле сочувани од болестите што ги мачеле другите народи и надарени со посебна умна способност. Божјата слава, неговото величество и моќ би се покажувале преку нивната благосостојба. Тие требало да бидат царство на свештеници и кнезови. Бог им ги подарил сите средства за да станат најзначаен народ на земјата" (*Христовите параболи,* стр. 288. ориг.).

**Какви сличности можеме да пронајдеме меѓу она што Бог го направил за стариот Израел и повикот што им го упатил, и она што го прави за нас и повикот кој ни го упатува нам како христијани адвентисти?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните поглавја во книгата на Елена Вајт Патријарски и пророци: „Создавањето“, стр. 44–51 оригинал; „Господ го повикува Аврама“, стр. 125-131 оригинал.

Божјата првобитна намера при создавањето на човечкиот род се одразува преку семејството како институција (1. Мојсеева 2,21-24) и саботата. Саботата била наменета на целиот човечки род, како што Исус јасно укажал во стиховите во Марко 2,27.28. Всушност, нејзиниот сеопшт карактер го гледаме во самиот извештај за создавањето, кога Бог го издвоил седмиот ден, не само пред повикувањето на Израел како свој заветен народ, туку и пред појавата на гревот. Колку само силна и обединувачка сила можела да биде саботата кога сите луѓе би ја празнувале. Тоа бил ден за одмор кој според Божјата намера требало да ги потсетува потомците на Адам и Ева на нивната заедничка врска со Бога и едни со други. „И саботата и семејството се воспоставени во Едем, и Божја намера е тие да останат нераскинливо поврзани. Во тој ден, повеќе отколку во кој било друг, ние можеме да живееме едемски живот. Според Божјиот план, членовите на семејството треба да бидат здружени во работата и во проучувањето, на богослуженијата и во рекреацијата, таткото како свештеник на својот дом, а и двајцата родители како учители и другари на своите деца“ (Елена Вајт, *Child Guidance*, стр. 535).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како извештајот за создавањето на жената од реброто на Адам во 1. Мојсеева открива каква блиска и тесна врска треба да постои меѓу сопружниците? Зошто во целата Библија Бог ја користи сликата на маж и жена како пример на заедница која Тој сака да ја оствари со својот народ?**
2. **Иако извештајот за Вавилонската кула зборува дека етничката и јазичната разновидност не била дел од Божјиот првобитен план за човештвото, како можеме да ги надминеме таквите поделби денес? Како Црквата сепак може да доживее единство и слога, иако е составена од луѓе кои припаѓаат на различни народи и зборуваат на различни јазици?**
3. **Какви сличности пронаоѓате меѓу повикот упатен на стариот Израел и повикот што ни е упатен нам, како христијани адвентисти? И што е уште поважно, какви поуки можеме да научиме од нив, кои можат да ни помогнат да бидеме верни на божествениот позив?**

### ЗАКЛУЧОК

Божјиот првобитен план при создавањето бил луѓето да живеат во хармонија и единство како едно семејство. Непослушноста на нашите први родители го нарушила тој Божји план. Сепак, Бог го повикал Аврам да основа народ преку кој ќе го одржи ветувањето за обновувањето втемелено само на Христа.

**Поука 2**
**6 - 12 октомври 2018**

# ПРИЧИНИ ЗА НЕЕДИНСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 28,1-14; Еремија 3,14-18; Судии 17,6; 1. Царевите 12,1-16; 1. Коринќаните 1,10-17; Дела 20,25-31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Стравот од Господа е почеток на мудроста и познавањето на Светиот е разум“ (Мудри изреки 9,10).**

Старозаветните пророци повеќе пати го повикувале израелскиот народ да биде послушен на Божјите налози. Непослушноста и немарноста доведувале до отпадништво и неединство. Послушноста кон Божјите закони требало да го сочува народот од природните последици на гревот и да ги посвети среде бројните туѓи народи. Извршувањето на Божјата волја создавало хармонија меѓу народот и ја јакнело решителноста на заедницата да се спротивстави на навалата од незнабожечките и зли богослужбени обичаи, кои ги опкружувале речиси од сите страни. Божја желба била Неговиот народ да биде свет и да им сведочи на околните народи.

По ослободувањето од Египет, Мојсеј им рекол: „Ете, Јас ве поучив за законите и уредбите, како што Господ, мојот Бог, ми нареди да ги вршите во земјата во која одите, за да ја наследите. Пазете ги и вршете ги: тоа ќе биде, во очите на народите, ваша мудрост и ваша разумност. Кога тие ќе чујат за сите овие закони, ќе речат: ‘Само еден народ е мудар и умен, а тоа е овој голем народ’“ (5. Мојсеева 4,5.6).

Нема сомнение, кога би останал верен, Божјиот народ би примал обилни благослови и би служел на благослов на другите. Од друга страна, неверноста предизвикува многу проблеми, а неединството е само еден од нив.

## „ВРАТЕТЕ СЕ, СИНОВИ ОДМЕТНИЦИ“

Историјата на израелскиот народ изобилува со извештаи за непослушност и беззаконие, потоа враќање кај Бога и послушност, а потоа повторно за уште поголема непослушност и судири. Овој образец одново и одново се повторува. Секој пат која Божјиот народ совесно ја следел Неговата волја, биле благословени со мирен живот. Секој пат кога биле непослушни и оделе по свој пат, нивните животи биле исполнети со страдање, војни и судири. Дури и пред да влезе Израел во ветената земја, Бог го предвидел овој образец и понудил решение за да ги избегнат таквите тешки последици во својот живот.

**Какви благослови би се излеале над Израел доколку биле послушни на Божјата волја? 5. Мојсеева 28,1-14.**

____________________________________________________________

**Што учиме од Божјиот повик упатен на Израел да се покае и да му се врати Нему? Што е тоа што ни зборува за Божјата љубов и трпение кон својот народ? Еремија 3,14-18.**

____________________________________________________________

Во Книгата на пророкот Еремија се восхитуваме на тоа што Бог е грижлив, милостив и великодушен кон својот народ и покрај нивниот бунт, поделба и идопоклонство. Бог непрестајно го повикува својот народ да Му се врати и да се покае поради своите самоволни постапки. Бог постојано одново ветувал идно обновување и надеж.

„‘Врати се, одметничке, Израелу,’ говори Господ. ’Не се гневи веќе Моето лице на вас, зашто Сум милостив’ - говори Господ, ’не ќе се гневам довека. Само признај ја својата кривица дека се одметна од Господа, твојот Бог, и дека заскита кон туѓинците, под секое зелено дрво, и не го слушаше Мојот глас’ - говори Господ“ (Еремија 3,12.13).

Зборовите на Еремија биле изговорени во време на општо занемарување на Божјата Реч. Иако одредени реформи биле започнати уште во времето на царот Јосиј, голем дел од народот не чувствувал духовна желба и понатаму да му бидат верни и послушни на Бога. Нивните гревови, идопоклонството и себичниот живот предизвикале духовна и политичка пропаст. Колку повеќе се оддалечувале од извршувањето на Божјата волја, толку повеќе нивните изгледи за иднината биле пострашни. Сепак, Бог преку Еремија им упатувал молба. Планирал подобра иднина за нив, и копнеел да ги врати кон напредокот, единството и здравјето. Но, тоа можело да се случи само ако живеат со вера и во согласност со сè она што го опфаќа искрената вера.

**Што значи разликата меѓу послушноста и непослушноста во вашиот живот?**

## ПРАВ ВО СВОИТЕ ОЧИ

Извештаите во Книгата за судиите укажуваат на бројните негативни последици кои настапиле бидејќи Израил не ја творел Господовата волја. Наскоро по влегувањето во Ханан, израелскиот народ почнал да го гради својот духовен живот по угледот на лажната религија на Хананејците од нивното опкружување – токму она што им било кажано да не го прават. За жал, тоа не бил единствениот проблем со кој се соочиле.

**Прочитајте ги стиховите во Судии 17,6; 21,25. Што ни кажуваат овие текстови за натамошните проблеми кои настанале меѓу Божјиот народ?**

__________________________________________________________________

Разговарајте за тоа како можат да се решат поделбите и неединството меѓу Божјиот народ. Единството на израелскиот народ требало да биде втемелено на нивната верност и послушност кон Господовиот завет, завет кој го склопиле со Бога. Но, правејќи го она што е правилно во нивните очи – посебно кога биле под влијание на околните народи – се наоѓале на патот на пропаста. Сите ние сме паднати суштества, и ако им се препуштиме на сопствените идеи, ако ги следиме склоностите на нашето срце, сигурно ќе скршнеме од патеката на која Бог нѐ повикува.

**Што ни кажуваат следните текстови за духовната состојба и општествените прилики во Израел во времето на судиите?**

**Судии 2,11-13.**____________________________________________________

__________________________________________________________________

**Судии 3,5-7.**______________________________________________________

__________________________________________________________________

„Господ преку Мојсеја му укажал на својот народ и на последиците од неверството. Одбивајќи да го држат Неговиот завет, тие ќе се одвојат од животот што доаѓа од Господа и нема да ги примат неговите благослови. Тие одвреме-навреме ги слушале предупредувањата и тогаш обилни благослови се излевале над еврејскиот народ, а преку нив и на околните народи. Меѓутоа, тие во својата историја многу често заборавале на Бога и ги губеле од вид возвишените предимства што ги имале како Негови претставници. Тие Му ја скусувале службата што ја очекувал од нив, а и на своите ближни не им оставале свет пример, ниту им биле патоказ во поглед на верата. Сакале да ги присвојат плодовите од лозјето во кое биле поставени како повереници. Дури и незнабошците ги презирале поради нивната лакомост и алчност. Така на незнабожечкиот свет му бил даден повод погрешно да го толкува Божјиот карактер и законите на Неговото царство“ (Е. Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 20.21. ориг.).

**Како нашите постапки како Црква влијаат на луѓето околу нас? Што гледаат во христијаните адвентисти, што во позитивна смисла би оставило влијание на нив?**

## ПОДЕЛБАТА НА ЕВРЕЈСКИОТ НАРОД

Отпадништвото и неговите тешки последици не се случиле преку ноќ. Погрешните избори и одлуките кои се зголемиле во текот на долгите векови конечно довеле до погубни последици за Божјиот народ.

**Прочитајте го извештајот за царот Ровоам од 1. Царевите 12,1-6. Што ја предизвикало оваа страшна поделба меѓу Божјиот народ?**

____________________________________________________________

„Кога Ровоам и неговите неискусни советници би ја сфатиле божествената волја за Израел, тие ќе ги послушале барањата на народот за решителни реформи во начинот на владеењето. Меѓутоа, тие ја пропуштиле можноста што им се нудела на состанокот во Сихем при донесувањето на одлуката, без да размислат за причините и последиците, па така засекогаш го ослабнале своето влијание над поголемиот дел од народот. Нивната решеност да го продолжат, та дури и да го зголемат угнетувањето кое започнало од Соломоновото владеење, била во спротивност со Божјиот план за Израел и им дала повод на луѓето да се сомневаат во искреноста на нивните побуди. Во овој неразумен и бездушен обид да ја покажат својата сила, царот и неговите избрани советници само разоткриле колку се возгордеале поради положбата и власта“ (*Пророци и цареви,* стр. 90. ориг.).

**Што ни кажуваат следните стихови за потребата за мудрост во донесувањето на правилни одлуки? Каде е изворот на вистинската мудрост?**

**Мудри изреки 4,1-9** ________________________________________

____________________________________________________________

**Мудри изреки 9,10** ________________________________________

____________________________________________________________

**Јаков 1,5** __________________________________________________

____________________________________________________________

Извештајот за Ровоам и неговата нагла и безумна одлука на својот народ да му наметне дополнителна и присилна работа претставува тажен настан во животот на израелскиот цар. Царот барал совет од две групи советници, но неговата конечна одлука да го послуша советот на неискусните младичи, негови врсници, довела до потешкотии во царството кое неговиот татко Соломон и неговиот дедо Давид го граделе во изминатите 80 години. Неразумен бил советот дека царот треба да го заплаши мноштвото објавувајќи дека е дури и поостар од својот татко. Младите советници сметале дека царот не треба да усвои начин на управување кој ќе вклучува сочувствителност кон барањата на народот во врска со помалку напорна работа. Му рекле дека треба да се претстави како немилосрден и суров. На крајот, се покажало како безумен и недостоен за верноста и преданоста на народот. Затоа се јавиле поделби меѓу Божјиот народ до кои никогаш и не требало да дојде, што никогаш и не бил Божји план за Неговиот народ.

## РАСКОЛОТ ВО КОРИНТ

За жал, прашањето за неединството меѓу Божјиот народ не се завршило дури ни во новозаветното време. На пример, првите четири глави на Првото послание на Павле до Коринќаните претставуваат повик за единство. Додека се наоѓал во Ефес, Павле слушнал дека во коринтската црква настанале различни поделби. Од таа причина, тој го почнува своето послание со долго обраќање за црковното единство и потребата да се избегне раскол. Павле е загрижен поради развојот на овие настани и настојува да пружи вдахновен совет за да се поправат овие несреќни околности.

**Што е причината за неединството, поделбата и расправиите според текстот во 1. Коринќаните 1,10-17?**

___

___

Павле се загрижил за своите браќа и сестри во Коринт кога некој од домашните на Хлој му кажал за поделбите и расправиите кои владееле меѓу нив. Неговите воведни зборови ја покажуваат длабочината на неговата загриженост: „Браќа, ве прекорувам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите да зборувате исто и да нема раздори меѓу вас, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во една мисла“ (1. Коринќаните 1,10). Што и да довело до вакви судири и разединетост, Павле сакал тоа да го спречи.

Павле ги потсетува Коринќаните дека христијаните се повикани да го следат Христа, а не човек – колку и да е тој талентиран и надарен. Додека тие се приклонувале кон различни страни, апостолот недвосмислено тврдел дека таквата поделба не е според Христовата волја. Изјавил дека христијанското единство се темели на Христа и на Неговата жртва на крстот (1. Коринќаните 1,13).

Изворот на христијанското единство почива во вистината откриена во Исуса Христа, и тоа на распнатиот, и во никој друг, без оглед на тоа колку е „достоен“ тој советник или водач. Во подножјето на крстот сите сме исти. Нашето крштавање е во Исуса, кој единствено може да нè очисти од гревовите. Меѓутоа, на практични начини мораме да работиме на ова единство во Христа.

Како христијани адвентисти, ние не можеме своето единство во верата и мисијата да го земаме здраво за готово. Поделбите и расправиите денес можат да го поткопаат единството на нашата Црква доколку Христовата љубов и власт не нè соединат со Него.

**Како можеме да ги избегнеме опасностите со кои овде Павле се занимава? Зошто секогаш мора да бидеме внимателни во врска со тоа колкава преданост посветуваме на друга личност наместо на Христа?**

## „ЌЕ НАВЛЕЗАТ МЕЃУ ВАС СВИРЕПИ ВОЛЦИ“

**Прочитајте Дела 20,25-31. Какво предупредување им упатил Павле на старешините во Ефес? Што требало да направат за да спречат тоа да се случи?**

Бидејќи Павле во текот на својата служба често се соочувал со противења, знаел дека ќе биде тешко да се сочува чистотата на Евангелието на Исуса Христа. Во својот поздрав до старешините од Ефес, во кој користи слична слика со стражарите од Книгата на пророк Езекиел (Езекиел 33,1-6), упатува порака до водачите дека и тие исто така ја носат одговорноста да го зачуваат Евангелието. Требало да бидат верни пастири на својата заедница.

Павловата употреба на изразот „свирепи волци“ при опишувањето на лажните учители (Дела 20,29), нè потсетува на Исусовото предупредување дека лажни учители ќе дојдат во овча облека (Матеј 7,15). Наскоро, откако Павле ја изговорил оваа опомена, навистина се појавиле лажни учители, ловејќи го својот плен меѓу верниците во азиските цркви кои тој ги основал. Во Ефешаните 5,6-14 и Колошаните 2,8 забележуваме одредени предупредувања на Павле кои биле упатени до црквите во Мала Азија.

Во Второто послание до Тимотеј, Павле го предупредува и Тимотеја, кој се грижел за црквата во Ефес, за грешките во црквата и безбожноста во последните денови.

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Тимотеј 2,14-19; 3,12-17. Што го советува Павле Тимотеја за тоа како да се спротивстави на лажните учители и да го сочува единството на Црквата?**

Прво, Тимотеј треба да ја познава Библијата и „правилно да го проповеда словото на вистината“ (2. Тимотеј 2,15). Решението за бескорисните расправи и претпоставки е правилно сфаќање и проучување на Божјата реч. Библиските вистини мораат да правилно да се толкуваат за ниеден дел од Писмото да не биде во спротивност со целокупната слика прикажана во Библијата, за да се спречи ширењето на лажните учења и поединци да не ја изгубат верата во Исуса. Неважните подробности и споредни прашања треба да се покорат на начелата на Божјата реч, која ќе ги подготви верниците да живеат победоносен живот во Христа. Другиот совет што Павле го упатува лично до Тимотеја, е против „непристојни и празни зборови“ (2. Тимотеј 2,16). Неважните и сомнителни теми не треба да бидат дел од службата на Тимотеј за поучување, ако сака да биде сметан за достоен и верен работник. Ваквите разговори водат само во безбожност и не ја градат верата на верникот (2. Тимотеј 2,16). Само вистината води кон побожност и слога меѓу верниците. Причината зошто Тимотеј мора да ги избегнува таквите грешки и да ги поттикнува верниците да ги избегнуваат е таа што тие се шират во црквата како болест (2. Тимотеј 2,17). На крајот, послушноста на Божјата реч е лек против лажното учење (2. Тимотеј 3, 14-17), кое може да го загрози единството на Црквата.

**Како Црква, како можеме да се заштитиме себеси од ваквите луѓе, кои со лажните учења можат да внесат поделба меѓу нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: Елена Вајт, *Пророци и цареви*, „Поделба на царството“, стр. 87 – 98 оригинал; *Делата на апостолите*, „Порака проникната со опомена и со сесрдна молба“, стр. 298 – 308 оригинал.

„Господ сака неговите избрани слуги да научат како да се обединат во сложни напори. Некому може да му се чини дека разликата меѓу неговиот дар и даровите на неговите соработници е толку голема што не им дозволува да се обединат во усогласен напор; меѓутоа, кога ќе се сетат дека постојат различни умови на кои треба да им се приближиме и дека некои ќе ја отфрлат вистината што ќе им ја објави еден работник, само за да го отворат своето срце за Божјата вистина кога друг работник ќе ја претстави на поинаков начин, сепак со надеж ќе се обидат да работат заеднички и меѓусебно да се усогласат. Нивните таленти, колку и да се различни, можат да бидат под водство на еден ист Дух. Во секој збор и во секое дело треба да се покажува љубезност и љубов; и кога секој работник верно ќе го заземе своето место што му е одредено, Христовата молитва за единство на Неговите следбеници ќе биде услишена и светот ќе дознае дека тие се Негови ученици“ (Е. Вајт, *Евангелски работници*, стр. 483. ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Не е ништо ново поединци да го прават она што е правилно во нивните очи. Постмодернизмот, кој ја доведува во прашање идејата за главен или сеопфатен интелектуален или морален авторитет, може да го поплочи патот кон морално безвластие на кое Библијата нè предупредува. Како ние, како христијани и како Црква во целина, се спротивставуваме на ваквиот предизвик?**
2. **Размислувајте за извештајот за царот Ровоам и за разединетоста на Израел (1. Царевите 12). Какви поуки за нас денес пронаоѓаме тука?**
3. **Што можат да направат црковните водачи и верниците за да ги спречат конфликтите и групирањата во месната црква? Колку е важно да се сопрат таквите движења пред проблемот да порасне и да се прошири? Како членови на Црквата, на што треба да внимаваме за да не паднеме во стапица како верниците во Коринт?**
4. **Проучете ја рамката на текстот кој зборува за раздорот: Мудри изреки 6,16-19. Што можеме да научиме од ова за да го спречиме раздорот во својата месна црква?**

ЗАКЛУЧОК

Во Библијата се соочуваме со околности во кои владее неединство. Кога Божјиот народ живее верно и послушно, опасностите од неединството во голема мера се намалени. Лошите одлуки од времето на судиите и владеењето на царот Ровоам ја отвориле вратата за поделби. Дури и во новозаветно време постоела можност за појава на неединство. Правилното сфаќање на Божјата реч и посветените напори да ја твориме, претставуваат најдобра заштита од неединство и раскол меѓу нас.

**Поука 3**
**13 - 19 октомври 2018**

# „ДА БИДАТ СИТЕ ЕДНО“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 17,1-26; 1. Јованово 5,19; Јован 13,18-30; Јован 5,20-23; Марко 9,38-41; Откровение 18,4; 1. Јованово 2,3-6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но не се молам само за нив, туку и за оние, кои преку нивните зборови - ќе веруваат во Мене, за да бидат сите едно; како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе, така и тие да бидат едно во Нас, за да верува светот дека Ти Ме испрати“ (Јован 17,20.21).**

Евангелието според Јован ни дава увид во Исусовите грижи во време кога над Него се надвиле предавство и смрт. Во петте клучни глави (Јован 13-17) ги примаме Исусовите последни поуки, кои се завршиле со т.н „првосвештеничка молитва“ (Јован 17).

„Тоа е соодветен назив, бидејќи нашиот Господ во оваа молитва се посветува себеси за принесување жртва во која едновремено е и свештеник и жртва. Во исто време, тоа е молитва на посветување во полза на оние за кои жртвата се принесува – учениците кои биле во Горната соба и оние кои подоцна ќе поверуваат благодарение на нивното сведоштво“ (F. F. Brus, *The Gospel of John* [Grand Rapids: Eerdmans, 1983], стр. 328).

Во центарот на оваа молитва е Исусовата загриженост за единството меѓу учениците и оние кои подоцна ќе поверуваат во Него. Тоа била клучна тема во Неговата молитва: „Јас се молам за нив; не се молам за светот, туку за оние, кои Ми ги даде, зашто се Твои, и сè Мое - е Твое, и Твоето - Мое; и се прославив во нив“ (Јован 17,9.10).

Ниту еден значаен разговор за единството на Црквата, за нашето единство во Христа, не може да биде потполн додека не посветиме доволно внимание на оваа молитва. За што се молел Исус, за кого се молел и што значи оваа молитва за нас денес?

## ИСУС СЕ МОЛИ ЗА СЕБЕ

Првосвештеничката молитва е поделена на три дела. Во првиот дел Исус се моли за Себе (Јован 17,1-5), во вториот за своите ученици (Јован 17,6-19) и на крај за оние кои подоцна ќе поверуваат во Него (Јован 17,20-26).

**Која е суштината на Неговата молитва и што значи таа за нас? Јован 17,1-5.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус прво се моли за Себе. Во претходните настани во Евангелието според Јован, Исус навестил дека Неговиот час сѐ уште не дошол (Јован 2,4; 7,30; 8,20). Меѓутоа, сега знаел дека се приближил часот да се принесе Себеси како жртва. Дошол моментот за драматичниот крај на Неговиот земски живот, и Му била потребна сила да ја изврши својата мисија. Било време за молитва. Исус го прославил својот Татко творејќи ја Неговата волја, дури и ако тоа значело дека мора да го поднесе крстот. Неговото прифаќање на крстот не било некој вид на фатализам, туку начин како ја применува власта што Му ја дал Таткото. Тој не умрел од маченичка смрт, туку го прославил својот Татко исполнувајќи ја причината за своето отелотворување: умрел на крстот за гревовите на светот.

**Што е вечниот живот според текстот од Јован 17,3? Што значи да се познава Бог?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Прво и најважно, Исус вели дека вечниот живот се состои од тоа лично да го познаваме Бога. Тука не станува збор за спасение со дела или знаење, туку за искуство на познавање на Господа благодарение на она што Исус го остварил на крстот за нас. Ова знаење се стекнува со лична заедница со Отецот. Човекот е склон да го ограничи знаењето на факти и подробности, но Исус овде упатува на нешто подлабоко и поцелосно: лична заедница со Бога. Исусовото прво доаѓање имало за цел да го поведе човештвото во потрага по поосмислено и спасоносно знаење за Бога, кое ќе го поттикне меѓусебното единство.

**Во што е разликата меѓу знаењето за Бога и личното познавање на Бога? Кои искуства ви помогнале да го запознаете Бога?**

# ИСУС СЕ МОЛИ ЗА СВОИТЕ УЧЕНИЦИ

**За што Исус посебно се моли кога станува збор за Неговите ученици? Јован 17,9-19.**

______________________________________________________________

Исус потоа се моли за своите ученици, кои се во голема опасност во наредните денови да ја изгубат својата вера во Него, кога Тој повеќе нема да биде со нив во тело. Затоа Исус ги предава на својот Татко за Тој да се грижи за нив. Исусовата молитва е упатена за нивна заштита во светот. Во ваквата молитва Исус не се моли за светот, бидејќи знае дека тој суштински се спротивставува на Татковата волја (1. Јованово 5,19). Бидејќи светот е место во кое учениците ќе ја извршуваат својата служба, Исус се моли да бидат зачувани од злото кое владее во него. Исус се грижи и за светот, бидејќи Тој е негов Спасител. Но, ширењето на Евангелието е поврзано со сведочењето на Оние кои ќе ја проповедаат Радосната вест. Од таа причина Исус посредува за нив за да не ги порази непријателот (Матеј 6,13).

Меѓутоа, еден ученик бил поразен. Порано, таа вечер, Исус споменал дека еден од нив одлучил да Го предаде (Јован 13,18-30). Иако Исус укажува на фактот дека Писмото го предвидело предавството на Јуда (Псалм 41,9), Јуда не бил жртва на судбината. Во текот на последната вечера, Исус му се обратил покажувајќи љубов и пријателство (Јован 13,26-30). „На пасхалната вечера Исус пружил доказ за своето божество со тоа што ја открил намерата на предавникот. Нежно и Јуда го ставил во службата што ја извршил за учениците. Но последниот повик на љубовата останал без одговор“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 720. ориг.).

Знаејќи дека зависта и љубомората може да ги раздели учениците, како што и се случило во една претходна пригода, Исус се моли за нивното единство. „Свети Татко, запази ги во Твое име оние, кои Ми ги даде, за да бидат едно, како што Сме и Ние“ (Јован 17,11). Ваквото единство не може човек сам да го оствари. Тоа може да биде резултат и дар само на божествената благодат. Нивното единство е втемелено на единството на Таткото и Синот, и тоа е неопходен предуслов за успешна идна служба.

Нивната посветеност на вистината е исто така неопходна за службата. Дејствувањето на Божјата благодат во срцето на учениците ќе доведе до нивно преобразување. Доколку сакаат да сведочат за Божјата вистина, тие самите мораат да бидат преобразени од неа.

**Што значи „да не бидеме од овој свет“? Што е тоа во нас, во нашиот живот и начинот на живот што прави „да не бидеме од овој свет“?**

## „ЗА ОНИЕ КОИ ЌЕ ПОВЕРУВААТ ВО МЕНЕ“

Кога Исус е помолил за своите ученици, ја продолжил својата молитва и ги спомнал и „оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене“ (Јован 17,20).

**Која била Исусовата најголема желба во врска со оние кои подоцна ќе поверуваат во евангелската порака? Зошто е толку важно оваа молитва да биде услишена? Јован 17,20-26.**

---

Исус се молел идните верници да бидат едно како што се Отецот и Синот едно. Исус на неколку места во Евангелието според Јован укажува на единството на Отецот и Синот. Тие никогаш не дејствуваат независно еден од друг, туку секогаш се соединети во сè што прават (Јован 5,20-23). Тие ја делат заедничката љубов кон паднатото човештво до таа мера што Отецот бил подготвен да го даде својот Син за овој свет, а Синот да го положи својот живот за него.

Единството за кое Исус зборува во својата молитва е единство на љубов и намера какво што постои меѓу Отецот и Синот. „По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,35). Откривањето на ова единство проникнато со љубов ќе пружи отворен доказ за нивниот однос со Исуса и Отецот, „Пројавувањето на нивното искрено единство треба да пружи убедливо сведоштво за вистината на Евангелието“ (Andreas J. Kostenberger, *Baker Exegetical Commentary on the New Testament* [Grand Rapids: Baker Academic, 2004], стр. 498). На овој начин светот ќе дознае дека Исус е Спасителот. Со други зборови, ова единство, за кое Исус се молел, не може да остане незабележано. Како светот може да биде уверен во вистинитоста на Евангелието доколку не може да се воочи љубовта и единството меѓу Божјиот народ?

„Бог води еден народ кој во совршено единство треба да стои на темелот на вечната вистина... Божја намера е Неговиот народ да постигне потполно единство на верата. Непосредно пред Своето распнување, Христос се молел Неговите ученици да бидат едно како што е Тој едно со Таткото, за да може светот да поверува дека навистина Таткото Го испратил. Таа најтрогателна и најпрекрасна молитва допира низ сите векови сè до наши денови, бидејќи Исус изрично нагласува: ’не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене’ (Јован 17,20). Со колкав жар би требало Христовите следбеници да настојуваат со својот секојдневен живот да ја спроведат во дело оваа Христова молитва“ (Е. Вајт, *Testimonies for the Church*, 4. книга, стр. 17).

**Што правиме во нашиот живот и како Црква за да го оствариме обликот на единство каков што е овде претставен? Зошто определена мера на умирање на нашето „јас“, е клучна доколку сакаме нашата Црква да биде обединета на вистински начин?**

# ЕДИНСТВО МЕЃУ ХРИСТИЈАНИТЕ

**Прочитајте ги стиховите: Марко 9,38-41; Јован 10,16. Што можеме да научиме од одговорот што Исус му го дал на апостол Јован за исклучивоста и пренаглениот суд за тоа кој е вистински Исусов следбеник?**

---

Христијаните адвентисти настојувале да ја сфатат Исусовата молитва во 17 глава од Евангелието според Јован непосредно применувајќи ја на единството на својата верска заедница. Ние мораме да бидеме обединети како Црква за да ја исполниме својата мисија и на светот да му ја објавиме Тројната ангелска вест. За ова прашање не се расправа многу.

Меѓутоа, што е со единството со другите христијани? Како треба да се однесуваме кон нив во светлината на Исусовата молитва?

Несомнено веруваме дека Бог има верен народ и во другите цркви. Покрај тоа, Библијата јасно ни кажува дека Бог има верни дури и во Вавилон: „Излезете од неа, народе Мој, за да не бидете соучесници во нејзините гревови и да не ги примите нејзините зла“ (Откровение 18,4).

Исто така знаеме дека според Книгата Откровение постои големо отпадништво меѓу оние кои го исповедаат Христовото име и дека во последните денови многу лажни христијани меѓусебно ќе се обединат со мнозинството за да го започнат прогонството кое јасно е опишано во Откровение 13,1-17. Оттука, христијаните адвентисти секогаш биле мошне внимателни кога се во прашање повиците за обединување со другите цркви, како во екуменското движење.

Како, тогаш, треба да се однесуваме кон другите верски заедници? Елена Вајт го забележала следново во врска со заедничката работа на Христијанската адвентистичка црква со другите христијани, иако овде станува збор за следното посебно прашање. „Кога човечките орудија ја покоруваат својата волја на Божјата, Светиот Дух ќе влијае на срцата на оние на кои им служат. Покажано ми е дека не треба да ги отфрлиме припадниците на Женското друштво на христијанската умереност. Обединувајќи се со нив околу прашањето за потполна воздржливост, ние не го менуваме својот став во врска со празнувањето на седмиот ден, а можеме да покажеме дека го цениме нивниот став во врска со темата за умереноста. Отворајќи им ја вратата и повикувајќи ги да се обединат со нас по прашањето на умереноста, ја обезбедуваме нивната помош, а тие соединувајќи се со нас, ќе ги слушнат новите вистини кои Светиот Дух чека да ги втисне во нивните срца“ (Елена Вајт, *Welfare Ministry*, стр. 163).

Иако се занимавала со одредено прашање во одредено време, сепак таа дала начела кои можеме да ги следиме во врска со тоа како да се однесуваме кон другите христијани, особено кога се обединуваме околу иста цел.

Прво, можеме да работиме со нив на општите општествени интереси, второ, доколку се соединиме со нив, мораме тоа да го направиме не загрозувајќи ги нашите верувања или практики. Трето, ние можеме да го искористиме ова „единство“ и треба да го исползуваме за да можеме со другите да ги споделиме драгоцените вистини со кои сме благословени.

## ЕДНА ВЕРА КОЈА СЕ ОБЈАВУВА СО ЉУБОВ

**Во Јован 17,3 Исус рекол дека вечниот живот е познавање на Бога. Прочитајте: 1. Јованово 2,3-6. Што значи да се познава Бог? Како во својот секојдневен живот го покажуваме знаењето за Бога?**

______________________________________________________________________

Општо гледано, додека луѓето во денешното општество сакаат да се нарекуваат себеси граѓаните кои го почитуваат законот, тие исти луѓе често ја намалуваат важноста на библискиот налог да се почитуваат Божјите заповеди. Поединци дури и тврдат дека Божјата благодат ги укинала Божјите заповеди. Но, тоа не е библиско учење: „Држењето на заповедите не е услов за да го запознаеме Бога, туку знак дека го познаваме Бога/Исуса и дека го сакаме. Според тоа, да се познава Бог, тоа не се однесува само на теоретско знаење, туку поттикнува на дела“ (Ekehart Miler, *The Letters of John* [Nampa, Idaho: Pacific Press, 2009], стр. 39). Исус лично нагласил: „Кој ги има Моите заповеди и ги пази, тој Ме љуби“ (Јован 14,15.21). „По тоа познаваме дека ги љубиме Божјите деца: кога Го љубиме Бога и ги пазиме Неговите заповеди. Зашто ова е љубовта Божја: да ги исполнуваме Неговите заповеди; а Неговите заповеди не се тешки“ (1. Јованово 5,2.3).

**Која нова заповед им ја дал Исус на своите ученици и како таа се однесува на идејата за единство меѓу Неговите следбеници? Јован 13,34.35.**

______________________________________________________________________

Заповедта да ги сакаме ближните сама по себе не била нова; можеме да ја пронајдеме во упатствата коишто Бог му ги дал на Мојсеј (3. Мојсеева 19,18). Што е ново во Исусовата заповед упатена до Неговите ученици да се сакаат еден со друг онака како што Тој ги сакал нив? Исусовиот пример на самопожртвувана љубов претставува ново етичко начело дадено на христијанската заедница.

Колку прекрасно мерило е поставено пред нас! Исусовиот живот бил практично покажување на љубовта на дело. Целокупното дело на благодатта претставува една постојана служба на љубов, самооткажување, самопожртвувани напори. Можеме да го замислиме Христовиот живот кој бил олицетворение на непрекинато пројавување на љубов и самопожртвуваност поради доброто на другите. Начелото кое го придвижувало Христа, треба да го покрене и Неговиот народ во сите нивни меѓусебни односи. Колку можно сведоштво би била таквата љубов во светот! И каква моќна сила таквата љубов би пружила во полза на нашето меѓусебно единство!

**Како можеме да научиме да покажеме самопожртвувана љубов кон другите каква што покажал Исус?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Божјиот непроменлив закон“, стр. 443-446 оригинал, во книгата на Елена Вајт Големата борба.

„Иако Христијанската адвентистичка црква е раширена по целиот свет и има многу месни цркви, христијаните адвентисти не тврдат дека се Христова универзална црква. Универзалната црква е посеопфатна од која било друга вероисповед. Таа е и видлива и невидлива дотолку што се состои од оние кои веруваат во Исус и Го следат. Ова посебно теолошко прашање посебно доаѓа до израз ако го земеме предвид отпадништвото меѓу христијаните, за што јасно се зборува во книгата Откровение. Чистата Црква од Откровение 12 глава, во 17. глава е споредена со *блудница*, големиот град Вавилон, кој од друга страна е спореден со невестата на Јагнето, светиот град или Новиот Ерусалим од 21. и 22. глава во Откровение. Во првиот век, универзалната црква била доста видлива, додека многу потешко и посложено било да се воочи, на пример, во времето на Средниот век.

Затоа, христијаните адвентисти не го ограничуваат поимот Божја вистинска црква на својата верска заедница, ниту пак автоматски ја прошируваат на другите христијански цркви. Божјата вистинска црква се состои од оние поединци кои искрено веруваат во Него. Бог ги познава. Адвентистите, од друга страна, тврдат дека се посебен Божји видлив остаток на последното време од Откровение 12,17 и текстовите од 12. до 14. глава. Овој остаток има и локален и универзален карактер (Откровение 2,24; 12,17)“ (Екхарт Милер, „The Universality of the Church in the New Testament“, Angel Manuel Rodrigez, уредник, *Message, Mission, and Unity of the Church* [Silver Spring, Md.: Biblical Research Institute, GC of Seventh-day Adventists, 2013], стр. 37).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто исполнувањето на Исусовата молитва од 17. глава на Евангелието според Јован е толку важно за нашата Црква? Што ни открива Исусовата желба за единството на Црквата во првиот век за Неговата желба за нашата Црква денес?**
2. **Дали вашата месна црква соработувала со другите христијани по одредени прашања? Колку таа соработка била успешна? Како можеме да работиме со нив, кога тоа е соодветно, а притоа да не загрозиме ниту една вистина која ни е доверена?**
3. **На што укажува оваа изјава во книгата Големата борба. Како ова може да стане наша стварност? „Оние што тврдеа дека се Божји народ, да ја прифатија светлината што ги осветлуваше од Божјата реч, ќе го постигнеа она единство за кое се молел Христос, а кое апостол Павле го опишува како 'единство на Духот, поврзани со мир'. Тоа е, кажува тој, 'едно тело и еден Дух, како што сте и вие повикани во една надеж на вашето призвание. Еден Господ, една вера, едно крштавање'“ (Ефешаните 4,3-5)“ (*Големата борба*, стр. 379. ориг.).**

ЗАКЛУЧОК

Исусовата првосвештеничка молитва во Евангелието според Јован 17 глава нè потсетува дека Исус и денес е заинтересиран за црковното единство. Неговата молитва треба да биде наша, и ние треба да бараме начини како да ја зацврстиме својата вера во Божјата реч. Меѓусебната љубов треба да ги исполни нашите односи кон сите, вклучувајќи ги и другите христијани, без разлика на тоа какви теолошки разлики постојат меѓу нас.

**Поука 4**
**20 - 26 октомври 2018**

# КЛУЧ ЗА ЕДИНСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефешаните 1,3-14; Галатјаните 4,7; Ефешаните 2,11-22; 4,1-6.11; Матеј 20,25-28; Ефешаните 5,15 - 6,9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Соопштувајќи ни ја тајната на својата волја, според своето благоволение, што го одреди во Него, за да ја спроведе кога ќе се исполнат времињата: за да соедини повторно во Христа: сè што е на небесата и што е на земјата - во Него“ (Ефешаните 1,9.10).**

Ефес бил голем трговски и влијателен центар во Мала Азија. Тамошната Црква, во Ефес, ја сочинувале Евреи, незнабошци и луѓе од сите општествени сталежи. Ваквото разновидно верништво можело да биде склоно кон конфликти како и светот во кој живееле; односно, можело да биде така кога не би бил Христос и единството кое го имале во Него како членови на Христовото тело. Според тоа, грижата на Павле за единство меѓу Христовите следбеници е централна тема на неговото Послание до Ефешаните.

Павловиот поим за единство има две димензии: единство во Црквата, во која Евреите и незнабошците биле заедно во едно тело – Христос; и единство во универзумот, во кое сè што е на небото и Земјата го пронаоѓа своето конечно единство во Христа.

Изворот на ова единство е Христос. Павле во ова послание често пати го користи изразот во „во Христа“ или „со Христа“ за да покаже што остварил Бог за нас и за универзумот преку животот, смртта и воскресението на Исуса Христа. Божјата крајна цел во планот на спасението е сè повторно да се соедини преку Христа. Ова единство во потполност ќе биде остварено дури на крајот на времето.

## БЛАГОСЛОВИ ВО ХРИСТА

**Прочитајте Ефешаните 1,3-14. Што ни е дадено во Христа според зборовите на Павле?**

---

Исусовите следбеници имаат многу причини да го слават Бога. Тој одлучил да нè усвои како синови и ќерки во Христа и Него да го претстави на светот. Павле користи различни слики за да го опише нашиот нов однос со Бога во Христа. Од тоа мноштво слики, сликата за посвојување се однесува на темата во оваа поука за единството. Ние сме усвоени во Христа и му припаѓаме на Божјото семејство. Оваа слика на семејство, укажува и на Божјиот завет со децата на Израел. Во рамките на Павловото послание, незнабошците кои го прифаќаат Исуса како Месија се исто така Божји деца, наследници на ветувањата што му биле дадени на Израел (Римјаните 8,17; Галатјаните 4,7). Предноста на ваквиот однос со Христа, предноста да бидеме во Христа, е важна за целокупното христијанско единство. Овој текст исто така зборува дека Божја намера е повторно да го обедини целото човештво во Христа. А во Божјото семејство сите ние сме Божји деца, подеднакво сакани и чувани.

Поединци знаат да се збунат кога во овој текст читаат за предодреденоста (Ефешаните 1,5.11). Ветувањето дека Бог нè одбрал нас да бидеме спасени, се чини како да навестува дека Бог одлучил поединци да бидат изгубени. Но, тоа не е библиско учење. Бог подготвил план за спасение уште пред создавањето на светот, за да можат сите да бидат спасени. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот" (Јован 3,16; види: 1. Тимотеј 2,6; 2. Петрово 3,9). Бог однапред знае кој ќе го прифати неговиот дар на спасение, но тоа не е исто што и однапред да се одреди каква ќе биде нечија одлука. Спасението му е понудено на целиот човечки род благодарение на она што Христос го направил за нас. Прашањето гласи: Како одговараме на овој дар? Бог не користи сила за некого да спаси.

„На небесниот совет била донесена одлука дека луѓето, иако престапници, не треба да загинат во својата непослушност, туку преку верата во Христа, како своја Замена и Сигурност, можат да станат Божји избраници, одредени преку Исуса Христа за Негови усвоеници според благонаклонетоста на Неговата волја. Бог сака сите луѓе да бидат спасени; зашто обилни благослови се излеале кога Бог го дал својот единороден Син да го плати откупот за човекот. Оние кои ќе загинат, ќе загинат само затоа што одбиле да станат усвоени како Божји деца преку Исуса Христа" (Коментари на Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 6. книга, стр. 1114).

## РУШЕЊЕ НА ЅИДОТ

Некои од најдлабоките поделби меѓу луѓето се предизвикани поради расни, етнички и верски разлики. Во личните карти во многу општества се бележи народната или верската припадност, што често е поврзано со привилегии или ограничувања со кои луѓето секојдневно се соочуваат. Кога ќе пламнат војни или судири, овие обележја на идентитетот и разликите често стануваат поттик на репресија и насилство.

**Во Ефешаните 2,11-22, Павле укажува на подобар пат за христијанската заедница. Како нашето единство во Христа влијае на нашите разлики? Што е срушено со Исусовата смрт на крстот?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Павле ги повикува верниците од Ефес да не заборават каков бил нивниот живот порано, пред да ја примат Божјата благодат во Христа. Етничките, културолошките и верските разлики создале непријателство и судири меѓу различни групи луѓе. Но, добрата вест е таа дека во Христа сите сме еден народ, кој има ист Спасител и Господ. Сите припаѓаме на Божјиот народ. „А сега во Христа Исуса, вие кои некогаш бевте далеку, станавте близу преку Христовата крв“ (Ефешаните 2,13).

Стариот Храм во Ерусалим имал ѕид на раздвојување за одделенијата на Храмот, во кој можеле да влезат само Евреите, да бидат одвоени. На овој ѕид се наоѓал натпис кој на странците под закана со смрт им се забранувал натамошен пристап. Павле бил обвинет дека ја прекршил токму оваа уредба кога по своите мисионерски патувања влегол во Храмот. Кога бил уапсен, го обвиниле дека во одделението во храмот наменето за Евреите го внел Трофим од Ефес (Дела 21,29). Во Посланието до Ефешаните Павле тврди дека Христос е „нашиот мир, кој од двете направи едно, и го разурна преградниот ѕид, што ги делеше“ (Ефешаните 2,14).

Во Христа, верниците се Аврамови наследници и примаат обрезание на срцето. Физичкото обрежување кое Бог му го дал на Аврам, укажувало на духовното обрезание кое верниците ќе го примат во Христа (види: 5. Мојсеева 10,16). „Во Него сте и обрезани со неракотворно обрезание, со соблекување на гревовното тело, по обрезанието на Христа“ (Колошаните 2,11).

**Повторно прочитајте го текстот во Ефешаните 2,11-22. На кои начини во својата црква го воочуваме она за кое Павле пишува во овие стихови? Какви предизвици постојат денес?**

## ЕДИНСТВОТО ВО ЕДНО ТЕЛО

Павле е практичен во своите вдахнати зборови што им ги упатил на Ефешаните. Единството кое постои меѓу Евреите и незнабошците, меѓу луѓето од различни културолошки и етнички заднини, не е измислена приказна или само теоретски поим; тоа е вистина која бара „да живеете достојно според звањето во кое сте повикани“ (Ефешаните 4,1).

**Според текстот од Ефешаните 4,1-3 како треба христијаните да се однесуваат а да доликува на звањето кое го имаат во Христа?**

_______________________________________________________________

Практичното влијание на споменатите доблести и благодети во христијанскиот живот ни помага да го сочуваме „единството на Духот во врската на мирот“ (Ефешаните 4,3). Сите овие особини имаат свој темел во љубовта (1. Коринќаните 13,1-7). Вистинското изразување на љубовта ги чува односите меѓу браќата и сестрите и шири мир и единство во христијанската заедница и надвор од неа. Единството во Црквата ја покажува Божјата љубов на единствени начини за кои другите можат да сведочат. Црквата е повикана да биде таков сведок, посебно во време на борба, поделба и војни.

**Прочитајте го текстот во Ефешаните 4,4-6. Која клучна тема се јавува во овие три стиха?**

_______________________________________________________________

Павле во првите стихови од оваа глава го изразува своето најдлабоко интересирање за единството на Црквата. Текстот почнува со Павловиот повик за единство (Ефешаните 4,1-3), а потоа следи низа од седум поими кои ги обединуваат верниците (Ефешаните 4,4-6). Единството едновремено е нешто што верниците веќе го имаат (Ефешаните 4,4-6), на што треба постојано да работат и да го одржуваат (Ефешаните 4,1-3), и што претставува идна цел кон која тежнеат (Ефешаните 4,13).

„Апостолот ги повикува своите браќа со својот живот да ја покажуваат силата на вистината која тој им ја објавил. Со кротост и благост, трпение и љубов, тие треба да прикажат Христовиот карактер и благословите на Неговото спасение. Постои само едно тело и еден Дух, еден Господ и една вера. Како членови на Христовото тело, сите верници се вдахнати со истиот Дух и со истата надеж. Раздорот во црквата ја обесчестува Христовата вера пред светот и им дава прилика на непријателите на вистината да ги оправдуваат своите постапки. Павловите поуки не се запишани само за црквата во негово време. Божја намера е тие да допрат и до нас. На кој начин постапуваме ние за да го сочуваме единството ’во врската на мирот’?“ (Е. Вајт, *Testimonies for the Church*, 5. книга, стр. 239).

**Какви одлуки можете сега да донесете за да бидете сигурни дека „живеете достојно според звањето во кое сте повикани“?**

## ЦРКОВНИТЕ ВОДАЧИ И ЕДИНСТВОТО

„А секому од нас му е дадена благодатта според мерката на Христовиот дар“ (Ефешаните 4,7). Спасението е дар кој се дарува на сите луѓе кои сакаат да го примат, додека некои духовни дарови им се даваат на одредени луѓе од посебни причини.

**Прочитајте го стихот во Ефешаните 4,11. Какви дарови на водство Бог ѝ дава на црквата?**

**Според текстот во Ефешаните 4,12, која е Божјата цел кога е во прашање дарувањето посебни дарови на водството на Црквата? Во каков однос се овие дарови?**

______________________________________________________________________

Сите христијани во одредена смисла се гласници и слуги на Бога и Евангелието. Христовиот налог во Матеј 28,19.20 им налага на сите христијани да се впрегнат на работа, да создаваат ученици меѓу сите народи, да ги крштаваат и поучуваат. Службата не им е доверена само на неколкумина привилегирани, како што се пасторите или евангелските работници, туку на сите кои го носат Христовото име. Никој не може да тврди дека е слободен од работата на ширењето на Евангелието и ниту еден црковен водач не може да тврди дека неговата служба е исклучителна. Духовните дарови за водство посебно се наменети за изградба на Црква. Црковните водачи се потребни за да го негуваат, шират и поттикнуваат единството.

Врз основа на Павловата листа на дарови поврзани со водството заклучуваме дека овие улоги, исто така, треба да ги оспособат припадниците на Божјиот народ да допрат до изгубените. Одговорноста лежи на поединци во Црквата кои примиле посебен повик да им помогнат на другите да извршат служба и дело за Христа, и да го изградуваат Христовото тело, „додека сите не дојдеме до единството на верата и на познавањето на Божјиот Син, до совршениот човек, до полната мерка на Христовиот раст“ (Ефешаните 4,13). Во објавувањето на својата служба мораме да се угледаме на Исусовиот начин на водство. Исус дошол да им служи на другите, а не да Му служат (Матеј 20,25-28); и ние мораме да почнеме да постапуваме така.

Меѓу луѓето постои силен стремеж да бидат независни и пред никого одговорни. Ваквата склоност владее посебно во западното општество. Меѓутоа, Павле нѐ потсетува дека ниеден христијанин не е сам на овој свет и дека сочинуваме заедница на верни која има духовни водачи чија задача е да ни помогнат да се охрабруваме едни со други на своето заедничко патување. Сите заедно сме дел од Христовото тело.

**Какви духовни дарови имате и како ги користите за единството на својата месна црква?**

# ЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ ВО ХРИСТА

Христијанството е религија на односи: односи со Бога и едни со други. Нема смисла да тврдиме дека негуваме цврста заедница со Бога доколку таа заедница не врши влијание на односите со другите луѓе. Христијанскиот начин на живот не може да се живее изолирано. Начелата на единството за кои Павле зборува во Посланието до Ефешаните исто така можат да се применат на тоа како се однесуваме кон другите.

**Прочитајте Ефешаните 5,15-21. Што ни кажува Павле во 21 стих? Каков однос владее меѓу единството и меѓусебното слушање?**

________________________________________

________________________________________

Повикот на Павле да се слушаме меѓу себе е поврзан со изразот „туку полнете се со Духот“ од Ефешаните 5,18. Еден од начините да бидеме исполнети со Духот е да се слушаме едни со други. Тоа укажува дека треба да имаме правилен став на понизност и обѕирност кон луѓето. Секако, тоа не е вродена особина на повеќето луѓе, туку е резултат на фактот дека Духот живее во нашето срце. Тоа е дар на истиот Дух, кој е врска на единството во Христа. Од оваа гледна точка, слушањето е внатрешна особина која го изразува нашето почитување кон Христа и Неговата жртва принесена за нас.

**Прочитајте го текстот во Ефешаните 5,22-6,9. Какво влијание на нашите меѓучовечки односи во домот и на работното место врши оваа одлика да се слушаме едни со други?**

________________________________________

Во одредена мера единството во Црквата зависи од единството во домот. Павле нагласил дека единството, љубовта и почитувањето кои треба да владеат меѓу сопружниците, треба да ја прикажуваат Христовата самопожртвувана љубов кон Црквата. Според тоа, христоликото почитување во домот како и во Црквата се бара и од сопружниците и од верниците. Оваа Христова особина исто така треба да биде претставена преку пример во односите меѓу децата и родителите и вработените и работодавачите (робовите и господарите). Слогата и мирот, кои треба да го проникнуваат нашиот дом, треба да го проникнува и црковниот живот.

**Кои начела можете да ги издвоите од стиховите од денешниот отсек, а кои можат да ви помогнат подобро да сфатите како треба да се однесувате (во зависност од својата положба) кон члeновите на своето семејство или кон соработниците на работа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христос не признавал никакви разлики во поглед на националната, класната и верската припадност. Книжевниците и фарисеите сакале само тие и нивниот народ да ги користат небесните дарови, а тоа да им го скусат на останатите членови на Божјето семејство во светот. Меѓутоа, Христос дошол да го урне секој ѕид на поделба. Тој дошол да покаже дека дарот на Неговата милост и љубов е исто така неограничен како и воздухот, светлината или поројниот дожд кој ја натопува земјата.

Христовиот живот основал вера во која нема привилегирана група, вера која и Евреите и незнабошците, и слободните и робовите ги поврзува во братство на еднакви луѓе пред Бога. Тој не се осврнувал на никакви политички прашања. Не правел разлика меѓу соседот и странецот, меѓу пријателот и непријателот. На Неговото срце му била драга секоја душа која копнеела за водата на животот“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 9. книга, стр. 190.191).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Размислувајте за оваа изјава: „Божијот план е толку јасно и едноставно откриен во 4. глава во посланието до Ефешаните, што сите Негови деца можат цврсто да се држат за вистината. Тука се јасно објавени средствата коишто Тој ги одредил да го одржат единството во црквата, за да можат верниците на светот да му откријат здраво верско искуство“ (Коментари на Елена Вајт, The SDA Bible Commentary, 6. книга, стр. 1117). Што укажува на единството на Црквата во четвртата глава од Посланието до Ефешаните? Што можеме да направиме за да го зацврстиме тоа единство?**
2. **Потребата за понизност и меѓусебно слушање е суштинска кога станува збор за прашањето на единството. Како може без овие особини да постои каков било облик на единство во Црквата? Ако сме горделиви, сигурни во своите гледишта и ставови, и неподготвени да ги сослушаме другите, не можеме да оствариме единство. Како можеме да научиме да бидеме понизни и да се слушаме едни со други?**
3. **Како можеме да имаме единство дури и тогаш кога не се согласуваме околу сè?**

### ЗАКЛУЧОК

Павле во Посланието до Ефешаните дава многу совети во врска со тоа што за христијаните значи да се биде „во Христа“. Спасението во Исус го преобразува нашиот живот на практични начини. Сите наши меѓучовечки односи, вклучувајќи ги и односите меѓу браќата и сестрите во Црквата, се преобразуваат со Христова сила во нашиот живот. Оваа преобразба е клучна за да оствариме единство.

**Поука 5**
**Од 27 октомври до 2 ноември 2018**

# ИСКУСТВОТО НА ЕДИНСТВО ВО ПРВАТА ЦРКВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 1,12-14; 2,5-13; Откровение 14,12; Дела 2,42-47; 4,32-37; 5,1-11; 2. Коринќаните 9,8-15.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И беа истрајни во учењето на апостолите, во заедничкиот живот, во прекршувањето на лебот и во молитвите“ (Дела 2,42).**

Црковното единство е резултат на заедничкото духовно искуство стекнато со Исуса, кој самиот е Вистина. „Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене“ (Јован 14,6). Цврстите врски на заедништво се создаваат на заедничко духовно патување и додека се стекнува на заедничко духовно искуство. Првите христијани адвентисти го стекнале во време на Милеритското движење. Нивното заедничко искуство од 1844 г. ги поврзало нивните срца додека настојувале да пронајдат објаснување за своето разочарување. Ова искуство довело до основање на Христијанската адвентистичка црква и откривање на вистината за преадвентниот суд и на сѐ што таа опфаќа. Искуството на Исусовите ученици по Неговото вознесение на Небото сведочи за силата на Божјата реч, молитвата и заедништвото во создавањето на единството и слогата меѓу верниците од различни средини. Такво искуство може да се оствари и денес.

„Тврдам дека заедништвото е посебно важен елемент во заедничкото богослужение... За христијаните нема ништо поважно од остварувањето на духовна врска која го обединува со другите верници и со Господа Исуса Христа... Исус Христос прво ја доведува душата кај Себе, но потоа таа душа секогаш ја соединува со другите верници во Неговото тело, Црквата“ (Robert G. Rejburn, *O Come, Let Us Worship* [Grand Rapids: Baker Book House, 1980], стр. 91).

## ДЕНОВИ НА ПОДГОТОВКА

Во последните часови поминати со учениците пред својата смрт, Исус ветил дека нема да ги остави сами. Друг Утешител, Светиот Дух, ќе биде испратен да ги придружува во нивната служба. Духот ќе им помогне да се сетат на многу подробности за тоа што Исус го кажал и за она што го направил (Јован 14,26), и ќе ги води во откривањето на вистината (Јован 16,13). Во денот на своето вознесение, Исус го повторил ова ветување. „А вие, не по многу дни од денес, ќе бидете крстени со Светиот Дух... но ќе примите сила од Светиот Дух, кој ќе слезе на вас" (Дела 1,5.8). Силата на Светиот Дух ќе ги оспособи учениците да сведочат во Ерусалим, во Јудеја, во Самарија сè до крајот на земјата (Дела 1,8).
**Прочитајте го текстот во Дела 1,13-14. Што направиле учениците во тој временски период од десет дена?**

---

Овие десет дена можеме да ги сметаме за период на силна духовна подготовка, кога учениците меѓусебно ги споделување своите сеќавања за Исус, за Неговите дела, учења и чуда. „Тие сите еднодушно беа постојано во молитва и молење" (Дела 1,14).

„Додека чекале да се исполни Христовото ветување, учениците со скршено и понизно срце, со вистинско покајание, го признале своето неверство. Спомнувајќи си за зборовите што им ги упатил Христос пред својата смрт, тие поцелосно ја сфатиле нивната смисла. Вистините што исчезнале од нивното сеќавање повторно оживеале во нив, и тие си ги повторувале еден на друг. Се прекорувале самите себеси што толку погрешно го сфаќале Спасителот. Пред нив, како живи слики во некоја панорама, поминувале сцените на неговиот чудесен живот. Размислувајќи за тој чист, свет живот, чувствувале дека никаков напор не ќе биде премногу тежок, никаква жртва преголема за тие со својот живот да посведочат за убавината на Христовиот карактер. О, само кога би можеле повторно да ги доживеат последните три години - колку поинаку сега би постапувале! Само кога би можеле уште еднаш да го видат својот Учител, колку сесрдно би се труделе да му покажат колку длабоко го сакаат и колку искрено жалат ако го ожалостиле со некој збор или со каква било постапка на неверство. Но се тешеле дека сè им е простено и цврсто решиле, доколку е можно, да го окаат и да го надоместат своето неверство со тоа што бестрашно и смело ќе го признаваат Христа пред светот... Отфлајќи ги сите меѓусебни несогласија и секоја желба за превласт, тие присно се поврзале во христијанско братство" (*Делата на апостолите,* стр. 36.37. ориг.).
**Посакувате ли некоја работа повторно да ја направите кога станува збор за вашата вера? Што можете да научите од своето каење од минатото а може да ви помогне да создадете подобра иднина?**

## ОД ВАВИЛОН ДО ПЕДЕСЕТНИЦА

Деновите на духовни подготовки, по Исусовото вознесение, го достигнале својот врв во настаните на денот Педесетница. Во првиот стих од втората глава во Дела апостолски стои забележано дека тој ден, пред Светиот Дух да се излее над учениците, сите биле заедно, „еднодушно“ на едно место (Дела 2,1).

Педесетница во Стариот завет била вториот од трите главни празници на кој требало да присуствува секое машко од израелскиот народ. Се одржувала педесеттиот ден (на грчки *pentekoste* значи педесетти ден) по Пасха. За време на овој празник Евреите, како дар на благодарност, ги изнесувале пред Бога првите плодови на летната жетва.

До Исусово време Педесетница, исто така, најверојатно го опфаќала и прославувањето за добивањето на Законот на горага Синај (2. Мојсеева 19,1). Според тоа, непроменливоста и важноста на Божјиот закон овде го забележуваме како составен дел од христијанската порака за Исуса, чија смрт им нуди проштавање на сите кои ќе се покајат поради кршењето на Божјиот закон. Не е чудно затоа што еден од клучните текстови за последните денови се занимава и со Законот и со Евангелието: „Тука е трпението на светиите; тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус“ (Откровение 14,12).

Исто така, како и на горага Синај, кога Мојсеј ги примил Десетте заповеди (2. Мојсеева 19,16-25; Евреите 12,18), на денот Педесетница се случиле бројни неверојатни настани. „Тогаш ненадејно се создаде шум од небото, како силен ветар кога дува, и ја исполни целата куќа, каде што седеа. И им се јавија јазици како од пламен, кои се разделуваа и се спуштија по еден над секого од нив посебно“ (Дела 2,2-4).

**Прочитајте Дела 2,5-13. Зошто е значаен овој неверојатен настан?**

____________________________________________________________

Педесетница требало да биде радосен празник, празник на искажување благодарност на Господа за обилните благослови. Тоа е можеби причината што учениците лажно ги обвиниле дека се опијаниле (Дела 2,13-15). Божјата сила посебно се открила преку чудото на говорење и слушање различни јазици. Евреите од целото Римско царство, кои дошле во Ерусалим за овој празник, секој на својот јазик ја слушнал пораката за Исус Месија.

Педесетница на единствен начин помогнала да се поништат последиците од расејувањето на првобитното човечко семејство и основање на многубројни народи во времето на градење на Вавилонската кула. Чудото на благодатта започнува повторно да го обединува човечкото семејство. Единството на Божјата црква на глобално ниво сведочи за природата на Неговото царство и обновувањето на она што е изгубено во Вавилон.

## ЕДИНСТВОТО И ЗАЕДНИШТВОТО

Како одговор на проповедта на Петар и повикот на покајание и спасение, околу три илјади луѓе донеле одлука да го прифатат Исуса како Месија и исполнување на старозаветното ветување дадено на Израил. Бог дејствувал во срцата на сите овие луѓе. Многумина слушнале за Исус некаде далеку и можеби патувале во Ерусалим со надеж дека ќе го видат. Некои можеби го виделе Исуса и ја слушнале Неговата порака за спасението, но не станале Негови следбеници. На денот Педесетница, Бог на чудесен начин дејствувал во животот на учениците и ги употребил како сведоци на Исусовото воскресение. Сега знаеле да луѓето во Исусово име можат да примат проштавање на гревовите (Дела 2,38).

**Прочитајте го текстот во Дела 2,42-47. Какви активности извршувале овие први Исусови следбеници како заедница на верници? Како настанало ова нивно неверојатно единство и заедништво?**

---

Извонредно е тоа што оваа заедница од нови верници најпрво се посветила на учењето на апостолската наука. Библиското поучување е важно бидејќи им овозможува духовен раст на новите верници. Исус им дал налог на своите ученици да ги научат на „сè што Сум ви заповедал“ (Матеј 28,20). Оваа нова заедница времето го поминувала учејќи од апостолите за Исуса. Веројатно дознале многу повеќе за животот на Исус и за неговата смрт, за Неговите учења, параболи и проповеди како и за Неговите чуда. Сево ова било објаснето како исполнување на еврејското Писмо во списите на пророците.

Времето, исто така го поминувале во молитва и кршење на леб. Не е доволно јасно дали кршењето на лебот се однесува на Господовата вечера или едноставно на заеднички оброци, како што ни навестува текстот во Дела 2,46. Спомнувањето на заедништвото сигурно упатува на тоа дека оваа нова заедница често и редовно поминувала време во Храмот во Ерусалим, кој и понатаму служел како центар на нивното богослужение и молитва, како и во приватните домови. Ја негувале блискоста. Јаделе и се молеле заедно. Молитвата е суштински елемент на заедницата на верните, и е многу важен за духовниот раст. Новата заедница одржувала и заеднички богослужби. Сите овие активности ги правеле, како што ни е кажано, „заедно“.

Ова постојано заедништво создало добри односи со другите луѓе во Ерусалим. За новите верници забележано е дека биле „омилени кај сиот народ“ (Дела 2,47). Несомнено е дека дејствувањето на Светиот Дух во нивниот живот оставило силен впечаток кај луѓето околу нив и дека послужил како моќно сведоштво за вистината дека Исус е Месија.

**Што може вашата месна црква да научи од овој пример за единството, заедништвото и сведочењето?**

## ВЕЛИКОДУШНОСТ И ЛАКОМОСТ

Според зборовите на Лука, една од природните последици на заедништво кое Исусовите следбеници го искусиле по Педесетница била нивната меѓусебна поддршка. „А сите кои поверуваа беа заедно и сè им беше општо. И продаваа стоки и имоти и тоа го делеа на сите, секому според неговата потреба“ (Дела 2,44.45).

Делењето на заедничките добра не било барање на заедницата, туку доброволно дело на нивната меѓусебна љубов во заедништвото кое го доживеале. Тоа бил и конкретен израз на нивното единство. За оваа меѓусебна поддршка која траела извесно време, повеќе подробности дознаваме од 4. и 5. глава во книгата Дела апостолски. Оваа тема ја наоѓаме и на други места во Новиот завет, како што ќе видиме подоцна.

Во овие рамки, Варнава се спомнува за прв пат. Се чини дека бил богат човек кој поседувал многу земја. Продавајќи го својот имот во полза на заедницата, им донел пари на апостолите (Дела 4,36.37). Варнава е претставен како пример кој треба да се следи.

**Прочитајте ги стиховите во Дела 4,32-37; 5,1-11. Споредете го однесувањето на Варнава и неговите ставови со однесувањето и ставовите на Ананија и Сафира. Во што погрешила оваа брачна двојка?**

Покрај гревот што го направиле лажејќи го Светиот Дух, покажале и себичност и лакомост. Ниеден грев не може побрзо да го уништи заедништвото и братската љубов како што можат себичноста и лакомоста. Ако Варнава служи како позитивен пример на духот на заедништвото во Првата црква, Ананија и Сафира се спротивност на тоа. Лука е чесен и бележи извештај за помалку благородни луѓе во заедницата. Последната од десетте заповеди (2. Мојсеева 20,1-17), која зборува за лакомоста, се разликува од останатите. Додека останатите заповеди укажуваат на делата кои видливо ја прекршуваат Божјата волја за човечкиот род, последната заповед се однесува на она што е скриено во срцето. Гревот на лакомоста не претставува дело, туку мисловен процес. Лакомоста, како и нејзината придружничка - себичноста, не е видлив грев туку состојба на грешната човечка природа. Тој станува видлив само кога се пројавува преку себичните дела, како што видовме во случајот со Ананија и Сафира. Во одредена смисла, последната заповед ни го открива коренот на злото пројавен во делата кои се осудени од сите останати заповеди. Нивната лакомост го отворила патот за влијанието на сатаната, кој ги натерал да го излажат Бога, слично на она што лакомоста на Јуда го натерала да го направи своето зло дело.

**На кои начини можеме да ја искорениме лакомоста од својот живот? Зошто упатувањето пофхвала и благодарност за она што го имаме е силна одбрана од ова зло?**

## СЕЌАВАЈТЕ СЕ НА СИРОМАШНИТЕ

Делењето средства често бил видлив израз на единството во Првата црква. Великодушноста опишана во првите глави од Дела апостолски продолжува и понатаму со повикот на Павле упатен до црквите што ги основал во Македонија и Ахаја да им помогнат на сиромашните во Ерусалим (види: Дела 11,27-30; Галатјаните 2,10; Римјаните 15,26; 1. Коринќаните 16,1-4). Тој дар станува видлив показател за фактот дека црквите, кои главно се состојат од верници од незнабоштвото, се грижат за браќата и сестрите од еврејско потекло во Ерусалим. И покрај културолошките и етничките разлики, тие сочинуваат едно тело во Христа и заедно негуваат исто Евангелие. Ова помагање на оние што се во неволја не само што го открива единството кое веќе постоело во Црквата туку и го јакне.

**Прочитајте го текстот во 2. Коринќаните 9,8-15. Според зборовите на Павле, каков ќе биде резултатот од великодушноста која ја покажала црквата од Коринт?**

___

Искуството на единството во Првата црква покажува што може и денес да се оствари. Но, единството не се случило без доброволната посветеност на сите верници. Водачите на Првата заедница сметале дека нивната служба се состои во тоа да го негуваат единството во Христа. Како што љубовта меѓу мажот, жената и децата претставува посветеност која секојдневно мора да се негува, така е и со единството меѓу верниците. Единството кое го имаме во Христа, на бројни начини се поттикнува и станува видливо.

Очигледните фактори кои го поттикнувале ова единство во Првата црква биле молитвата, богослужението, заедништвото, заедничката визија и проучувањето на Божјата реч. Не само што сфатиле дека нивна мисија е да го проповедаат Евангелието на сите народи туку и дека имаат одговорност да покажат меѓусебна љубов и грижа. Нивното единство се покажувало во нивната великодушност и меѓусебна поддршка внатре во локалните заедници, но и пошироко, меѓу црковните заедници, иако ги раздвојувале големи далечини.

„Нивното доброчинство покажало дека не ја примиле напразно Божјата благодат. Што довело до таква дарежливост ако не посветувачкото влијание на Светиот Дух? Во очите на верниците и неверниците тоа навистина било чудо на Божјата милост“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 344. оригинал).

**На кои начини вие и вашата црква сте ја искористиле предноста на великодушност кон другите? Односно, какви благослови се излеваат над оние кои им даваат на другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Педесетница“ во книгата на Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 35-46 оригинал.

„Таа великодушна дарежливост на верниците била последица на излевањето на Светиот Дух. Оние што го прифатиле евангелието биле “едно срце и една душа”. Нив ги раководела една заедничка желба - успехот на мисијата што им била доверена, и алчноста немала место во нивниот живот. Големата љубов кон браќата и кон делото што го прифатиле била многу поголема од љубовта кон парите и имотот. Со своите дела тие сведочеле дека вредноста на човечката душа ја ценат повеќе од секое земно богатство.

Така е секогаш кога Божјиот Дух владее со човечкото срце и живот. Оние, чиишто срца ги исполнува Христовата љубов, ќе го следат примерот на Оној кој осиромашил за ние да се збогатиме со неговото сиромаштво. Парите, времето, угледот и влијанието - сите дарови што ги примиле од Божјите раце - тие ќе ги ценат само како средство за напредок на неговото дело. Така било во првата црква. А кога во црквата на нашите денови ќе се покаже дека верниците, благодарение на силата на Духот, се одвратиле од земните работи и дека се подготвени да поднесат жртва за нивните ближни да можат да го слушнат евангелието, тогаш објавувањето на вистината ќе има силно влијание врз слушателите“ (*Делата на апостолите,* стр. 70.71. ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Потсетете се на факторите што се споменуваат во поуката за оваа седмица кои помогнале да се создаде единството кое владеело во Првата црква. Како Црква која опстојува во денешно време, како можеме да постапуваме слично? Односно, што можеби ни недостасува во споредба со она што се случувало меѓу верниците во тоа време?**

**2. Како примерот на овие рани новозаветни цркви, кои давале великодушни дарови за да им помогнат на сиромашните во Ерусалим, покажува што треба ние денес да правиме? Што е со другите општествени прашања? Како месните цркви можат да се вклучат во животот на својата заедница за да ја ублажат сиромаштијата и да ги обезбедат другите основни потреби?**

**3. Кои поуки можеме да ги извлечеме од тажниот извештај за Ананија и Сафира? Зошто изразот „голем страв“ кој влегол во Црквата, а го пронаоѓаме во текстовите од Дела 5,5 и Дела 5,11, е важен во врска со овие два вида на смрт?**

ЗАКЛУЧОК

Првата црква доживеала брз раст затоа што Исусовите ученици се подготвувале за излевање на ветената сила на Светиот Дух. Нивното заедништво и заедничката вера биле средства кои Светиот Дух ги употребил за да ги подготви нивните срца за денот Педесетница. По Педесетница, Светиот Дух продолжил да ја преобразува оваа нова заедница, што се покажало во нивната великодушност и брзиот раст на Црквата.

**Поука 6**
**3 - 9 ноември 2018**

# СЛИКИ ЗА ЕДИНСТВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Петрово 2,9; 2. Мојсеева 19,5.6; Ефешаните 2,19-22; 1. Коринќаните 3,16.17; 12,12-26; Јован 10,1-11; Псалм 23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, како што е телото едно, а има многу членови, и сите членови на телото, иако се многу, едно тело се, така е и Христос“ (1. Коринќаните 12,12).**

Секој оној што ја проучува Библијата знае дека во неа се наоѓаат слики и симболи кои укажуваат на стварноста која е повозвишена од самите слики и симболи. На пример, целокупниот библиски жртвен систем во одредена смисла е симбол на многу повозвишена стварност: на Исус и целиот план на спасение.

Мноштво други слики се користат во Библијата, понекогаш и основни елементи, како што се вода, оган и ветар. Во зависност од рамките на текстот, овие слики се однесуваат на духовните и теолошките вистини. На пример, кога Исус рекол: „Ветерот дува каде што сака, и го слушаш неговиот шум, а не знаеш од каде доаѓа и каде оди. Така е со секој, кој е роден од Духот“ (Јован 3,8), ветерот е употребен како симбол на Светиот Дух.

Во Библијата со бројни слики се опишува единството какво што го воочуваме во Црквата, какво што Бог нè повикува да го покажеме пред светот. Секоја поединечна слика не е потполна сама по себе. Овие слики, всушност, како целина откриваат многу подробности за црковното единство, како што е односот на Црквата кон Бога, меѓусебниот однос на верниците, односот на Црквата кон заедницата како целина.

Во поуката за оваа седмица ќе разгледаме некои од овие слики и ќе видиме што ни откриваат тие за единството во Христа.

## БОЖЈИОТ НАРОД

**Прочитајте ги стиховите: 1. Петрово 2,9; 2. Мојсеева 19,5.6; 5. Мојсеева 4,20; 7,6. Што ни кажуваат тие за посебната положба на Божјиот народ?**

---

Црквата ја сочинуваат луѓе, но не какви било луѓе. Црквата ја сочинува Божјиот народ, народ кој му припаѓа на Бога, кој го признава Бога како свој Татко и Спасител, народ кој е откупен од Христа и кој му е Нему послушен. Оваа слика ја нагласува идејата дека Бог има народ на Земјата уште од воведувањето на планот на спасението и дека постои поврзаност меѓу Израел во Стариот завет и Црквата во Новиот. Од времето на Адам, патријарсите пред и по потопот, и Аврам, Бог склучува завет со својот народ за да стане претставник на Неговата љубов, милост и правда во светот.

Божјиот народ се нарекува „избран род“, „царско свештенство“ и „свет народ“. Овие изрази укажуваат дека народот е издвоен за посебна служба: „За да ги прогласите славните дела на Оној, кој ве повика од темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9). Исто така, ова е одек на Божјиот милостив карактер, опишан во 2. Мојсеева 34,6.7. „Бог ја прифатил Црквата како своја посебна своина за членовите да можат да ги одразуваат Неговите благородни црти на карактерот во својот живот и да ја објавуваат Неговата добрина и милост на луѓе“ (*The SDA Bible Commentary*, 7. книга, стр. 562).

**Што го поттикнало Бога да ги избере потомците на Аврам како свој народ? 5. Мојсеева 7,6-8. Како ова може денес да се примени?**

Можеби би можеле да се запрашаме која земја денес заслужува да го носи називот „свет народ“ (уште една слика на Црквата)? Ниту една. Сите народи и етнички групи ги сочинуваат луѓе кои не ја заслужуваат Божјата љубов и благодат. Иако Библијата нѐ повикува да бидеме свет народ, Писмото исто така нѐ учи дека изборот и основањето на Израел во потполност било втемелено на Неговата љубов, а не на заслугите кои човечките суштества можат да ги изнесат пред Него. Основањето на Божјиот народ е чин на љубов – и покрај гревот и отпадништвото на народот на општо ниво – Бог го одржал своето ветување дадено на Аврам дека преку неговото семе, Христос, ќе го спаси својот народ. Како што бирањето на Божјиот народ било чин на Неговата благодат, така е и со Неговото спасение. Оваа тема нѐ потсетува на нашиот заеднички удел во незаслужената Божја благодат.

**Зошто пред себе секогаш мора да ја имаме светата вистина дека нашето спасение почива на она што Христос го сторил за нас, а не на она што ние можеме да го направиме за себе, иако сме „Божји народ“?**

## БОЖЈЕТО СЕМЕЈСТВО

Уште една слика за Божјиот народ во Новиот завет е сликата на домот или Божјето семејство. Токму метафората за каменот и градбата ја истакнува сложената и заемно зависна природа на човечките односи во Црквата. Петар зборува за христијаните како за „жив камен“ (1. Петрово 2,5). Оваа метафора упатува и на особината трајност и цврстина.

**Прочитајте Ефешаните 2,19-22. Кои клучни идеи ги нагласува Павле во овој текст? Што ни кажува оваа слика за единството во Црквата?**

____________________________________________________________________________

Павле во овој текст спојува две слики за Црквата: една неподвижна, куќа или градба; а другата, жива - човечкото семејство.

Каменот сам по себе нема голема вредност, но кога ќе се спои со други камења, станува целина која може да им одолее на бурите на животот. Ниту еден христијанин не може да биде камен сам за себе, туку мора да се поврзе со другите во заедницата на Божјето семејство. За да биде градбата цврста, мора да лежи на цврст темел. Исус Христос е тој темел, и „аголен камен“ на Божјиот дом (види: 1. Коринќаните 3,11). Исто така, Црквата би престанала да постои доколку не го направи Христос аголен камен на своите активности. Црквата проповеда за Исуса Христа: за Неговиот живот, смрт, воскресение и враќање. Црквата обединува заедницата во нејзината намера да ја шири Радосната вест за Христа во светот. Црковната програма за работа се темели на Исуса: кој е Тој, што направил за нас и што прави во нас, што им нуди на оние кои ќе Го прифатат како Господ и Спасител.

Исто така, значајна е и сликата на семејството. Таа почива на меѓучовечките односи. Тоа е познатата слика на татко и мајка, браќа и сестри. Врските меѓу членовите на семејството можат да бидат силни, а верноста која во тие односи се јавува, често ги надминува сите други надворешни врски. Верноста има голема улога во единството, бидејќи, како би можело да постои какво било единство без верност.

Како оваа слика се однесува на Црквата? Верниците се исто така дел од големото семејство. Ние сме поврзани, не само затоа што му припаѓаме на човечкото семејство преку заедничкиот предок Адам, туку и затоа што сме поврзани со Исуса, вториот Адам, преку заедничкото искуство на „ново раѓање“. Според тоа, меѓусебно се обединуваме не само поради библиските вистини кои ни се доверени туку и поради искуството на обратените души кои имаат нов живот во Христа.

**За жал, немаат сите убаво искуство со своето семејство. Можеби затоа таа слика нема многу да им значи. Како ние, како Црква, можеме да станеме семејство кое овие луѓе никогаш го немале?**

## ХРАМ НА СВЕТИОТ ДУХ

Павле користи уште една слика на градба, слика на Божјиот храм или храм на Светиот Дух. Во прашање е слика на скапоцена и вредна градба. Заедно со текстот од 1. Коринќаните 6,19, во кој сликата упатува на човековото тело како храм на Светиот Дух, Павле во 1. Коринќаните 3,16.17 ја користи таа слика за да укаже на најсветата и најдрагоцената градба на Блискиот исток – Божјиот храм.

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 3,16.17. Што значи тоа дека Црквата е храм на Светиот Дух? Каква опомена е дадена во 17. стих?**

Кога зборува за Црквата, Павле очигледно не мисли на физички храм или место како Божје престојувалиште. Во грчкиот јазик во Новиот завет постои разлика меѓу обликот во второ лице еднина и множина. Во овој случај употребен е обликот за множина „вие“. Ова споредување укажува на заедничкиот ентитет: христијаните во Коринт заедно го сочинуваат храмот на Светиот Дух, и во духовна смисла Бог престојува меѓу нив.

Според зборовите на Павле, Бог престојува внатре во христијанската заедница; и оттука е неговото предупредување дека секој кој ќе се обиде да ја уништи оваа заедница ќе ги трпи последиците на судот. Единството на верниците се наоѓа во срцевината на оваа заедница и Божјето присуство во овој храм. Иако овој текст често се користи во смисла на грижа за човечкото тело (што христијаните, секако, мора да го прават), Павле овде не сакал тоа да го нагласи. Впрочем, неговата порака е опомена во врска со оние кои ќе го уништат единството на Црквата. Уште на почетокот од оваа глава Павле го изразува своето мислење за тоа што претставува предизвик за единството: „Зашто сте уште телесни. Не сте ли телесни и не живеете ли како обичните луѓе, штом меѓу вас има завист, спорови и поделба“ (1. Коринќаните 3,3). Ваквите односи и однесување се вистинска закана за христијанското единство и причина за повлекувањето на Божјото присуство од Неговиот храм. Со други зборови, конфликтите во Црквата можат да го уништат Божјиот храм. Според тоа, тој сака верниците да го напуштат таквото држење или владеење кое му се заканува на црковното единство.

Кога ќе искрснат судири во Црквата, советот на Павле, упатен до Коринќаните, може и денес да се примени: „Браќа, ве прекорувам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите да зборувате исто и да нема раздори меѓу вас, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во една мисла“ (1. Коринќаните 1,10).

**Љубомора, кавги и поделби – тоа не се потешкотии со кои црквата се соочувала само во времето на Павле. И ние денес се соочуваме со тоа. Каква улога има секој од нас во настојувањето да ги реши овие проблеми на начин на кој нема да се загрози нашето единство?**

# ХРИСТОВОТО ТЕЛО

Можеби најпознатата слика на Црквата, која на најмоќен начин зборува за единството на нејзините различни членови, е сликата на Христовото тело. „Зашто, како што е телото едно, а има многу членови, и сите членови на телото, иако се многу, едно тело се, така е и Христос... А вие сте Христово тело, а поодделно, членови“ (1. Коринќаните 12,12.27).

Како што телото е една целина составена од различни делови и органи, од кои секој има посебна улога и одговорност, така е и Црквата како Христово тело.

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 12,12-26. Како оваа слика на едно тело со многу членови може да се примени на вашата месна црква? Како може да се примени на светската организација како што е Христијанската адвентистичката црква?**

Учењето на Павле во 12. глава во 1. Коринќаните ја изнесува длабоката стварност дека вистинското христијанско единство не е само во различноста, и сигурно не е наспроти различитоста, туку преку различноста. Не треба да нè изненади тоа што Светиот Дух е извор на овие изрази на различноста. Како што човечкото тело е неверојатно обединето и едновремено восхитувачки различно, такво е во идеална смисла и Христовото тело, кое преку оваа различност ја изразува целокупноста и богатството на Христовото тело.

Оваа слика непосредно ни зборува нам како Црква. Во последните неколку децении, Христијанската адвентистичка црква растеше многу брзо. Составена е од луѓе со различно потекло од речиси секоја култура и средина. Не треба да им се дозволи на етничките, расните, културолошките, образовните и старосните разлики да нè поделат во Христа. Ако ништо друго, оваа различност треба да биде обликувана со Светиот Дух како сила за единство, откривајќи ни ја вистината дека, и покрај овие разлики, сите сме едно во Христа.

Како што видовме, во подножјето на крстот сите сме еднакви, без оглед на тоа кои сме и од каде сме. Додека светот околу нас сè повеќе се дели, Црквата мора да покаже дека единството во различноста е достижно. Божјиот народ може да ја покаже исцелувачката и помирувачка сила на Евангелието.

Извонредно е тоа што Павле ни зборува дека овој идеал може да се оствари. „како што е и Христос Глава на Црквата, и Тој е Спасител на Телото“ (Ефешаните 5,23) „Тој е и Глава на Телото, на Црквата“ (Колошаните 1,18). Секој верник духовно е поврзан со Христа, и според тоа целото тело се храни со истата храна. Ние не можеме да ја пренагласиме важноста на проучување на Божјата реч, на послушност кон она сме го научиле од Божјата реч и на заедничките искуства во богослужението и молитвата за единство во Христовото тело.

# ПАСТИРОТ И ОВЦИТЕ

**Прочитајте: Јован 10,1-11. Кои аспекти од оваа споредба на Црквата со трло ни зборуваат за единството? Види: Псалм 23.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Во современиот свет во кој има многу големи градови, луѓето ретко имаат прилика да го видат одгледувањето на добитокот. Повеќето луѓе денес знаат многу малку за односот на пастирот и овците. Но, кога Исус ја раскажал оваа приказна, луѓето добро Го разбрале. Кога рекол: „Јас Сум добриот Пастир", веднаш препознале и сфатиле дека тоа упатува на првиот стих од 23. псалм: „Господ е Пастир мој." Сликата не само што е јасна, туку е и полна со емоционални вредности кои ја прават жива. Во старата култура на Блискиот исток, а и денес на Средниот исток, пастирите се познати по тоа дека се посветени на грижата за овците без оглед на предизвиците. Личноста на пастирот станала една од најомилените слики со која во Писмото се опишува Божјиот каракте и Неговиот однос со својот народ.

Сликата на Божјиот народ како овци е интересна слика. Овцата често остава впечаток кај нас со својата мила и беспомошна природа. Тие зависат од заштитата и водството на добриот пастир. Искрено, тие не се сметаат за мудри. Овците понекогаш ненамерно се губат, па овчарот ги бара и ги враќа во стадото. Јагнињата често треба да се носат и да им се пружи дополнителна нега. Потребно е големо трпение и разбирање кога е во прашање грижата за овците. Ова на многу начини е совршена слика за да се претстави Црквата. Верникот не треба од ништо да се плаши кога е во заедница со Пастирот, во неа може да добие сè.

Исус, исто така, во оваа парабола нагласил колку е важно овцата да го слуша гласот на пастирот. Кога приликите налагаат така, во едно исто бачило или трло можат да се засолнат неколку стада. Како е можно подоцна да ги разделат? Пастирот само треба да застане на вратата на трлото и да ги повика. Неговите овци ќе го препознаат неговиот глас и ќе тргнат кон него. „Кога ќе ги истера своите овци, оди пред нив и овците одат по него, зашто го познаваат неговиот глас" (Јован 10,4). Многу е важно Црквата да го слуша гласот на овчарот. Всушност, единството и сигурноста на Божјиот народ зависи од тоа колку блиску и непосредно се поврзани со покорна послушност на Неговиот глас.

**Луѓето обично не сакаат да бидат споредени со овци. Сепак, зошто оваа метафора е соодветна? Што ни кажува оваа слика за тоа колкава е нашата потреба за Пастирот и потребата да го слушаме Неговиот глас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Божествениот пастир“ во книгата на Елена Вајт Копнежот на вековите.

„Во контекст на Храмот во Ерусалим, како и многубројните грчко-римски градби, писателите од Новиот завет го користат споредувањето со храмот за да им овозможат на верниците да создадат слика за светоста на Црквата, за Божјата улога во основањето на црквата и нејзиниот раст, за природата на Христовата работа и дејствувањето на Светиот Дух, за солидарноста на верниците во Црквата. Се чини дека полето на архитектурата навестува статична слика. Меѓутоа, оваа споредба е поврзана со жива слика, при што често се нагласува процесот на изградба. Наместо пред нас да се најде само статична слика, ние сме поттикнати да создадеме слика за процесот на изградба, а не за завршена градба. На црквата ѝ е дадена чудесно предимство во својот живот и искуство понизно да ја прифати црквата на живиот Бог (2. Кор. 6,16)“ (Џон Маквеј, „Biblical Metaphors for the Church: Building Blocks for Ecclesiology“, *Message, Mission, and Unity of the Church* [Hagerstown, Md.: Review and Herald, 2013], стр. 52).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте за библиските слики на Црквата. Која најмногу ви се допаѓа? Зошто токму таа најмногу ве привлекла? Во следните текстови: 1. Тимотеј 3,15; 2. Тимотеј 2,3-5; 1. Петрово 2,9 можеме да пронајдеме уште некои споредби поврзани за Црквата. Кои други поуки можеме да ги извлечеме од овие метафори за Црквата?**

**2. „Бог сака Неговиот народ меѓусебно да се поврзе со најтесните врски на христијанското заедништво; меѓусебната доверба на членовите е многу важна за напредок на црквата; посебно е значајно заедничкото дејствување во тешките кризи. Еден невнимателен чекор, една непромислена постапка може да ја втурне црквата во тешкотии и искушенија од кои со години нема да може да се ослободи“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church,* 3. книга, стр. 446). Што треба да научиме од ова предупредување за тоа колку внимателно мора да настојуваме да го зачуваме единството во Црквата? Каква улога секој од нас има во таа света одговорност?**

**3. Во отсекот за недела нагласено е дека дури и како „Божји народ“ мораме да се потпираме само на Божјата благодат кога е во прашање спасението, а никогаш на сопствените заслуги. Всушност, зар не можеме да тврдиме дека и самото наше потпирање на Божјите заслуги е тоа што нè прави „Божји народ“? Зошто ова тврдење е точно а зошто не?**

ЗАКЛУЧОК

Во Новиот завет се користат различни споредби за да се опише природата и мисијата на Црквата. Што е уште поважно, овие метафори нè учат дека Бог внимателно се грижи за својот народ и го штити. Од овие слики учиме дека Божјиот народ е тесно меѓусебно поврзан и дека сме си потребни едни на други за да го завршиме делото на кое сме повикани.

**Поука 7**
**10 - 16 ноември 2018**

# КОГА ЌЕ ДОЈДЕ ДО КОНФЛИКТИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 6,1-6; Дела 10,1-23; Матеј 5,17-20; Дела 11,3-24; Дела 15,1-22; Амос 9,11.12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто сите, кои се крстивте во Христа, се облековте со Христа. Нема веќе ни Јудеец ни Грк, нема веќе ни роб ни слободен, нема веќе ни машко ни женско, зашто вие сите сте едно во Христа Исуса“ (Галатјаните 3,27.28).**

Една од најтешките задачи на секоја христијанска заедница е да го одржи единството кога ќе се појават разлики во мислењата по прашањата кои се однесуваат на идентитетот и мисијата на Црквата. Овие разлики можат да доведат до разорни последици.

Денешните христијански заедници по ништо не се разликуваат од новозаветните. Луѓето се луѓе, и различни мислења, дури и за најважните прашања, неминовно ќе се појават. Раните христијани се соочиле со одредени несогласувања кои потекнале од меѓусебните предрасуди и сериозни разлики во толкувањето на старозаветните извештаи и обичаи. Овие конфликти можеле да ја уништат Црквата во зачеток ако немале претпазливи апостоли и водачи кои при решавањето на овие напнатости го барале водството на Светиот Дух и го истражувале Писмото.

Пред неколку седмици проучувавме како Првата црква го доживеала единството. Оваа седмица ќе видиме како Првата црква ги решила внатрешните судири кои го поткопувале нејзиното единство и се заканувале на нејзиниот опстанок. Кои конфликти биле во прашање, како биле решени и што денес можеме да научиме од тие искуства?

## ПРЕДРАСУДИ НА НАЦИОНАЛНА ОСНОВА

**Прочитајте го стихот во Дела 6,1. Што ги натерало верниците на Првата црква да се жалат во врска со распределбата на храната за вдовиците?**

___

___

Се чинело дека некои од првите христијани негувале предрасуди кон грчките вдовици во својата средина и дека им давале помалку храна отколку на еврејските вдовици. Оваа забележана пристрасност предизвикала јаз во првата заедница на верници. Дали таа пристрасност била вистинска или не, текстот не ни кажува. Кажано е само оти поединци верувале дека постои. Ова несогласување се заканувало многу рано да го загрози црковното единство. Интересно е што таква етничка поделба многу брзо била забележана во Црквата.

**Прочитајте го текстот во Дела 6,2-6. Кои едноставни чекори ги презела Првата црква за да го реши ова недоразбирање?**

___

___

Првата црква брзо растела и тој раст бил причина товарот врз грбот на апостолите да натежне уште повеќе. Именувањето на овие седум личности, како што традиционално се нарекуваат „ѓакони“ (иако во Новиот завет не се спомнати со тоа име), ја ублажило напнатоста во ерусалимската црква и овозможило учество на поголем број луѓе во црковната служба.

Апостолите внимателно ги слушале жалбите на верниците од грчко потекло и побарале соодветно решение. На оваа група ѝ бил доверен изборот на седумте помошници на апостолите, и тие препорачале седум ученици од кои сите биле Грци. За тие ученици кажано е дека се „чесни луѓе, полни со Светиот Дух и премудрост“ (Дела 6,3). Службата на апостолите, која дотогаш опфаќала и проповедање на Божјата реч и делење храна на вдовиците, била поделена на две групи, од кои секоја извршувала подеднакво драгоцена служба во објавувањето на Евангелието. Лука го користи истиот збор „служба“ (*diakonia*), да укаже и на службата на апостолите во проповедањето на Речта (Дела 6,4) и на службата на ѓаконите при делењето на храната (Дела 6,1).

**Зошто е значаен фактот дека водачите ги повикале верниците (Дела 6,2) во настојувањето да пронајдат вистинско решение?**

## ОБРАТУВАЊЕ НА НЕЗНАБОШЦИТЕ

Обратувањето на незнабошците и прифаќањето на Евангелието на Исуса Христа во *Дела апостолски* ја поставува сцената за најголемиот судир во животот на Првата црква, судир кој се заканува да го загрози нејзиното постоење и мисија.

**Прочитајте ги стиховите во Дела 10,1-23. Што во овој текст ни навестува дека Светиот Дух дејствувал на срцата на многу луѓе подготвувајќи го патот за незнабошците да го примат Евангелието?**

___

___

Петар, сигурно сметал дека ова видение е доста необично. Бил запрепастен од него бидејќи, како верен Евреин, никогаш не вкусил нечиста или погана храна, како што и законот барал (види: 3. Мојсеева 11; Езекиел 4,14; Даниел 1,8). Но, целта на ова видение не била да се укаже на начинот на исхрана, туку на пречките кои постоеле меѓу Евреите и назнабожците, а кои го спречувале ширењето на Евангелието. Тие, во најмала рака, биле раширени во стариот свет како што се и денес.

Во првите децении христијани главно станувале Евреите кои го прифатиле Исуса како Месија, ветен во старозаветните пророштва. Овие први верници биле верни Евреи кои го почитувале законот онака како што биле учени. Тие не сметале дека Евангелието на Исуса Христа ги избришало или укинало старозаветните прописи (види: Матеј 5,17-20).

**Прочитајте Дела 10,28.29.34.35. Како Петар го сфатил значењето на видението кое го примил во Јопа? Што го навело на вакво толкување?**

___

___

Во Дела апостолски забележуваме дека Светиот Дух го подготвувал патот незнабошците да бидат примени во христијанската заедница. Можеле да ѝ се придружат, без претходно да пристапат кон обрежување и најпрво да станат Евреи. Излевањето на Светиот Дух на Корнилиј и членовите на неговото семејство, што го доживеале Исусовите ученици на денот Педесетница (Дела 10,44-47), ги уверило и Петар и неговите пријатели дека тоа навистина е Божја волја. Ако Светиот Дух може да се излее на незнабошците на ист начин ако и на Евреите, тогаш очигледно е дека обрежувањето не било предуслов некој да поверува во Исуса како во Месија. Овој заклучок ја трасирал патеката за главниот теолошки конфликт меѓу првите христијани.

## ВОДСТВОТО НА ДУХОТ

Веста за тоа што му се случило на Корнилиј во Ќесарија наскоро дошла и до водачот на христијанската заедница во Ерусалим, и тие побарале од Петар да им каже што навистина се случило. Биле навредени од она што Петар го направил бидејќи, според нивното еврејско разбирање на Мојсеевиот закон, на верните Евреи не им било дозволено да јадат со незнабошците (Дела 11,3).

**Прочитајте го текстот во Дела 11,4-18. Како Петар го објаснил дејствувањето на Светиот Дух и Неговото водство во овој настан? Што посебно нагласил кога го прераскажувал овој настан?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Иако поединци го поставиле прашањето за исправноста на постапките на Петар и неговата одлука да ги крсти незнабошците, доволен број сведоци (Дела 11,12) потврдиле дека Светиот Дух навистина дејствувал како и на денот Педесетница. Водството и насочувањето на Светиот Дух во овој случај е непобитно, а дарот е прифатен. „Кога го чуја тоа, се смирија и Го славеа Бога, велејќи: 'И така, Бог им даде и на народите покајание за живот'" (Дела 11,18).

**Прочитајте го текстот во Дела 11,19-24. Што е следното што се случило во животот на Првата црква?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Можеби некои луѓе од Ерусалим помислиле дека она што се случило со Корнилиј и неговиот дом е исклучок и дека таквото искуство нема да се повтори. Меѓутоа, намерата на Светиот Дух била поинаква. Кога Исусовите ученици се распрснале надвор од Ерусалим и Јудеја, поради прогонството кое следело по смртта на Стефан (Дела 8,1), и заминале во Самарија, Феникија, Кипар и Антиохија, сè поголем број незнабошци го прифаќале Исуса како свој Спасител. Исус токму тоа и го предвидел (Дела 1,8). Колку и да било убаво што незнабошците се приклучувале, ако се ставиме на местото на раните верници од еврејството, не е тешко да се увиди дека не биле сигурни како треба да се однесуваат.

**На кои сè начини ние со држење на тесногради гледишта за Црквата и нашите пораки можеме да го осуетиме своето сведочење?**

## ЕРУСАЛИМСКИОТ СОБОР

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 15,1.2; Галатјаните 2,11-14. Кои две прашања предизвикале сериозен судир во Првата црква?**

__________________________________________________________________

Заканата со која се соочиле првите христијани кога станува збор за единството на Црквата била вистинска и тешка. Некои христијани од еврејството сметале дека спасението е можно само за оние кои му припаѓаат на Божјиот заветен народ, а тоа подразбирало дека обрезанието е неопходно. Овие верници исто така верувале дека држејќи се до верниот начин на живот мораат да го избегнуваат секој контакт со незнабошците кој би можел да го загрози нивното спасение.

Евреите имале строги обичаи во врска со својот однос кон незнабошците. Овие обичаи брзо станале камен на сопнување за новата христијанска заедница кога апостолите почнале да го шират Евангелието меѓу незнабошците кои сакале да станат Исусови следбеници. Бидејќи Месија е Спасител на Божјиот заветен народ, како што е претскажано во Стариот завет, зар не требало незнабошците прво да станат Евреи, а потоа да ги следат истите заветни правила доколку сакаат да бидат спасени.

**Прочитајте го текстот во Дела 15,3-22. За кои прашања се разговарало за време на Соборот во Ерусалим?**

__________________________________________________________________

Прашањето споменато во овој текст се однесувало на конфликтите околу длабоко врежаните толкувања на старозаветните извештаи во врска со обрезанието и односот со незнабошците. Кога апостолите, старешините и претставниците на Антиохија се собрале, се чинело дека воделе долги расправи без никакво решение.

Меѓутоа, тогаш Петар, Варнава и Павле одржале говори. Петар во својот говор укажал на откровението кое Бог му го дал во видението и на дарот на Светиот Дух, кој му го отворил патот за мисијата меѓу незнабошците. Павле и Варнава потоа ги поделиле своите искуства за тоа што направил Бог за незнабошците преку нив. Како резултат на тоа, очите на многу верници се отвориле за новата вистина. Петар изјавил: „Но ние веруваме дека ќе се спасиме исто како и тие, преку благодатта на Господа Исуса“ (Дела 15,11). Со векови негуваните обичаи биле расветлени со светлината на Евангелието.

**Дали некогаш ви се случило да го промените своето сфаќање за длабоко втемелено верување? Што сте научиле од тоа искуство и како тоа ви помогнало кога сте морале повторно да го преиспитате своето сфаќање за одредено верување?**

## ТЕШКО РЕШЕНИЕ

На црквата од Антиохија ѝ било потребно да стекне одредено ниво на доверба за да ги испрати своите претставници во Ерусалим и побарала решение за меѓусебниот конфликт. Но, по повеќечасовната расправа меѓу апостолите и старешините, Јаков, Исусовиот брат, водачот на собирот, го изнел својот суд за тоа што треба да се направи (Дела 15,13-20). На Соборот било одлучено дека незнабошците не мораат да се обратат во еврејство и да ги почитуваат сите видови на церемонијални закони, вклучувајќи го и обрезанието, за да станат христијани.

**Прочитајте ги следните текстови: Амос 9,11.12: Еремија 12,14-16. Што прорекле овие старозаветни пророци за соседните народи на Израел?**

---

Во стиховите што ги цитира Јаков од 9. глава од Книгата на пророкот Амос забележуваме дека и старозаветните пророци зборувале за спасението на другите народи. Божјата намера сето време била насочена преку сведочењето и искуствата на израелскиот народ да го спаси целиот свет. Всушност, повикот што Бог му го упатил на Аврам опфаќал благослов за сите народи, кои преку него требало да го примат неговите потомци (1. Мојсеева 12,1-3). Водството на Светиот Дух, службата на Петар, Варнава и Павле меѓу незнабошците и обратувањето на мнозина незнабошци биле докази кои не можеле да се занемарат. Овие сведоштва им помогнале на водачите на христијанската заедница во Ерусалим да сфатат дека сега се исполнуваат многу старозаветни пророштва. Всушност, Бог веќе дал закони во врска со престојот на незнабошците во Израел и забрани кои треба да се применат во нивниот случај (3. Мојсеева 17; 18). Јаков, исто така, се повикал на тие закони во својата одлука (Дела 15,29). На сите им станало јасно дека Бог ги повикува незнабошците да се придружат на Неговиот народ и да го примат спасението во Христа. Водството на Светиот Дух им пружило подлабоко разбирање на Писмото и им открило важни вистини кои порано не ги воочиле.

Во текстот во Дела 15,30-35 забележан е одговорот на верниците од Антиохија на одлуката донесена во Ерусалим: „Се зарадуваа поради утешниот збор“ (Дела 15,31).

Во овие текстови во *Дела апостолски* гледаме силен пример како Првата црква, преку покорувањето на Божјата реч, во атмосфера на љубов, единство и доверба, под водство на Светиот Дух, спречила да избие голема криза кога е во прашање единството.

**Што можеме да научиме од овој извештај за тоа колку е важно не само да сослушаме што зборуваат другите, туку и да размислиме дали можеби се во право, дури и кога она што го кажуваат не се совпаѓа со она што сакаме да го слушнеме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт *Делата на апостолите* прочитајте ги следните глави: „Човекот кој ја барал вистината“, стр. 131-142 оригинал: „Евреин и незнабожец“, стр. 188-200 оригинал.

„Советот што донел одлука за тоа прашање бил составен од апостолите и од учителите кои се истакнале при основањето на христијански цркви и меѓу Евреите и меѓу незнабошците, и од избрани делегати од разни места. На советувањето присуствувале старешините од Ерусалим и пратеници од Антиохија, а биле застапени највлијателните цркви. Советот постапил сообразно со она што го кажува просветениот ум и со достоинството на црквата основана по Божја волја. Како резултат на своето советување и просудување, тие виделе дека лично Бог одговорил на прашањето за кое расправале, излевајќи сила - Свети Дух - и врз незнабошците и сфатиле дека им е должност да го прифатат водството на Духот.

Не била повикана целата христијанска црква со гласање да се изјасни за тоа прашање. ‘Апостолите и старешините’, влијателните, совесните луѓе, донеле и објавиле одлука која потоа без одлагање ја усвоиле сите христијански цркви. Сепак, не биле сите задоволни со оваа одлука; постоела група на славољубиви и самоуверени браќа кои не се согласиле со тоа. Тие луѓе на сопствена одговорност речиси ѝ се наметнале на црквата. Во голема мера биле наклонети кон мрморење, кон изнаоѓање на грешки, секогаш предлагале нови планови и настојувале да го заслабуваат и да го уриваат делото на луѓето што ги одредил Бог да го проповедаат евангелието. Црквата уште од почеток наидувала на вакви препирки и ќе наидува сè до крај“ (*Делата на апостолите,* стр. 196.197. ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кои чекори преземени при решавањето на судирите, кои ги наоѓаме во извештаите од оваа седмица, можат да се применат во вашата црковна заедница доколку дојде до одредени несогласувања? Иако едно од прашањата со кои овде Црквата се занимавала било теолошко, што можеме да научиме од овие извештаи кога културолошките, политичките или националните прашања се закануваат да го загрозат единството на Црквата? Кои важни начела можеме да ги извлечеме од овие настани?**
2. **Прочитајте го уште еднаш претходниот цитат на Елена Вајт. И покрај позитивниот резултат, одредени верници и понатаму не биле задоволни. Какви поуки можеме да извлечеме од тие тажни околности?**

### ЗАКЛУЧОК

На Првата црква ѝ се заканувале внатрешни судири околу бројни прашања, кои можеле да имаат разорно влијание. Видовме дека Црквата, под водство на Светиот Дух и покорување на Божјата реч, била во состојба да ги реши овие конфликти и да избегне раскол.

**Поука 8**
**17 - 23 ноември 2018**

# ЕДИНСТВО ВО ВЕРАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 4,8-12; 1,11; Матеј 25,1-13; Евреите 9,11.12; 2. Мојсеева 20,8-11; 1. Коринќаните 15,51-54.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тој е каменот што вие, ѕидарите, го отфрливте, а кој стана глава на аголот. Нема спасение ниту во еден друг, ниту има друго име под небото, дадено на луѓето, преку кое мора да се спасиме“ (Дела 4.11.12).**

Во 1888 година верниците на христијанската адвентистичка црква влегле во период на жестоки расправи поради толкување на одредени клучни библиски текстови. Додека пасторите и црковните водачи расправале за тоа кого го претставуваат десетте рогови од пророштвото од 7. глава од Книгата на пророкот Даниел и за законот од Галатјаните 3,24, малкумина од нив увиделе оти непријателските ставови на едните и другите го уништиле заедништвото и пријателството, и на тој начин го осуетиле единството и мисијата на Црквата.

Елена Вајт силно ги осудила ваквите прилики и сите учесници ги охрабрила во овие разговори внимателно да размислат за својот однос со Христа и за тоа како љубовта кон Христа треба да се покаже во однесувањето, особено кога не се согласуваме околу нешто. Исто така, рекла дека не треба да очекуваме сите во Црквата да се согласуваат околу секоја точка на толкување на библиските текстови.

Меѓутоа, го нагласила и тоа дека треба да тежнееме кон единство во разбирањето на основните адвентистички верувања (види: Елена Вајт, *Counsels to Writers and Editors*, стр. 28-32). Оваа седмица ќе се осврнеме на некои основни библиски учења кои нè прават христијани адвентисти и кои го обликуваат нашето единство во верата.

## СПАСЕНИЕ ВО ХРИСТА

Иако како христијани адвентисти имаме многу заеднички точки со останатите христијански заедници, нашите верувања сочинуваат единствен систем на библиски вистини, кои никој друг не ги проповеда во христијанскиот свет. Овие вистини нè одредуваат како Божјим остаток на последното време.

**Прочитајте: Дела 4,8-12; 10,43. Какво значење Петар му дава на местото кое Исус Христос го зазема во неговото сфаќање на планот за спасение?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Апостол Павле им ја објавил на Коринќаните радосната вест дека „Бог го измири светот со Себе преку Христос“ (2. Коринќаните 5,19). Христовата смрт го овозможила нашето помирување со Таткото, премостувајќи ја бездната која ја создале гревот и смртта. Христијаните со векови размислуваат за значењето на Христовата смрт, за воскресението и помирувањето кое дошол да го оствари. Помирувањето означува хармонија во односот, така што, ако дојде до отуѓување, оваа хармонија е резултат на помирувањето. Според тоа, црковното единство е дар на ова помирување.

**Што учат следните текстови за Исусовата смрт и Неговото воскресение?**

**Римјаните 3,24.25.** ______________________________

________________________________________

**1. Јованово 2,2.** ______________________________

________________________________________

**1. Јованово 4,9.10.** ______________________________

________________________________________

**1. Петрово 2,21-24.** ______________________________

________________________________________

Иако верувањето во Христовата смрт и Неговото воскресение го делиме со другите христијански заедници, ние го објавуваме во рамките на „вечното Евангелие“ (Откровение 14,6), дело на Тројната ангелска вест од Откровение 14,6-12. Како христијани адвентисти ние посебно ги нагласуваме овие пораки, додека другите христијани не го прават тоа.

**Како пред себе секогаш можете да ја чувате вистината за Христовата смрт и Неговото воскресение, и надежта која Тој ја нуди?**

## ВТОРОТО ХРИСТОВО ДОАЃАЊЕ

Апостолите и раните христијани го сметале Христовото враќање за „блажена надеж“ (Тит 2,13), очекувајќи сите пророштва и ветувања од Писмото да се исполнат за време на Второто доаѓање. Христијаните адвентисти цврсто се држат за ова уверување. Всушност, нашето име „адвентисти“ тоа недвосмислено го покажува. Сите кои го сакаат Христа, со нетрпение го очекуваат денот кога ќе можат да остварат заедница со Него лице в лице. До тој ден, ветувањето за второто Христово доаѓање врши обединувачко влијание на нас како Божји народ.

**Што учат следните текстови за начинот на кој Христос повторно ќе дојде? Како ова учење се разликува од некои општоприфатени идеи за Христовото враќање? Дела 1,11; Матеј 24,26.27; Откровение 1,7; 1. Солуњаните 4,13-18; Откровение 19,11-16.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Библијата постојано нè уверува дека Исус повторно ќе дојде по својот откупен народ. Никој не треба да погодува кога ќе се случи тоа, бидејќи Исус лично изјавил: „А за оној ден и час, никој не знае, ни небесните ангели, а само Мојот Татко“ (Матеј 24,36). Не само што не знаеме кога Христос ќе се врати туку нам ни е кажано дека не знаеме.

На крајот на својата служба, Исус ја раскажал параболата за десетте девојки (Матеј 25,1-13 за да го опише искуството на Црквата во времето кога ќе го чека Неговото второ доаѓање. Двете групи на девојки претставуваат два вида на верници кои тврдат дека го чекаат Исуса. Површно гледано, овие две групи се слични; но кога Исусовото доаѓање е одложено, вистинските разлики меѓу нив стануваат очевидни. Едната група, и покрај доцнењето, ја одржувала својата надеж и вршела соодветна духовна подготовка. Со оваа парабола Исус сакал да ги поучи своите ученици дека христијанското искуство не треба да се заснова на емоционална возбуда или одушевување, туку на постојано потпирање на Божјата благодат и истрајност во верата, дури и тогаш кога нема опипливи докази дека Божјите ветувања ќе се исполнат. Исус и денес нè повикува да „стражариме“ и да бидеме подготвени за Неговото доаѓање во секој момент.

**Иако нашето име „адвентисти на седмиот ден“ сведочи за тоа колку Второто доаѓање е важно за нас, како во нашиот личен живот можеме да ја одржиме свеста за Второто доаѓање? Како во текот на годините да не ја направиме истата грешка за која Исус нè предупредил во параболата за десетте девојки?**

## ХРИСТОВАТА СЛУЖБА ВО НЕБЕСНОТО СВЕТИЛИШТЕ

Бог во Стариот завет му дал упатства на Мојсеја да изгради Шатор за состанок, односно Светилиште, во кој ќе „престојува" овде на Земјата (2. Мојсеева 25,8). Со посредство на службата во Светилиштето, израелскиот народ требало да биде поучен за планот на спасението. Подоцна, во времето на царот Соломон, преносливиот Шатор за состанок и Храмот биле направени по примерот на небесното Светилиште, „на вистинскиот Шатор, што го подигна Господ, а не човек" (Евреите 8,2; види: 2. Мојсеева 25,9.40).

Во целата Библија владее мислата дека постои небесно Светилиште, првобитно Божје место на престојување. Службите извршувани во земното Светилиште претставувале „мали пророштва" во планот на спасението и Исусовата свештеничка служба на Небото.

**Прочитајте: Евреите 8,6; 9,11.12.23-28; 1. Јованово 1,9-2,2. Што учиме од овие текстови за Исусовата свештеничка служба на Небото?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Од моментот на Исусовото вознесение, небесното светилиште е место на кое Христос ја извршува свештеничката служба за нашето спасение (види: Евреите 7,25). Според тоа, охрабрени сме „да пристапуваме смело кон престолот на благодатта, за да примиме милост и за да најдеме благодат, за помош, во време на потреба" (Евреите 4,16).

Бидејќи во земниот Шатор за состанок свештеничката служба се одвивала во две фази – првата секојдневно во Светињата, а другата еднаш годишно во Светињата над светињите – Писмото исто така ги опишува овие две фази од Исусовата служба на небото. Неговата служба во Светињата на Небото ја обележува посредување, проштавање, помирување и обновување. Грешниците кои се каат имаат непосреден пристап до Отецот преку Исуса како Посредник (1. Јованово 2,1). Од 1844 година Исусовата служба во Светињата над Светињите се занимава со аспектот на судот и чистењето кое се вршело еднаш годишно на Денот на помирувањето (3. Мојсеева 16). Службата на чистење на Светилиштето исто така се темели на Исусовата пролеана крв. Помирувањето остварено во тој ден ја навестува конечната примена на Христовите заслуги во отстранувањето на гревот и постигнувањето на потполно помирување на универзумот кој ќе биде под хармоничната Божја управа. Учењето за оваа служба која се состои од две фази е единствен адвентистички придонес кон разбирањето на целокупниот план на спасение.

## САБОТА

Уште едно многу важно библиско учење во кое Христијаните адвентисти веруваат и кое го поддржуваат е учењето за седмиот ден, саботата. Ова е клучна доктрина која меѓу нас донесува единство и заедништво. Ова е едно од учењата кое, со неколку исклучоци во христијанскиот свет, ние единствено го следиме.

Саботата е Божји дар на човештвото уште од самата седмица на создавањето (1. Мојсеева 2,1-3). При создавањето, три божествени дела ја установиле саботата: 1) Бог се одморал во сабота; 2) го благословил тој ден; и 3) го посветил. Овие три дела ја утврдиле саботата како Божји посебен дар, оспособувајќи го човечкиот род да ја искуси стварноста на Небото на Земјата и да го потврдат Божјето шестдневно создавање. Познатиот рабин, Аврам Џошуа Нешел, саботата ја нарекол „палата во времето", свет ден кога Бог на посебен начин се среќава со својот народ.

**Што можеме да научиме од следниве текстови за тоа што претставува саботата за човечкиот род? 2. Мојсеева 20,8-11; 5. Мојсеева 5,12-15; Езекил 20,12.20.**

______________________________________________________________

Во својата желба да го следат Исусовиот пример (Лука 4,16), христијаните адвентисти го празнуваат седмиот ден, саботата. Исусовото учество во службите во сабота открива дека Тој ја потврдил како ден за одмор и за богослужба. Во тој ден Тој направил одредени чуда за да укаже на димензијата на исцелување (и физичко и духовно) кое потекнува од прославувањето на саботата (види: Лука 13,10-17). Апостолите и раните христијани сфатиле дека Исус не ја укинал саботата и дека тие лично ја почитувале и ги посетувале богослужбите во тој ден (Дела 13,14.42.44; Дела 16,13; Дела 17,2; 18,4).

Уште една преубава димензија на саботата е тоа што таа претставува знак на нашето ослободување од гревот. Саботата е сеќавање на Божјето спасение на израелскиот народ од египетското ропство и влегувањето во покој кој ветил дека ќе го доживее во Ханан (5. Мојсеева 5,12-15). И покрај тоа што Израел поради својата постојана непослушност и идолопоклонство не успеал во потполност да го доживее овој одмор, Бог и понатаму ветува дека „за народот Божји сѐ уште останува саботна починка" (Евреите 4,9). Сите кои сакаат да влезат во тој покој, можат да влезат со вера во спасението кое Исус го дава. Празнувањето на саботата го претставува овој духовен одмор во Христа и фактот дека се потпираме само на Неговите заслуги а не на сопствените дела, и дека Тој нѐ спасува од гревот и ни дава вечен живот (види: Евреите 4,10; Матеј 11,28-30).

**На кои конкретни начини саботата ви помогнала да го доживеете единството и заедништвото кое Христос сака да владее во Неговиот народ?**

## СМРТ И ВОСКРЕСЕНИЕ

При создавањето „Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа“ (1. Мојсеева 2,7). Овој извештај за создавањето на човечкиот род открива дека животот потекнува од Бога. Дали бесмртноста е суштински аспект на овој живот? Библијата вели дека само Бог е бесмртен (1. Тимотеј 6,16); бесмртноста не им се дава на луѓето при раѓањето. За разлика од Бога, човечките суштества се смртни. Писмото го споредува нашиот живот со пареа „која се појавува за кратко време, па исчезнува“ (Јаков 4,14), а со смртта преминуваме во состојба на сон во кој не постои свест. (Види: Проповедник 9,5.6.10; Псалм 146,4; 115,17; Јован 11,11-15).

Иако луѓето се раѓаат смртни и подложни на смрт, Библијата зборува за Исуса Христа како за извор на бесмртноста и вечниот живот што им се дава на сите кои веруваат во Неговото спасение. „подарокот од Бога е живот вечен во Христос Исус, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23). Исус „ја уништи смртта и го осветли животот и нераспадливоста преку Евангелието“ (2. Тимотеј 1,10). „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16). Според тоа, постои надеж во живот по смртта.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Коринќаните 15,51-54; 1. Солуњаните 4,13-18. Што ни кажуваат овие текстови за животот по смртта и кога бесмртноста ќе им биде дарувана на човечките суштества?**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

Апостол Павле јасно вели дека Бог им дарува бесмртност на луѓето, но не во моментот на смртта, туку при воскресението, кога ќе се слушне последната труба. Кога ќе го прифатат Исуса како свој Спасител, верниците примаат ветување за вечен живот, а бесмртност кога ќе воскреснат. Во Новиот завет не се јавува никаква идеја за тоа дека душата веднаш по смртта оди на Небото; ова учење има свои корени во паганизмот и филозофијата на Старите Грци. Не ја наоѓаме ниту во Стариот ниту во Новиот Завет.

**Како сфаќањето за смртта ни помага уште повеќе да го цениме ветувањето за Второто доаѓање? Како ова верување силно не обединува како христијани адвентисти?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Како христијани адвентисти делиме заеднички верувања со другите христијански заедници. Секако, централно е спасението само со вера преку помирувачката и заменска Исусова смрт. Заедно со другите христијани веруваме дека нашата праведност не се темели на нашите дела, туку на Христовата праведност, која ни се припишува преку верата и претставува незаслужен дар на благодатта. Или, како што гласи познатиот цитат на Елена Вајт: „Со Христа се постапувало онака како што заслужуваме ние, за со нас да се постапува онака како што заслужува Тој. Тој бил осуден поради нашите гревови во кои немал удел, за ние да можеме да бидеме оправдани со неговата правда во која немаме удел. Претрпел смрт што била наша, за ние да можеме да примиме живот што бил негов" (*Копнежот на вековите,* стр. 25. оригинал). Во исто време, земени како целина, нашите основни верувања, и обичаите и начинот на живот кој произлегува од тие верувања, нè прават единствени во христијанскиот свет. Така и би требало да биде; ако не е така, зошто и би постоеле како христијани адвентисти? Љубовта кон Исуса и кон учењата кои ги објавуваме, треба да бидат најсилниот обединувачки фактор.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Елена Вајт, во книгата Faith and Works на стр. 103 оригинал, го изедначува оправдувањето со проштавањето на гревот. На кој начин сфаќањето за проштавањето и оправдувањето во Христа се основа за заедништво и заедница со браќата и сестрите?**
2. **Размислувајте за тоа колку се важни нашите учења во поглед на единството на Црквата. Односно, што ги обединило милиони луѓе од различно етничко, верско, политичко и културолошко потекло ако тоа не се заедничките доктринални уверувања? Што ни кажува тоа за важноста на учењата, не само во рамките на мисијата и пораката, туку и за црковното единство?**
3. **Нашето име „адвентисти на седмиот ден" укажува на две важни учења, за седмиот ден, саботата, и второто Христово доаѓање. Едниот дел од нашето име упатува на создавањето, а другиот на откупувањето. Како се поврзани овие две учења и на кои начини срочено ни ја прикажуваат суштината кои сме ние како народ?**

### ЗАКЛУЧОК

Христијаните адвентисти ги шират основните вистини. Некои ги шират заедно со останатите христијани; некои не. Овие учења, земени како целина, го обликуваат нашиот идентитет како посебна Црква и претставуваат темел на нашето единство во Исуса.

**Поука 9**
**24 - 30 ноември 2018**

# НАЈУВЕРЛИВ ДОКАЗ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 11,51.52; Ефешаните 2,13-16; 2. Коринќаните 5,17-21; Ефешаните 4,25-5,2; Римјаните14,1-6; Дела 1,14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А ова не го рече тој сам од себе, туку, бидејќи беше првосвештеник таа година, прорече дека Исус ќе умре за народот; и не само за народот, туку и за да ги собере заедно растурените Божји чеда“ (Јован 11,51.52).**

Минатата седмица проучувавме за тоа како единството се пројавува преку заедничката порака, сосредоточена на Исуса како Спасител и на вистините од Писмото кои треба да се нагласат на крајот од времето. Ние сме тоа што сме благодарение на пораката што ни ја дал Бог и на повикот истата да ја шириме во светот.

Оваа седмица ќе посветиме внимание на видливото единство на Црквата изразено во секојдневниот живот на христијаните и во црковната мисија. Според Исусовите зборови, задача на Црквата не е само да ја објавува Божјата порака за спасението и помирувањето. Основниот израз на тоа помирување се гледа, исто така и во самото единство на Црквата. Во светот во кој владее грев и бунт, Црквата стои како видлив сведок на спасоносната Христова работа и сила. Без единство и слога на Црквата во заедничкото сведочење, спасоносната сила на крстот едвај ќе биде препознатлива во овој свет. „Единството со Христа создава врска на единство едни со други. Тоа единство е најуверливиот доказ што му се дава на светот за Христовото величие и благородност како и за Неговата сила да го отстрани гревот“ (Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 5. книга, стр. 1148).

## ПОД ИСУСОВИОТ КРСТ

Како и многуте други благослови коишто Бог му ги дава на својот народ, и црковното единство претставува Божји дар. Единството не е човечка творба постигната со наши напори, добри дела и намери. Всушност, Исус Христос го создава тоа единство со својата смрт и воскресение. Кога со вера ја прифаќаме Неговата смрт и воскресение преку крштавањето и проштавањето на гревовите, кога се соединуваме во заедништво, кога ја објавуваме Тројната ангелска вест, ние сме во заедница со Него и едни со други.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 11,51.52; Ефешаните 1,7-10. Кој настан во Исусовиот живот претставува темел на единството меѓу нас како христијани адвентисти?**

___

___

„А ова не го рече тој (Кајафа) сам од себе, туку, бидејќи беше првосвештеник таа година, прорече дека Исус ќе умре за народот; и не само за народот, туку и за да ги собере заедно растурените Божји чеда" (Јован 11,51.52). Необично е што Бог го употребил Кајафа за да ја објасни целта на Исусовата смрт, иако Кајафа не знаел што прави кога го осудил Исуса на смрт. Ниту свештеникот имал претстава за тоа колку биле длабоки неговите зборови. Кајафа мислел дека дава само политичка изјава. Но, Јован ја искористил за да ја открие основната вистина за тоа што значи Исусовата заменичка смрт за сиот Божји верен народ, кој еден ден ќе биде собран „заедно".

Во што било друго и да веруваме како христијани адвентисти, и каква порака самите да објавуваме, темелот на нашето единство почива на заедничкото прифаќање на Христовата смрт поднесена во наша полза.

Исто така, тоа единство во Христа го доживуваме благодарение на крштавањето. „Зашто сите сте синови Божји преку верата во Христос Исус; сите, што сте крстени во Христос, во Христос се облековте" (Галатјаните 3,26.27). Според тоа, крштавањето е уште една врска со која ние адвентистите сме поврзани, бидејќи тоа симболички ја претставува нашата вера во Христа. Имаме заеднички Татко; па според тоа, сите ние сме Божји синови и ќерки. Имаме и заеднички Спасител во чија смрт и воскресение се крштаваме (Римјаните 6,3.4).

**Какви културолошки, општествени, национални и политички разлики и да постојат меѓу нас христијаните адвентисти, зошто заедничката вера во Исуса треба да ги надмине сите тие поделби?**

## СЛУЖБАТА НА ПОМИРУВАЊЕ

Нашиот свет секако е познат по нередите, неволјите, војните и судирите. Сите овие фактори влијаат на нашиот живот на лично, општествено и национално ниво. Понекогаш изгледа како целиот наш живот да е проткаен со судири. Меѓутоа, неединството и метежот нема вечно да траат. Бог дејствува со намера да донесе космичко единство. Како што нехармонијата е последица на гревот, така Божјиот вечен план за помирување донесува мир и целокупност.

Во Ефешаните 2,13-16, Павле ги изнесува начелата кои покажуваат како Христос постапувал за да внесе мир меѓу верниците: со својата смрт на крстот, и Евреите и незнабошците Исус направил да бидат еден народ и ги уништил националните и верските бариери што ги раздвојувале. Ако Христос бил во состојба тоа да го стори со Евреите и незнабошците во првиот век, колку повеќе може да ги урне сите расни, етнички и културолошки препреки и ѕидови кои денес ги раздвојуваат луѓето внатре во нашата Црква?

Од оваа појдовна точка, ние можеме да го допреме светот.

**Во 2. Коринќаните 5,17-21, Павле вели дека во Христа сме ново создание, помирени со Бога. Која е тогаш нашата служба во овој свет? Какви промени можеме да внесеме во нашата заедница како обединето црковно тело?**

---

Како нови Божји созданија, верниците примаат многу важна служба – тројна служба на помирување. 1) Нашата Црква се состои од верници кои некогаш биле отуѓени од Бога, но преку спасоносната благодат на Христовата жртва сега се соединети со Бога преку силата на Светиот Дух. Ние сме остаток, повикани да ја објавуваме светата порака за последното време. Наша задача е да ги повикаме оние кои сè уште се отуѓени од Бога да се помират со Него и да ни се придружат во мисијата. 2) Црквата, исто така, го претставува Божјиот народ кој е меѓусебно помирен. Да се биде обединет со Христа значи дека сме обединети и едни со други. Тоа не е само возвишен идеал, туку тоа мора да биде видлива стварност.

Меѓусебното помирување, мирот и хармонијата меѓу браќата и сестрите е непобитно сведоштво на светот дека Исус Христос е нашиот Спасител и Откупител. „По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,35). 3) Со оваа служба на помирување, Црквата му порачува на универзумот дека Божјиот план на спасение е вистински и силен. Големата борба се води околу Бога и Неговиот карактер. Во онаа мера во која црквата го негува единството и помирувањето, во таа мера универзумот го гледа објавувањето на Божјата вечна мудрост (види: Ефешаните 3,8-11).

## ПРАКТИЧНО ЕДИНСТВО

Во 1902 година Елена Вајт запишала: „Она што Христос бил на оваа земја, кон тоа треба да тежнее и секој христијанин. Тој е наш Пример, не само во својата чистота, туку и во трпението, благоста и љубезното однесување" (Е. Вајт, *Signs of the Times*, 16. јули 1902). Овие зборови нè потсетуваат на молбата на Павле упатена до Филипјаните: „Бидејќи вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос" (Филипјаните 2,5). **Прочитајте ги стиховите во Ефешаните 4,25-5,2 и во Колошаните 3,1-17, а потоа одговорете на следните прашања: Во кои области од животот сме посебно повикани да ја покажеме својата верност кон Исуса? Како можеме да бидеме сведоци на Исусовото Евангелие во јавниот живот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во Светото писмо има многу други текстови кои ги повикуваат христијаните да го следат Исусовиот пример и да бидат живи сведоци на Божјата благодат. Повикани сме да настојуваме да им правиме добро на другите (Матеј 7,12); да ги носиме товарите едни на други (Галатјаните 6,2); да живееме во едноставност и да се сосредоточиме на внатрешната духовност наместо на надворешното расфрлување (Матеј 16,24-26; 1. Петрово 3,3.4): и да применуваме здрави животни навики (1. Коринќаните 10,31).

„Возљубени, ве молам, како придојдени и гости, да се пазите од телесните похоти што војуваат против душата. Однесувајте се достојно меѓу незнабошците, па тие, кога ве напаѓаат како злотворци, штом ќе ги видат вашите добри дела, да Го прославаат Бога во денот на посетата" (1. Петрово 2,11.12). Колку често го потценуваме влијанието на христијанскиот карактер на оние кои нè набљудуваат? Трпението покажано во моменти на лутина, дисциплинираниот живот среде напнатости и конфликти, благиот дух како одговор на нетрпението и грубите зборови, се обележја на Исусовиот дух на кој сме повикани да се угледаме. Кога христијаните адвентисти заедно сведочат во светот на оној кој погрешно го сфаќа Божјиот карактер, стануваат сила на добро и на Божја слава. Како Христови претставници, верниците не треба да бидат препознатливи само по моралната чесност, туку и по практичното интересирање за доброто на другите. Ако нашето верско искуство е искрено, ќе се покаже и ќе изврши влијание во светот. Обединетото тело на верници, кое го открива Христовиот карактер пред светот, навистина ќе стане силен сведок.

**Какво сведоштво им давате на другите? Што забележуваат луѓето во вашиот живот што ќе ги поттикне да го следат Исуса?**

## ЕДИНСТВО И ПОКРАЈ РАЗЛИЧНОСТА

Апостол Павле во Посланието до Римјаните во 14. и 15. глава се занимава со прашањата кои сериозно ја поделиле Црквата во Рим. Тој на тие прашања реагирал на тој начин што ги повикал верниците од Рим да покажат обѕир и трпение едни кон други и да не ја делат Црквата поради тие несогласувања. Што можеме да научиме од неговиот совет?

**Прочитајте го текстот во Римјаните 14,1-6. Какви прашања на совеста влијаеле на верниците од Рим да судат едни за други и да не негуваат меѓусебно заедништво?**

Највероjатно овој проблем се однесува на еврејската церемонијална нечистотија. Според зборовите на Павле се работело за „расправии за мислењата" (Римјаните 14,1), укажувајќи дека тоа не биле прашања поврзани со спасението, туку прашања на мислења кои требало секому да се остават на совеста (види: Римјаните 14,5).

Овие расправи најпрво се воделе за тоа која храна смее да се јаде. Павле овде не се занимавал со проблемот околу консумирање на животинското месо забрането во 11. глава од 3. Мојсеева. Нема докази дека првите христијани во времето на Павле почнале да јадат свинско месо или од некои други нечисти животни, а знаеме дека ни Петар не ја јадел таквата храна (види: Дела 10,14). Исто така, тоа што слабите јаделе само зеленчук (Римјаните14,2) и што конфликтот го опфаќал и пиењето (Римјаните 14,17.21), покажува дека вниманието било насочено на церемонијалната нечистотија. Тоа понатаму покажува дека зборот нечист, односно поган (*koinos*), е употребен во Римјаните 14,14. Тој збор се користи со стариот грчки превод на Стариот завет да означи погани животни, но не во смисла на нечисти животни од 11. глава од 3. Мојсеева. Очигледно е дека имало луѓе во римската заедница кои не сакале да јадат за време на заедничките оброци, бидејќи не биле сигурни дали таа храна била подготвена на соодветен начин или била жртвувана на идолите.

Истото важи и за почитувањето на одредени денови. Тоа не се однесувало на седмичното празнување на саботата, бидејќи знаеме дека Павле редовно ја држел (Дела 13,14; 16,13; 17,2), туку веројатно на различните еврејски празници или денови за пост. Намерата на Павле во овие стихови е да поттикне обѕирност кон оние кои се искрени и совесни во почитувањето на овие обреди сè додека не ги сметаат како средство за спасение. Единството меѓу христијаните се пројавува и преку трпението и воздржувањето кога не се согласуваме секогаш во сè, особено кога тие прашања не се важни за нашата вера.

**Во класата поставете го следното прашање: Постои ли нешто во што ние како христијани адвентисти веруваме или правиме, а во тоа сите кои се изјаснуваат како адвентисти треба да веруваат и кон што треба да се придржуваат?**

## ЕДИНСТВО ВО МИСИЈАТА

**Споредете го расположението кое владеело меѓу учениците за време на Господовата Вечера (види: Лука 22,24) со расположението кратко пред искуството стекнато на денот Педесетница (види: Дела 1,14; 2,1.46). Што е тоа што внело таква промена во нивниот живот?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Во текстовите од Дела 1,14 и Дела 2,46 изразот „еднодушно“ исто така значи и да се „истрае со еден ум“. Тоа се случило како резултат на заеднички поминатото време на исто место, кога во молитва барале исполнување на Исусовото ветување дека ќе им го испрати Утешителот.

Додека чекале, лесно можеле да почнат да се критикуваат едни со други. Можеле да укажат на Петровото откажување од Исуса (Јован 18,15-18.25-27) и на изразените сомнежи на Тома дека Исус воскреснал (Јован 20,25). Можеле да се сетат на барањето на Јован и Јаков да ја добијат највозвишената положба во Исусовото царство (Марко 10,35-41), или дека Матеј бил некогашен презрен цариник (Матеј 9,9).

Меѓутоа, „Тие денови на подготовка биле денови преполни со длабоко истражување и преиспитување на срцето. Учениците го чувствувале својот духовен недостиг и пекале пред Господа во молитва за свето помазание кое ќе ги оспособи за делото на спасувањето на душите. Не барале благослов само за себе. Ги притискал товарот за спасување на душите. Знаеле дека евангелието треба да му се однесе на светот и се молеле за силата што им ја ветил Христос“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 37. оригинал).

Заедништвото меѓу учениците и сесрдните молитви ги подготвиле за ова важно искуство на денот Педесетница. Како се приближувале кон Бога и ги ставале на страна меѓусебните разлики, Светиот Дух ги подготвувал  да станат смели и храбри сведоци на Исусовото воскресение. Знаеле дека Исус им простил многу грешки, и тоа ги охрабрило да продолжат понатаму. Знаеле што направил Исус за нив. Знаеле дека ветувањето за спасението почива на Него и „настојувале да покажат сличност со Христовиот карактер, да придонесат за ширењето на неговото царство“ (стр. 48. оригинал). Не е чудно тоа што Господ можел да направи големи дела преку нив. Каква поука за нас денес како Црква.
**Секогаш е лесно да се пронајдат грешки во животот на другите луѓе. Како поради повозвишена цел, извршување на Божјата волја во обединета Црква, можеме да научиме да ги оставиме на страна грешките на другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во Книгата на Елена Вајт *Еванѓелизам* прочитајте ја главата „Единство во различноста“ стр. 98-103 оригинал.

Следниот цитат ќе ни помогне да откриеме како Првата црква, обединета во Христа, можела да го одржи единството и покрај разликите меѓу верниците, и така да стане силен сведок во светот. „Писмото објаснува како Светиот Дух дејствувал внатре во Црквата и како ја водел Првата црква при донесувањето одлуки на најмалку три тесно поврзани начини: 1) откровение (на пример, Духот им кажал на одредени луѓе што да прават; не Корнилиј, на Ананиј и на Филип; и со фрлање коцка), 2) Писмото (Црквата ги носела заклучоците врз основа на Писмото), и 3) согласност (Духот дејствувал во заедница, речиси незабележително, поттикнувајќи согласност преку дијалог и проучување. Црквата на крај сфаќа дека Духот дејствувал внатре во неа). Се чини дека, соочен со културолошки, доктринарни и теолошки борби меѓу верниците, Светиот Дух дејствувал на процесот на донесување на одлуките поттикнувајќи согласност. Во овој процес гледаме активна улога на заедницата на верници, а не само на нејзините водачи, и важноста на молитвата за промислено расудување. Водството на Светиот Дух го препознаваме и во сфаќањето на Божјата реч од страна на заедницата, нејзиното искуство и потреби, и искуството на нејзините водачи во службата. Различните црковни одлуки се донесени во рамките на процесот воден од Светиот Дух во кој Писмото, молитвата и искуството биле елементи на теолошкото размислување“ (Денис Фортин, “The Holy Spirit and the Church“ во *Message, Mission, and Unity of the Church* A. M. Rodrigez, стр. 321.322).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во класата одговорете на прашањето од отсекот за среда во врска со тоа како одлучуваме, кои учења и обичаи се важни за нас како христијани адвентисти, а кои не се.**

**2. Како треба да се однесуваме кон христијаните од другите верски заедници кои, како и ние, веруваат во Исусовата смрт и воскресение?**

### ЗАКЛУЧОК

Најуверливиот доказ за единството е браќата и сестрите да покажуваат меѓусебна љубов како што правел Исус. Проштавањето на гревовите и спасението кое го делиме како адвентисти се најцврстите врски на нашето заедништво. Според тоа, во Христа можеме на светот да му го покажеме нашето единство и сведоштво за нашата заедничка вера. Повикани сме да не правиме ништо помалку од ова.

**Поука 10**
**1 - 7 декември 2018**

# ЕДИНСТВОТО И НАРУШЕНИТЕ ОДНОСИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Тимотеј 4,11; Филимон 1,1-24; 2. Коринќаните 10,12-15; Римјаните 5,8-11; Ефешаните 4,26; Матеј 18,15-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, ако се помиривме со Бога преку смртта на Неговиот Син, уште додека бевме непријатели, тогаш уште повеќе ќе се спасиме преку Неговиот живот, откако сме се помириле“ (Римјаните 5,10).**

Односот меѓу верниците, како што видовме, понекогаш бил напнат, дури и по денот Педесетница. Во извештаите од Новиот завет се повторуваат примери како црковните водачи и некои верници се соочувале со ваквите предизвици. Овие начела се од голема важност за нашата црква. Тие откриваат какви позитивни резултати се остваруваат кога ги користиме библиските начела во настојувањето да се избориме со судирите и да го сочуваме единството во Христа.

Во поуката за оваа седмица, ќе се сосредоточиме на обновувањето на односите и на тоа како меѓучовечките односи влијаат на нашето единство во Христа. Службата на Светиот Дух опфаќа доведување на луѓето поблизу до Бога и едни до други. Тоа вклучува рушење на пречките во нашите односи. Накратко речено, најголемиот показател на силата на Евангелието не е нужно она што Црквата го вели, туку како живее.

„По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,35). Без оваа љубов, сите наши разговори за црковното единство ќе бидат залудни.

## ОБНОВЕНО ПРИЈАТЕЛСТВО

Павле и Варнава заедно сведочеле за Исуса. Но, имале несогласувања околу тоа дали можат да се потпрат на некој толку плашлив, како што бил Јован Марко (Дела 15,36-39). Можните опасности при проповедањето на Евангелието влијаеле на Јован Марко во еден момент да ги напушти Павле и Варнава и да се врати во својот дом (Дела 13,13).

„Тоа напуштање на делото го навело Павле извесно време неповолно, па дури и строго, да суди за Марко. Од друга страна, Варнава бил наклонет да го оправдува со тоа што бил неискусен. Тој се загрижувал Марко да не отстапи наполно од службата, зашто кај него видел особини што можеле да го пресорат во корисен работник за Христа“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 170. оригинал).

Иако Бог ги употребил сите тројца, требало да го реши проблемот кој се јавил меѓу нив. Апостолот, кој проповедал за благодатта, требало да покаже благодат кон младиот проповедник кој го разочарал. Апостолот, кој проповедал за проштавањето, требал да прости. Јован Марко растел со поддршката на Варнава и неговите совети (Дела 15,39), и на крај, Павловото срце очигледно било допрено од промените.

**Како посланијата на Павле упатени до Тимотеј и до Колошаните го откриваат неговиот обновен однос со Јован Марко и новата доверба стекната во овој млад проповедник? Колошаните 4,10.11; Тимотеј 4,11.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Иако подробностите за помирување на Павле со Јован Марко можеби се непотполни, библискиот извештај е јасен. Јован Марко станал еден од најдоверливите соработници на апостолот. Павле топло го препорачал Јован Марко како „помагач“ на Црквата во Колос. На крајот од својот живот, Павле силно го охрабрил Тимотеј да го поведе Јован Марко со себе во Рим бидејќи бил „нужен во службата“ (2. Тимотеј 4,11). Службата на Павле била збогатена од работата на младиот проповедник, кој очигледно му простил. Бидејќи пречката меѓу нив била срушена, можеле да работат заедно во делото на ширење на Евангелието. Каков проблем и да постоел меѓу нив, и колку Павле да се оправдувал себеси во врска со поранешниот став кон Јован Марко, сега сите несогласувања биле зад нив.

**Како можеме да им простиме на оние кои нè повредиле или нè разочарале? Зошто проштавањето не опфаќа секогаш и повторно обновување на претходниот однос? Зошто тоа секогаш и не е потребно?**

## ОД РОБ ДО СИН

Додека бил во заробеништво во Рим, Павле го запознал пребеганиот роб Онисим, кој побегнал од Колос во Рим. Павле сфатил дека лично го познава господарот на Онисим. Посланието до Филимон е лична молба на Павле упатена до пријателот со цел да се обнови односот кон избеганиот роб.

Меѓучовечките односи биле мошне важни за Павле. Апостолот знаел дека нарушените односи му штетат на духовниот раст и на црковното единство. Бидејќи Филимон бил црковен старешина во Колос, и доколку негувал горчина кон Онисим, тоа би се одразило на неговото христијанско сведочење како и на сведочењето на Црквата среде неверната заедница.

**Прочитајте го Посланието до Филимон. Кои важни начела за обновени односи ги пронаоѓаме во овој текст? Не заборавајте, клучниот збор е начело.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

На прв поглед може да нè изненади тоа што Павле не зборувал најсилно против ропството. Но, стратегијата на Павле била далеку поуспешна, бидејќи Евангелието ги руши сите класни разлики (Галатјаните 3,28; Колошаните 3,10.11). Апостолот го испратил Онисим кај Филимон, но не како роб, туку како свој син во Исуса и Филимонов „возљубен брат“ во Господа (Филимон 1,16).

Павле знаел дека избеганите робови имаат неизвесна иднина. Можеле да бидат лишени од слобода во секој момент. Биле осудени на беден и сиромашен живот. Но сега, како брат на Филимон во Христа и вреден работник, Онисим можел да има подобра иднина. Во домот на Филимон можел да има сигурна храна, сместување и работа. Обновувањето на нарушените односи довело до големи промени во неговиот живот. Станал „верен и љубезен брат“ и соработник на Павле во објавувањето на Евангелието (Колошаните 4.9). Павле бил толку упорен и цврст во својата намера да ги помири, што бил подготвен лично да плати доколку се појават какви било финансиски потешкотии поради она што се случило меѓу двајцата Исусови верници.

**Врз основа на начелата на Евангелието кои овде ги забележуваме, што може да ви помогне да се изборите со стресот, напнатоста и раздорот во меѓусебните односи со другите? Како овие начела можат да спречат да не дојде до нарушување на единството во вашата месна црква?**

## ДУХОВНИ ДАРОВИ ЗА ЕДИНСТВО

**Како што видовме во претходната поука, во Црквата во Коринт владееле големи проблеми. Кои начела за исцелување и обновување, а кои се од витално значење за црковното единство, ни ги изложува Павле во следните стихови: 1. Коринќаните 3,5-11; 12,1-11; 2. Коринќаните 10,12-15?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Апостолот во овие текстови ги изнесува пресудните начела за црковното единство. Тој истакнува дека Исус, со помош на мноштво различни работници извршува различни служби во својата црква, а сите тие заедно работат на изградба на Божјето царство (1. Коринќаните 3,9).

Бог нè повикува на соработка, не на расфрлање. Секој верник прима од Бога дар за да соработува во помагањето на Христовото тело и служењето во заедницата (1. Коринќаните 12,11). Нема поголеми или помали дарови. Сите се неопходни во Христовата црква (1. Коринќаните 12,18-23). Од Бога дадените дарови не треба да служат за себично расфрлање. Светиот Дух ги дал за делото на ширење на Евангелието.

Сите споредби со другите верници се неразумни, бидејќи тоа нас или ќе нè обесхрабри или ќе нè возгордее. Ако сметаме дека другите се далеку „подобри“ од нас, ќе станеме потиштени кога ќе се споредиме со нив, бидејќи лесно можеме да се обесхрабриме без разлика на тоа каква служба извршуваме. Од друга страна, ако гледаме дека нашите напори за Христа се поуспешни од работата на другите, ќе почувствуваме гордост, чувство кое христијаните најмалку треба да го негуваат.

Овие два става ја намалуваат нашата успешна служба за Христа како и меѓусебното заедништво. Додека работиме во сферата на влијание која Христос ни ја доверил, ќе почувствуваме радост и задоволство во сведочењето за Христа. Нашата работа ќе ги надополни напорите на другите верници и Христовата црква ќе прави огромни чекори кон царството.

**Можете ли да се сетите на некој чиишто дарови во службата ве направиле љубоморни? (Не е премногу тешко, зар не?). Во исто време, колку често сте биле горди на своите дарови во споредба со даровите на другите верници? Суштината е во тоа што реалноста за која Павле зборува е секогаш присутна кај паднатите човечки суштества. Без оглед на која страна се навалуваме, како можеме да научиме дека, за да го одржиме единството во Христа, неопходно е да имаме несебични ставови?**

## ПРОШТАВАЊЕ

Што е проштавањето? Дали проштавањето го оправдува однесувањето на личноста која нешто ни напакостила? Дали моето проштавање зависи од покајувањето на престапникот? Што ако некој, поради кој сум вознемирен, не го заслужува моето проштавање?

**Како следните текстови ни помагаат да ја сфатиме библиската природа на проштавањето? Римјаните 5,8-11; Лука 23,31-34; 2. Коринќаните 5,20.21; Ефешаните 4,26.**

---

Христос го презел првиот чекор да нѐ помири со Себе. „Божјата добрина" е таа која нас нѐ „води кон покајание" (Римјаните 2,4). Во Христа сме биле помирени со Бога уште додека сме биле грешници. Нашето покајување и признавање не се причина за помирувањето. Христовата смрт на крстот го остварила тоа; наше е да го прифатиме она што е сторено за нас. Вистина е дека не можеме да ги примиме благословите на проштавањето сè додека не ги признаеме своите гревови. Тоа не значи дека нашето признание поттикнува проштавање во Божјето срце. Проштавањето постојано престојува во неговото срце. Признавањето нѐ оспособува да го примиме (1. Јованово 1,9). Признавањето е мошне важно, не затоа што се менува Божјиот став кон нас, туку затоа што се менува нашиот став кон Него. Кога се препуштаме на влијанието на Светиот Дух, се каеме и ги признаваме своите гревови, стануваме променети.

Проштавањето е мошне важно и за нашето духовно добро. Неподготвеноста да ѝ простиме на некоја личност која ни направила нешто лошо, дури и тогаш кога не заслужува проштавање, може повеќе да нѐ повреди нас, отколку неа. Ако некој ви сторил неправда и болка се собира во вас затоа што не сте простиле, дозволувате на таа личност уште повеќе да ве повреди. Колку често таквите чувства и повреденост се причина за поделба и напнатост во црквата. Нерешената повреденост меѓу членовите на Црквата му нанесува штета на единството на Христовото тело.

Проштавањето е ослободување на другата личност од нашата осуда, бидејќи нас Христос нѐ ослободил од неговата осуда. Тоа не го оправдува однесувањето на другите кон нас. Можеме да се помириме со некој кој ни нанел неправда, затоа што нас Христос нѐ помирил со себе кога нему сме му нанеле неправда. Можеме да простиме затоа што и нам ни е простено. Можеме да сакаме затоа што сме сакани. Проштавањето е избор. Можеме да одлучиме да простиме, и покрај делата или ставовите на другата личност. Тоа е вистинскиот Исусов дух.

**Како сосредоточеноста на простувањето кое го имаме во Христа ни помага да научиме да им простиме на другите? Зошто проштавањето е толку важно за нашето христијанско искуство?**

## ОБНОВУВАЊЕ И ЕДИНСТВО

**Прочитајте го следниот текст: Матеј 18,15-17. Кои три чекори Исус ни ги нуди, со намера да ни помогне да ги решиме конфликтите кога друг верник ќе ни нанесе неправда? Како овие зборови можеме да ги примениме во сегашните прилики?**

---

Исусовата желба при давањето на советите во 18. глава од Евангелието според Матеј била меѓучовечките односи во Црквата да се задржат внатре во што помали групи на луѓе. Неговата намера е две вмешани личности сами да го решат проблемот. Затоа Исус вели: „Ако згреши братот твој против тебе, оди и укори го насамо, меѓу тебе и него. Ако те послуша, си го придобил брата си“ (Матеј 18,15). Како што се зголемува бројот на лица вклучени во некој конфликт меѓу две личности, може да дојде до уште поголеми расправии, и во поголема мера може да влијае на заедништвото на другите верници. Луѓето се определуваат за одредена страна и се повлекуваат од борбената линија. Но, кога христијаните настојуваат да ги решат своите несогласувања сами, во духот на христијанската љубов и меѓусебно разбирање, се создава атмосфера на помирување. Таквата атмосфера му овозможува на Светиот Дух да работи со нив додека се трудат да ги решат несогласувањата.

Понекогаш личните повици конфликтите да се решат се безуспешни. Во тој случај, Исус нè повикува да земеме еден или двајца сведоци. Овој втор чекор во процесот на помирување секогаш мора да настапи по првиот чекор. Целта е да се обединат луѓето, а не уште повеќе да се оддалечат. Една или две личности кои се придружуваат на повредената страна не доаѓаат да го докажат своето гледиште или и тие да укоруваат. Доаѓаат во христијанска љубов и сочувство како советници или учесници во молитва за да го дадат својот придонес во помирувањето меѓу двете скарани личности.

Постојат ситуации кога сите обиди проблемот да се реши се безуспешни. Во тој случај, Исус нè поучува тоа прашање да го изнесеме пред Црквата. Тој сигурно не зборува за тоа да го прекинеме утринското саботно богослужение со прашањето за личниот конфликт. Најсоодветно место на кое може да се изнесе проблемот, доколку првите два чекори не помогнале страните да се помират, е црковниот одбор. Христовата желба е повторно помирување, а не едната страна да ја сметаме за виновна, а другата да ја оправдуваме.

„Не дозволувај одбивноста да се претвори во злоба. Немој да дозволиш раната да се загнои и да пукне со отровни зборови, кои ги загадуваат мислите на оние што ги слушаат. Немој да им дозволиш на огорчените мисли да продолжат да го исполнуваат и твојот и неговиот ум. Појди кај својот брат понизно и искрено, и разговарај со него за проблемот” (Елена Вајт, *Слуги на евангелието*, стр. 499. оригинал).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Кога Христос престојува во срцата на евангелските работници, кога ќе исчезне секоја себичност, секое соперништво и стремеж за владеење, кога ќе воспостават единство, кога ќе бидат толку посветени што нивната меѓусебна љубов ќе се види и почувствува, дури тогаш над нив ќе се излее поројна сила на Светиот Дух подеднакво сигурно како што секое Божје ветување ќе се исполни до последната точка и запирка" (Елена Вајт, *Selected Messages*, 1. книга, стр. 175).

„Ако сакаме во големиот Господов ден да стоиме со Христа како свое засолниште, своја висока кула, мора да ја отфрлиме секоја завист, секој стремеж за владеење. Мора потполно да ги искорениме тие несвети особини, за да не се вратат повторно во нашиот живот. Мора да застанеме целосно на Божја страна" (Елена Вајт, *Настани на последното време*, стр. 190. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го текстот во Колошаните 3,12-17. Разговарајте за христијанските особини какви што според зборовите на апостол Павле Колошаните треба да ги бараат. Зошто овие особини се основа за решавање на секој конфликт. Како тие ни помагаат во извршувањето на начелата кои Исус ни ги дава во Матеј 18,15-18?**

**2. Прочитајте го текстот во Колошаните 3,12-17 и повторно навратете се на учењата што ги пронаоѓаме во тие стихови. Зошто се тие учења толку важни за единството на Црквата?**

**3. Ако ја погледнеме нашата црква, односно Христијанската адвентистичка црква во целина, што во најголема мера нѐ спречува да го оствариме единството кое е потребно за да го досегнеме светот? Дали тоа се нашите учења и доктрини? Секако дека не. Тие се токму она што Бог ни го дал да му го објавуваме на светот. Можеби проблемот постои само во нас, во нашите меѓучовечки односи, во ситната љубомора, кавгите, себичноста, желбата да бидеме надмоќни и многу други работи. Зошто мораме да ја бараме силата на Светиот Дух да внесе промени во нашиот живот пред да го забележиме единството во целата Црква?**

ЗАКЛУЧОК

Евангелието на Исуса Христа зборува за исцелување и промена. Кога тоа ќе се оствари, ќе биде извршено влијание на нашиот однос со другите. Библијата ни дава цврсти начела и примери како можеме да имаме добри и блиски односи со другите, дури и во светот на гревот.

Поука 11
8 - 14 декември 2018

# ЕДИНСТВО ВО БОГОСЛУЖЕНИЕТО





**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение: 4,8.11; Матеј 4,8.9; Данило 3,8-18; Откровение 14,9; 14,6.7; Дела 4,23-31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ, и зборуваше со силен глас: 'Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори'" (Откровение 14,6.7).**

Набргу по денот Педесетница раните христијани многу време посветувале на богослужението. „И беа истрајни во учењето на апостолите, во заедничкиот живот, во прекршувањето на лебот и во молитвите" (Дела 2,42). Радоста произлегла од сознанието дека Исус е Месија, а исполнувањето на старозаветните пророштва ги исполнило нивните срца со благодарност кон Бога. Каква предност била да се познава таа возвишена вистина. Овие рани христијани чувствувале потреба да поминуваат време заедно во дружење, проучување и молитва за да му се заблагодарат на Бога што се открил во Исусовиот живот, смрт и воскресение, како и за сè што направил за нив.

Црквата на Исус Христос по дефиниција е заедница која одржува заеднички богослужби, создадена да ѕида во „духовен дом, свето свештенство, за да принесувате духовни жртви, кои Му се пријатни на Бога, преку Исуса Христа" (1. Петрово 2,5). Благодарноста кон Бога изразена преку заедничкото богослужение ги преобразува срцата и умот на луѓето според ликот на Божјиот карактер и ги подготвува за служба.

Поуката за оваа седмица за занимава со значењето на богослужението и прашањето како тоа го чува единството меѓу оние кои веруваат во Исуса.

## ДА МУ СЕ ПОКЛОНИМЕ НА СОЗДАТЕЛОТ И ОТКУПИТЕЛОТ

Кога разговараме за богослужението, често ги нагласуваме неговите елементи, што опфаќа тоа и како се одржува. Но, кое е подлабокото значење на богослужението? Што значи да се поколониш на Бога? И зошто тоа го правиме? Давид вели: „Дајте Му ја на Господа славата на Неговото име, поклонете Му се на Господа во светата убавина!“ (Псалм 29,2). Овој Псалм нè насочува во вистинската насока за да сфатиме што претставува богослужението. Да се поклониш на Бога значи да Му се оддаде слава и почит каква што заслужува.

**Прочитајте Откровение 4. и 5. глава. Кои причини ги наведуваат небеските жители за поклонувањето на Бога и Исуса, Божјето Јагне: види: Откровение 4,8.11; Откровение 5,9.10.12.13.**

______________________________________________________________

Овој опис на богослужение во небесната сала кај престолот, каде што Исус е претставен како Божјо Јагне и Спасителот на светот, нè вдахновува со стравопочит. Богослужението почнува кога Божјите суштества Му се обраќаат со зборови на восхит и благодарност за сè што направил. Богослужението е одговор на благодарни личности за Божјото создавање и спасение. На крајот од времето, откупените ќе се здружат во обожувањето на Бога и на сличен начин ќе одговорат и на Божјото спасение. „Големи се и прекрасни Твоите дела Господи Боже, Сèдржителу! Праведни и вистински се Твоите патишта - Цару на народите. Кој нема да се уплаши од Тебе, Господи, и не ќе го прослави Твоето име? Зашто само Ти си свет; сите народи ќе дојдат и ќе се поклонат пред Тебе, зашто се покажаа Твоите праведни судови!“ (Откровение 15,3.4)

Според тоа, богослужението претставува одговор на нашата вера во Бога за Неговите моќни дела: прво затоа што нè создал, и второ затоа што нè откупил. На богослужението искажуваме восхит, почит, пофалба, љубов и послушност кон Бог, кој, како што веруваме, е достоен да го прими. Секако, за Бога како наш личен Создател и Спасител знаеме врз основа на она што ни го открил во Писмото. Исто така, она што христијаните го знаат за Бога потполно е откриено во личноста и службата на Исуса Христа (види: Јован 14,8-14). Тоа е причината зошто христијаните му се поклонуваат на Исуса како на Спасител и Откупител. Неговата поднесена жртва, смрт и воскресение се наоѓа во самата срцевина на богослужението.

Кога христијаните ќе се соберат на богослужение, тоа треба да се одржи вдахнато со чувство на стравопочит и благодарност.

**Размислите што ни е дадено во Христос како наш Создател и Спасител, од што нè поштедил и што ни нуди – бидејќи Тој доброволно умрел наместо нас. Зошто овие вистини треба да бидат темел на сите наши богослуженија?**

## ЛАЖНО БОГОСЛУЖЕНИЕ

**Кое било третото Исусово искушение во пустината? Матеј 4,8.9.**

_______________________________________________

Сатаната, возгордеан и властољубив, себеси се прогласил за законски владетел на светот, сопственик на сите негови богатства и слава, барајќи укажување чест и почит од сите кои живеат на Земјата, како тој да го создал светот. Каква навреда за Создателот. Сатаната открил дека точно знае што претставува богослужението: да му се оддаде чест и почит на вистинскиот господар на универзумот.

**Споредете го искуството на тројцата еврејски пријатели од 3 глава од Книгата на пророкот Даниел (посебно текстот од 8 до 18 стих) и силата на последното време од следните текстови: Откровение 13,4; Откровение 14,9-11. Што е ставено на коцка во последното време? Кое е суштинското прашање во двата извештаи?**

_______________________________________________

Од Каин и Авел до тројцата еврејски момчиња во Вавилон, па се до последните настани поврзано со „жигот на ѕверот“ (Откровение 16,2), сатаната настојува да воспостави лажен систем на богослужение, да ги одвои луѓето од вистинскиот Бог и лукаво да го насочи богослужението кон себе. Всушност, дури и пред падот, сакал да биде како Бога (Исаија 14,14). Не е случајно што во последните денови Божјиот верен народ ќе се соочи со закана со смрт доколку не се поклони на „иконата“ како што трите момчиња се сочиле со смртна закана бидејќи не му се поклониле на „ликот“. Зошто би се поклонувале на „иконата“ кога сме повикани да му служиме на вистинскиот Бог?

„Значајни се поуките кои можат да се извлечат од искуствата на еврејските момчиња во полето Дура... Во времето на неволји кое му претстои на Божјиот народ ќе биде потребна непоколеблива вера. Неговите деца мораат да покажат дека Му служат единствено на Оној кој е достоен да биде славен и дека ништо, дури ни животната опасност, не може да ги натера да направат и најмала отстапка пред лажното богослужение. За верното срце, заповедите на грешен, смртен човек стануваат безначајни во споредба со Речта на вечниот Бог. Вистината ќе биде почитувана дури и ако последиците бидат затвор, прогонство или смрт“ (Елена Вајт, Пророци и цареви, стр. 512.513. оригинал).

**На кои различни начини дури и денес можеме да бидеме искушани да славиме некој друг, а не единственото Битие кое е достојно за нашата похвала? Како лажното богослужение може да претставува полукава закана отколку што мислиме? Дури и сега, на што можеме да бидеме искушани да служиме?**

## ПРВАТА АНГЕЛСКА ВЕСТ

Адвентистите христијани Тројната ангелска вест од Откровение 14,6-12 ја гледаат како опис на својата мисија и суштината на својата порака пред второто Исусово доаѓање (Откровение 14,14-20). Овие важни пораки треба да се проповедаат со „голем глас“ на сите жители на Земјата.

**Прочитајте: Откровение 14,6.7. Како гласи првата ангелска вест и што зборува за Бога? Зошто во оваа порака се спомнува зборот поклонете?**

---

Првата од трите ангелски вести, поракатa му ја објавува на целиот свет. Тоа е исполнување на Исусовото пророштво од текстот во Матеј 24,14. Описот на овие тројца ангели и нивната мисија е проникнат со чувство на итност и брзање. Првата порака ги поттикнува луѓето да се сосредоточат на Бога бидејќи „дојде часот на Неговиот суд“ (Откровение 14,7).

„Бојте се од Бога“, вели ангелот (Откровение 14,7). Во умот на оние кои не го сфаќаат Бога сериозно, оваа порака и повик на дејствување ќе разбуди страв. Но, во Исусовите следбеници овој повик предизвикува почит и стравопочит. Тие го подигаат својот поглед кон Бога и го гледаат како се исполнуваат Неговите ветувања. Ги обзема чувство на благодарност и восхит кон Бога.

„И поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7). Овие зборови непогрешливо укажуваат на заповедта за саботата и за нејзината поврзаност со создавањето (види: 2. Мојсеева 20,8-11). Бог Создателот кој ја воспоставил саботата како сеќавање на создателската сила, е токму Оној кому треба да му се поклонуваме и кого треба да го обожаваме.

Интересно е да се забележи дека на крајот од времето богослужението се препознава како клучно прашање во големата борба за верност на човечкиот род. Оваа објава упатена на целиот свет претставува повик да му се поклонуваме на Создателот.

„Централно прашање во конечната криза ќе биде прашањето околу богослужбата. Во Откровението стои јасно забележано дека проверката нема да го опфати отфрлувањето на богослужението, туку прашањето кому му служиме. На крајот на времето, ќе постојат само две групи на луѓе: оние кои се бојат од вистинскиот Бог и Му се поклонуваат (Откровение 11,1.18; 14,7) и оние кои ја презираат вистината и се поклонуваат на ламјата и ѕверот (Откровение 13,4-8; 14,9-11)... Ако богослужението е централно прашање во последниот судир, не е чудно што Бог го испраќа Евангелието на последното време, поттикнувајќи ги жителите на Земјата сериозно да го сфатат и да Му служат нему како Создател, кој единствено е достоен за пофвала“ (Ранко Стефановиќ, *Revelation of Jesus Christ: Commentary on the Book of Revelation* [Barrien Springs, Mich: Andrews University Press, 2002], стр. 444.445).

## ПРОУЧУВАЊЕ НА БИБЛИЈАТА И ЗАЕДНИШТВОТО

**Прочитајте го текстот во Дела 2,42. Кои биле конкретните елементи на богослужението на раните христијани?**

___

„И беа постојани во апостолското учење и општувањето; и во раскршувањето на лебот и во молитвите“ (Дела 2,42). Од најраните моменти на постоење на Црквата, богослужението се одликувало со проучување на Божјата реч. Првите христијани биле ревносни во проучувањето за тоа што кажува Писмото за Исус како Месија. Биле во постојана заедница. Меѓусебно ги делеле благословите со коишто Бог ги дарувал и се храбреле едни со други во духовното чекорење со Бога. Во Божјата реч ги пронашле светите вистини кои станале темел на нивната порака што му ја упатувале на светот.

**Што ни кажуваат следните стихови за важноста на проучувањето на Божјата реч и заедништвото со останатите верници?**

**2. Царевите 22,8-13.** ___

**Дела 17,10.11.** ___

**2. Тимотеј 3,14-17.** ___

„Секаде каде што се проповедаат вистините на евангелието, сите кои искрено сакаат да го следат вистинскиот пат, трудољубиво и внимателно ги проучуваат светите списи. Кога во завршниот период од историјата на оваа земја луѓето на кои им се проповедаат тие вистини би го следеле примерот на Верејците, проучувајќи ги секој ден светите списи и споредувајќи ја Божјата реч со пораката што им се изнесува, денеска би постоел голем број луѓе предани на прописите на Божјиот закон таму каде што сега сразмерно се малку“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 232. оригинал).

Ние како народ сме обединети благодарение на вистините кои ги објавуваме, вистините кои ги пронаоѓаме во Божјата реч. Така било и во Божјата црква во раните денови, така е и денес. Проучувањето на Божјата реч ја претставува сржта и на нашата служба на Бога и на нашето единство како народ кој е повикан на светот да му ја објавува Тројната ангелска вест. Кога на богослужбата ќе се собереме како семејство да го негуваме заедништвото и да го обожаваме Бога, Писмото ни ја упатува Божјата реч, го води нашиот живот и нè подготвува за мисијата и за Исусовото второ доаѓање.

**Колку цврсто сте втемелени во она во што верувате врз основа на Библијата? Односно, дали сте доволно втемелени за да бидете соочени со смртта како трите еврејски момчиња и да можете да останете постојани?**

## КРШЕЊЕ НА ЛЕБОТ И МОЛИТВА

Со какви предизвици и да се соочувала Првата црква, верниците биле обединети во заедничката вера во Исуса и во вистината што им ја доверил да ја шират во светот. Петар дури ја нарекува и „сегашна вистина" (2. Петрово 1,12). Така обединети во вистината, своето единство го изразувале на многу начини.

„И беа постојани во апостолското учење... и во раскршувањето на лебот и во молитвите" (Дела 2,42). Кршењето на лебот веројатно се однесува на заедничкиот оброк или на редовните оброци кои биле делени меѓу верниците. Во одреден момент за време на заедничкиот оброк, некој би побарал посебен благослов над лебот и пијалакот во сеќавање на Исусовата смрт и воскресение, во очекување на Неговото скоро враќање. Така раните христијани го посветувале своето време на сеќавање на значењето на Исусовиот живот и служба, и за тоа со задоволство разговарале за време на заедничките оброци. Оброците што седелеле станале моменти на богослужение. „И секој ден беа постојано и еднодушно во Храмот; раскршуваа леб по домовите и примаа храна со радост и просто срце, фалејќи Го Бога беа омилени кај сиот народ. А секој ден, Господ ги додаваше оние, кои се спасуваа" (Дела 2,46.47). Нема сомнение дека ова време на заедништво во голема мера помогнало да се зајакне чувството за единство кое го имале во Исуса·

**Кои примери на заеднички молитви на раните христијани ги пронаоѓаме во Дела апостолски? За што се молеле?**

**Дела 1,14.** ______________________________

**Дела 4,23-31.** ______________________________

**Дела 12,12.** ______________________________

Верниците на ранохристијанската црква ја ценеле приликата непосредно да разговараат со Бога. Секогаш му упатувале молби кога ќе се состанеле на богослужение. Павле во Првото послание до Тимотеј ја спомнува важноста на заедничката молитва (1. Тимотеј 2,1). На Ефешаните исто така им ја нагласил таа потреба: „Со секаква просба и молитва, молете се во Духот во секое време, и заради тоа бдејте со сето постојанство и со молба за сите свети и за мене, да ми се даде слово кога ќе ја отворам устата, за да можам да ја соопштувам смело тајната на Евангелието" (Ефешаните 6,18.19).

**На кои начини можеме да доживееме подлабоко единство благодарение на силата на посредничката молитва за заеднички цели? Како оваа молитва ни помага да се обединиме како Црква?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„’Саботата како спомен на создавањето е важна затоа што постојано нѐ потсетува на вистинската причина да го обожаваме Бога’ зашто Тој е наш Творец, а ние негови созданија. ’Саботата, според тоа, е вградена во самиот темел на богослужението, бидејќи на највлијателен начин ја издигнува таа голема вистина, а тоа не го прави ниту една друга институција. Вистинскиот темел на богослужение, не само во текот на седмиот ден, туку на секое богослужение, се наоѓа во разликата меѓу Творецот и неговите созданија. Тој голем факт никогаш не смее да застари ниту да се зборави“ (J. N. Ендрус, *History of the Sabbath*, 27 глава).

„Бог ја воспоставил саботата во Едем за секогаш да нѐ потсетува на таа голема вистина. Сѐ додека фактот оти Тој е наш Творец постои како причина да го славиме, и саботата ќе биде негов знак и спомен. Кога сите луѓе би ја празнувале саботата, нивните мисли и чувства би биле насочени кон Творецот како објект на стравопочит и обожавање и никогаш не би постоел ниту еден идолопоклоник, атеист или неверник. Држењето на саботата е знак на верност кон вистинскиот Бог кој ’ги создаде небото, земјата, морето и водните извори’. Значи, гледаме дека веста што им заповеда на луѓето да го слават Бога и да ги држат неговите заповеди, посебно ги повикува да ја држат четвртата заповед“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 437.438. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Бидејќи библиските поими - богослужението, создавањето и спасението - се тесно поврзани меѓу себе, што мислите како славењето на саботата може да биде Божји лек за лажното богослужение? Каква улога има саботата во пророштвото за последното време од текстот во Откровение 14,6.7? Зошто саботата се спомнува во Првата ангелска порака?**
2. **Често разговараме за содржината на богослужението – што би требало да правиме во текот на богослужението а што не. Дали тоа е доволно? Што всушност претставува богослужението? Како вашата месна црква одржува осмислени богослужби?**
3. **Во некои општества, христијанските заеднички богослуженија полека се заборавaат или се напуштаат, па дури и меѓу адвентистичките заедници. Што може да направи вашата месна црква за да му се спротивстави на ваквото движење.**

ЗАКЛУЧОК

Богослужението е начин на кој христијанскиот верник може да ја изрази својата благодарност на Бога за дарот на спасението. Тоа исто така е основен елемент на искуството на единството и заедништвото на христијанската заедница. Без молитва и проучување на Библијата со желба да ја дознаеме Божјата вистина, нашата заедница нема да успее да го доживее единството во Христа.

**Поука 12**
**15 - 21 декември 2018**

# ЦРКОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЕДИНСТВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефешаните 5,23-27; Матеј 20,25-28; Тит 1,9; Матеј 16,19; Галатјаните 6,1.2; Матеј 28,18-20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Нека не биде така меѓу вас! Туку, кој сака да биде голем меѓу вас, нека ви биде слуга! И кој сака да биде прв меѓу вас, нека ви биде слуга“ (Матеј 20,26.27).**

Како христијани адвентисти, ние сме протестанти кои веруваат дека спасението се добива само со вера во она што Исус Христос го остварил за човештвото. Не ни е потребна црква или црковна хиерархија за да ги примиме благословите на Христовото дело кое е направено за нас. Она што го примаме од Христа, го примаме непосредно од Него, како наша Замена на крстот и наш Првосвештеник кој посредува за нас во небеското Светилиште. Црквата е Божје дело. Бог ни ја дал Црквата не како средство за спасение, туку да ни помогне да го изразиме и да го покажеме на светот. Исус ја основал Црквата како организација со цел да го шири Евангелието. Организацијата е важна затоа што ја утврдува и овозможува мисијата на црквата. Без црковната организација, Исусовата спасоносна порака не би можела толку успешно да им се објави на другите. Црковните водачи исто така се важни бидејќи го негуваат единството и со својот пример укажуваат на Христа.

Оваа седмица ќе проучуваме зошто црковната организација е важна за мисијата и како таа го поттикнува црковното единство.

## ХРИСТОС, ГЛАВА НА ЦРКВАТА

Како што веќе видовме во претходната лекција, Црквата во Новиот завет е споредена со телото. Црквата го претставува Христовото тело. Ова споредување упатува на неколку аспекти на Црквата и на односите меѓу Христа и неговиот народ. Бидејќи Црквата е Христово тело, самото нејзино постоење зависи од Него. Тој е Глава (Колошаните 1,18; Ефешаните 1,22) и Извор на животот на Црквата. Без него нема да ја има.

Црквата исто така го добива својот идентитет од Христа, бидејќи Тој е извор, темел и Зачетник на нејзините верувања и учења. Сепак, колку и да е важна за нејзиниот идентитет, Црквата е повеќе од верување и учење. Христос и неговата реч, онака како што се откриени во Писмото, одредуваат што е Црквата. Според тоа, Христос ѝ дава на црквата идентитет и значење.

**Павле во Ефешаните 5,23-27, користејќи го општењето меѓу Христа и Неговата црква, прикажува каков однос треба да владее меѓу мажот и жената. Кои се клучните идеи на овој однос меѓу Христа и Неговата црква?**

---

Иако можеме да се двоумиме кога е во прашање поимот на потчинување, бидејќи водачите во изминатите векови го злоупотребувале. Црквата, сепак, треба да биде потчинета на Главата, на Христ и Неговата власт. Признавањето на Христа како Глава на црквата ни помага да не заборавиме кому му припаѓа нашата конечна верност, а тоа е Господ лично, и никој друг. Црквата треба да биде организирана, но таа организација секогаш мора да биде потчинета на Исусовиот авторитет, вистинскиот Водач на црквата.

„Црквата е изградена врз Христа како свој темел и таа го слуша Христа како своја глава. Таа не смее да зависи од човек или со неа да владее човек. Мнозина тврдат дека доверливата положба во црквата им дава власт да наредуваат што треба другите луѓе да веруваат и да прават. Бог не го одобрува таквото право. Спасителот изјавува: 'Вие сте браќа.' Сите се изложени на искушение и подложни на грешки. Не можеме да се потпреме ниту на едно смртно суштество да нè води. Карпата на верата е живото присуство на Христа среде Црквата. Врз неа може да се потпре и најслабиот, а оние што себеси се сметаат за најсилни, ќе се покажат најслаби ако не го сторат Христа своја сила“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 414. оригинал).

**Како можеме да научиме да се потпираме на Христа, а не на „смртно суштество“, што е многу лесно да се направи?**

## ВОДАЧОТ КАКО СЛУГА

Во текот на својата служба која ја објавувал со учениците, Исус веројатно постојано одново се чувствувал огорчено поради нивната желба за моќ. Се чинело дека апостолите биле желни да станат моќни водачи во Исусовото царство (Марко 9,33.34; Лука 9,46). Дури и кога заедно ја јаделе Последната вечера, меѓу нив јасно се чувствувала оваа желба за превласт и надмоќ (Лука 22,24).

**Исус во една прилика јасно го изразил своето мислење во врска со духовното водство во својот народ. Кои начела на водство ги забележуваме во Исусовата опомена во стиховите во Матеј 20,25-28? Како можеме да го покажеме ова начело во својот живот, а посебно во својата црква?**

---

„Во овој кус текст Исус претставува два модела на власт. Првиот претставува римска идеја за власт. Според овој модел, елитното друштво во хирерхиска смисла се наоѓа над другите. Тоа има власт да донесува одлуки и да очекува да му се покорат сите што се под него. Исус јасно го отфрлил ваквиот модел на власт кога изјавил: ‹Но меѓу вас да не биде така.› Наместо тоа, Тој на учениците им претставил нов модел на владеење, кој се огледувал во целосно отфрлање или пресврт на хиерархискиот модел што го познавале“ (Дариус Јанкевиќ, “Serving Like Jesus: Authority in God’s Church”, *Adventist Review*, 13. мај 2014, стр. 18).

Концептот на власт, како што Христос го претставува во овој извештај, се темели на два клучни збора: слуга (*diakonos*) и роб (doulos). Во одредени верзии на Библијата, првиот збор, слуга, често се преведува како „помошник“, а вториот како „слуга“. На тој начин и двата многу губат во силата на значењето кое Исус сакал да го истакне. Иако Исус не сакал да ги укине сите структури на власта, тоа што сакал да го нагласи е дека црковните водачи првенствено мора да бидат слуги и робови на Божјиот народ. Нивната положба не служи за да владеат со народот, да господарат со него или за себе да си градат углед и чест. „Христос царството го воспоставил на поинакви начела. Тој ги повикал луѓето не да владеат туку да служат, посилните да ги носат слабостите на слабите. Оној што има моќ, положба, дарови, образование, има поголема обврска да им служи на своите ближни“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 550. оригинал).

**Прочитајте: Јован 13,1-20. Каков пример на водство им дал Исус на своите ученици? Што Исус и понатаму се обидува да нè научи во овој текст? Како ние можеме да го одразиме ова начело во сите наши постапки кон другите, во и надвор од Црквата?**

## ДА СЕ ЗАЧУВА ЦРКОВНОТО ЕДИНСТВО

**Прочитајте: 2. Тимотеј 2,15; Тит 1,9. Кои важни задачи, според советите на Павле упатени до Тимотеј и Тит, претставуваат одговорност на верните црковни водачи и старешини?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Забележете колкава важност Павле придава на тоа доктрините и учењата да не се расипат. Тоа е многу важно за единството, посебно затоа што нашите учења, би можеле да кажеме, се она што нас повеќе од сè нè обединува како Црква. Да повториме, како адвентисти, како луѓе кои потекнуваме од различни култури и средини, нашето единство во Христа почива на нашето сфаќање на вистината којашто Исус ни ја поверил. Ако сме збунети во врска со учењата, тогаш може да настапи само метеж и поделба, посебно како што се ближиме кон крајот.

„Те заколнувам пред Бога и Христа Исуса, Кој е готов да им суди на живите и мртвите, со Неговото јавување и Неговото Царство: проповедај го словото, настојувај во време и во невреме, изобличувај, прекорувај, охрабрувај со сета трпеливост и со поука. Зашто ќе дојде време, кога луѓето не ќе ја трпат здравата наука, туку според своите страсти ќе си насоберат учители,за да им ги скокоткаат ушите, и ќе ги одвратат ушите од вистината, а ќе се свртат кон бајки“ (2. Тимотеј 4,1-4).

Со овие зборови Павле ги насочува своите вдахновени мисли кон второто Христово доаѓање и денот на судот. Апостолот ја користи сета од Бога дадена власт (види: 1. Тимотеј 1,1) да му го упати на Тимотеј овој важен совет. Во рамките на последните денови, кога се повеќе и повеќе ќе има лажни учења и кога неморалноста ќе се шири, Тимотеј требал да ја проповеда Божјата реч. Тоа е службата на која бил повикан.

Како дел од проповедничката служба, Тимотеј требал да осведочи, прекори и опомене. Овие глаголи потсетуваат на улогата што ја има Писмото (2. Тимотеј 3,16). Јасно е дека работата на Тимотеј е да следи, поучува и да ги применува поуките кои ги открива во Писмото и дека тоа го прави истрајно и трпеливо. Острите и груби прекори ретко го доведуваат грешникот кај Христа. Правејќи онака како што Павле му пишал, правејќи го под влијание на Светиот Дух, со став на водач кој служи, Тимотеј во Црквата претставувал моќна сила која гради единство.

**На кои практични начини можеме да им помогнеме на нашите црковни водачи да го одржат единството во Црквата? Како можеме да бидеме сигурни дека секогаш сме сила која гради единство, дури и среде расправии?**

## ЦРКОВНА ДИСЦИПЛИНА

Едно од главните прашања на црковната организација се однесува на дисциплината. За тоа како дисциплината помага за зачувување на црковното единство понекогаш е осетлива тема и лесно може погрешно да се сфати. Но, од библиска гледна точка, црковната дисциплина се сосредоточува на две важни области: зачувување на чистотата на учењето и зачувување на чистотата на црковниот живот и пракса.

Како што веќе видовме, во Новиот завет се истакнува важноста на зачувувањето на чистотата на библиските учења среде отпадништвото и лажните учења, посебно на крајот од времето. Истото важи и за зачувувањето на угледот на заедницата чувајќи се од неморалност, нечесност и изопаченост. Од таа причина, за Писмото се вели дека е „полезно за поука, за изобличување, за поправање и за воспитување во правдата“ (2. Тимотеј 3,16).

**Прочитајте ги следните стихови: Матеј 16,19; Матеј 18,15-20. Какви начела ѝ дал Исус на Црквата во врска со дисциплината и укорувањето на оние кои грешат?**

___

Библијата го поддржува концептот на дисциплина и одговорност на едни кон други во духовниот и моралниот живот. Всушност, едно од највпечатливите обележја на Црквата е нејзината светост или одвојување од светот. Во Библијата наоѓаме многу примери на тешки околности кои налагале Црквата да дејствува решително против неморалното однесување. Моралните мерила мораат да се сочуваат во црквата.

**Кои начела, според следните текстови, треба да ги следиме кога ќе се соочиме со тешки прашања во Црквата? Матеј 7,1-5; Галатјаните 6,1.2.**

___

Не можеме да го негираме библиското учење за потребата од црковна дисциплина. Не можеме да бидеме верни на Речта без неа. Но, забележете дека во многу од овие опомени се наоѓа стремеж на другите да им се пружи помош. Колку тоа и да е можно, дисциплината треба да нè спаси од грешки и зла. Исто така, не треба да заборавиме, дека сите сме грешници и дека на сите ни е потребна благодатта. Според тоа, кога укажуваме на дисциплината, тоа треба да го направиме понизно и со јасна свест за своите падови.

**Како во нашиот однос со оние кои грешат можеме да научиме да постапуваме така што во својот став ќе покажеме поголема желба да помогнеме отколку да казниме?**

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МИСИОНСКАТА РАБОТА

Како што сите видовме во ова тримесечје (а потребно е да се повторува), како Црква сме организирани и обединети поради мисионската работа. Ние не сме само друштвен клуб во кој се состануваат истомисленици и се утврдуваат едни со други во она во што веруваат (иако и тоа е мошне важно). Ние сме собрани за да му ја објавиме на светот вистината која лично сме ја засакале.

**Во текстот во Матеј 28,18-20, Исус на своите ученици им дал последни упатства во врска со мисијата во светот. Препознајте ги клучните зборови во Исусовиот налог. Што значат овие зборови за Црквата денес?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исусовиот голем налог упатен на учениците опфаќа четири клучни зборови оди, создавај ученици, крштавај и поучувај. Според грчката граматика, главниот глагол во овие стихови е создавај ученици, а останатите три покажуваат како сето тоа може да се оствари. Ученици се создаваат кога верниците од сите народи го проповедаат Евангелието, ги крштаваат и ги поучуваат луѓето како да го држат она што Исус го наложил.

Кога Црквата го исполнува овој налог, Божјото царство се зголемува и сѐ поголем број на луѓе од сите народи се придружуваат кон редовите на оние кои го прифаќаат Исуса како Спасител. Благодарение на нивната послушност на Исусовиот налог да се крстат и да се придржуваат кон Неговите учења, се создава ново сеопшто семејство. Новите ученици, исто така, се уверени во Исусовото секојдневно присуство додека лично создаваат нови ученици. Исусовото присуство е ветување за Божјето присуство. Евангелието според Матеј почнува со изјавата дека Исусовото раѓање се однесува на фактот дека „Бог е со нас“ (Матеј 1,23) и завршува со ветувањето дека Исус постојано ќе биде со нас сѐ до Второто доаѓање.

„Христос им рекол на своите ученици дека нивната задача нема да биде лесна... Христос им загарантирал дека Тој секогаш ќе биде со нив и дека, ако појдат со вера, ќе бидат засолнети од Семоќниот. Им наредил да бидат храбри и силни, зашто во нивните редови ќе се наоѓа Оној кој е посилен дури и од ангелите – Војсководителот на небесните армии. Тој ги извршил сите подготовки за продолжување на нивното дело и сета одговорност за успехот ја примил врз себе. Сѐ додека ќе се придржуваат кон неговата реч и додека во својата работа ќе бидат цврсто поврзани со него, нема да знаат за пораз и неуспех“ (*Делата на апостолите*, стр. 29. ориг.).

**Размислувајте за тоа што значи ветувањето дека Исус ќе биде со својот народ до своето Второ доаѓање. Како стварноста на ова ветување влијае на нас додека настојуваме да го исполниме налогот кој Исус ни го дал.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните глави во книгата на Елена Вајт, *Евангелски работници*: „Единство во разновидноста“, стр. 483-485 оригинал; „Црковна дисциплина“ стр. 498-503 оригинал.

„Начелата на доброто водство се применуваат во сите облици на општеството, вклучувајќи ја и Црквата. Но, водачот на Црквата мора да биде повеќе од водач. Тој мора да биде и слуга.

Постои очевидна противречност меѓу улогата водач и слуга. Како некој може да биде и водач и да служи во исто време? Зар водачот не зазема почесна положба? Зар тој не заповеда и не очекува другите да го слушаат? Како тогаш зазема ниска положба на слуга, како прима и исполнува наредби?

За да ја решиме оваа противречност, мораме да се свртиме кон Исус. Тој во потполност го претставил начелото на водач кој служи. Целокупниот негов живот бил посветен на службата. А едновремено бил и најголем водач кого светот некогаш го запознал“. (G. Artur Keoug, *Our Church Today: What It Is and Can Be* [Washington, D. C., and Nashville: Review and Herald, 1980], стр. 106).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте за идејата водач – слуга. Какви примери можеме да пронајдеме во секуларниот свет?**

**2. Прочитајте повторно: Матеј 20,25-28. Што ни кажува овој текст за тоа како Бог го сфаќа значењето на зборот „поголем“ (Матеј 20,26) во споредба со она како светот го сфаќа овој збор?**

**3. Ако една од задачите на црковните водачи е да го сочуваат единството, што треба да правиме кога црковните водачи се сопнуваат, кога нивната човечка природа ги спречува да бидат совршен пример?**

**4. Зошто е важно да спроведуваме црковна дисциплина со дух на благост и љубов кон оние кои грешат? Зошто стихот Матеј 7,12 секогаш треба да биде на прво место во нашиот ум во текот на тој процес?**

### ЗАКЛУЧОК

Добрата црковна организација е неопходна за мисионската работа на Црквата и единството на верниците. Христос е Глава на Црквата, а црковните водачи треба да го следат Неговиот пример додека го водат Божјиот народ. Единството се чува со верно поучување на Божјата реч и верниот живот во согласност со таа Реч.

Поука 13
22 - 28 декември 2018

# КОНЕЧНО ОБНОВУВАЊЕ НА ЕДИНСТВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 14,1-3; Исаија 11,1-10; Откровение 21,1-5; 1. Солуњаните 4,13-18; Откровение 22,1-5; Исаија 35,4-10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А ние, според Неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја, во кои пребива правдата“ (2. Петрово 3,13).**

Едно од најголемите ветувања во Библијата е Исусовото ветување дека повторно ќе дојде. Сета наша надеж почива на тоа ветување и на она што тоа значи за нас. Кога Христос ќе се врати на небесните облаци, сè што е земно, сè што човекот создал, и што е, според тоа, минливо и во некој момент безначајно, ќе биде уништено. По илјадагодишнината на Небото, Земјата, на која владеат војни, глад, болести и несреќи, ќе биде обновена и ќе стане место на кое е живеат откупените, конечно соединети со Господа и едни со други.

Надежта во Второто Христово доаѓање е главна тема на Новиот завет и во векови христијаните копнеат исполнувањето на ова ветување. Ние, како христијани адвентисти, исто така, копнееме за Неговото враќање. И навистина, самото наше име ја објавува таа надеж.

Во оваа последна лекција, ќе се осврнеме на тоа ветување и што тоа значи за христијанското единство. Нашето единство во Христос често се наоѓа пред предизвиците поради нашата ограниченоСт и слабост. Но, повеќе нема да има потреба да бараме решенија за меѓусебните поделби, бидејќи повеќе нема да ги има. При Второто Христово доаѓање ќе станеме едно во Господа, конечно како обединето и обновено семејство.

## СИГУРНОСТА НА ХРИСТОВОТО ВРАЌАЊЕ

**Најпознатото ветување за второто Христово доаѓање е забележано во стиховите во Јован 14,1-3. Што ни кажува ова ветување за тоа каков живот ќе живеат откупените на новата Земја?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Првите христијани Христовото второ доаѓање го сметале за „блажена надеж“ (Тит 2,13). Очекувале дека сите пророштва и ветувања од Писмото ќе се исполнат при Второто доаѓање, бидејќи тоа е самата цел на христијанското патување. Сите кои го сакаат Христа, желно го очекуваат денот кога ќе можат да остварат заедница со Него лице в лице. Неговите зборови во овие стихови ја навестуваат блискоста и приврзаноста која ќе ја делат, не само со Него, туку и меѓусебно.

Христијаните веруваат во ова ветување затоа што Библијата нè уверува дека ќе се исполни. Сигурни сме во тоа бидејќи им веруваме на Исусовите зборови: „Пак ќе дојдам“ (Јован 14,3). Како што првото Христово доаѓање било проречено, така е и со Неговото второ доаѓање, претскажано дури и во Стариот завет. Бог пред потопот му рекол на патријархот Енох дека доаѓањето на Месија во слава ќе го уништи гревот. Енох прорекол: „А и за овие пророкуваше Енох, седмиот по Адама, велејќи: ’Ете, Господ дојде со десет илјадници Свои свети, за да им суди на сите и за да ги изобличи сите безбожници, за сите нивни безбожни дела, што безбожно ги направиле, и за сите навредливи зборови, што безбожните грешници ги изговориле против Него’“ (Јуда 1,14.15).

Илјада години пред Исус да дојде на оваа Земја, царот Давид исто така претскажал дека Месија ќе дојде и ќе го обедини Божјиот народ. „Нашиот Бог доаѓа и не молчи. Пред Него врви оган што проголтува, околу Него беснее силна бура. Тој ги повикува одозгоре небесата и земјата, за да му суди на Својот народ: ‘Соберете ги Моите избраници кои со жртва склучија завет со Мене!’“ (Псалм 50,3-5).

Исусовото второ доаѓање е тесно поврзано со Неговото прво доаѓање. Пророштвата кои го најавуваат Неговото раѓање и служба (на пример: 1. Мојсеева 3,15; Михеј 5,2; Исаија 11,1; Даниел 9,25.26) претставуваат темел на нашата надеж и доверба во ветувањата за Неговото второ доаѓање. Христос „се јави еднаш, за да го отстрани гревот со Својата жртва... така и Христос, откако беше принесен еднаш за да ги земе гревовите на мнозина, ќе се јави вторпат без грев, а за спасение на оние кои го очекуваат“ (Евреите 9,26.28).

**На кои начини, дури и сега можете да примате надеж и утеха од ветувањето за Второто Христово доаѓање?**

## ВЕТУВАЊЕ ВО ОБНОВУВАЊЕТО

**Прочитајте Исаија 11,1-10. Какво ветување му е дадено на Израел и што ни кажува тоа за вечното престојувалиште на откупените?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Библијата почнува со извештајот за создавањето на Земјата (1. Мојсеева 1. и 2. глава). Тоа претставува опис на убав и хармоничен свет кој им бил доверен на нашите прародители Адам и Ева. Бог создал совршен свет и дом за човечкиот род. Последните две глави во Библијата исто така зборуваат за Божјето создавање на еден совршен и хармоничен свет за откупеното човештво (Откровение 21 и 22 глава), но овој пат би било поточно да се каже за повторно создавање, обновување на Земјата уништена од гревот.

Во Библијата на многу места се кажува дека овој вечен дом на откупените ќе биде реално место, а не плод на фантазија или сон. Откупените ќе можат да го видат, да го слушнат, помирисаат, допрат и почувствуваат ново искуство, нов живот. Пророштвото од 11. глава од Книгата на пророк Исаија е прекрасен текст кој го предвидува доаѓањето на Месија, кој ќе создаде нова ера. Тој ќе го прекине секое насилство и ќе внесе вечен мир. Божјето владеење на оваа нова Земја ќе воспостави сеопшта хармонија.

**Што ќе исчезне засекогаш како резултат на оваа нова хармонија? Откровение 21,1-5.**

______________________________________________________________________

Елена Вајт забележала што ги чека откупените: „„Како годините на вечноста поминуваат, ќе донесуваат сè побогати и почудесни откритија за Бога и Христа. Со зголемувањето на знаењето ќе расте и нивната љубов, нивната стравопочит и среќа. Колку повеќе луѓето ќе знаат за Бога, сè посилно ќе му се восхитуваат на неговиот карактер. А кога Исус ќе го открива пред нив богатството на откупувањето и вчудовидувачките резултати од големата борба со сатаната, срцата на откупените ќе пламтат со сè посилна љубов. Со восхит и радост ќе ги земаат своите златни харфи и десет илјади по десет илјади и илјада илјади гласови ќе се слеат во силен хор на славопој“ (*The Story of Redemption*, стр. 432.433. ориг.).

**Како дури и сега можеме да го сфатиме Божјиот карактер? Како животот во хармонија и единство со другите открива дел од Божјиот карактер и природа?**

## ВОСКРЕСЕНИЕ И ОБНОВЕНИ ОДНОСИ

Уште од најраните денови на Црквата, ветувањето за Христовото враќање, можеби повеќе од што било друго, ги крепело срцата на верниот Божји народ, посебно во време на неволја. Со какви било застрашувачки борби да се соочувале, какви и да било неутешни таги и болки да доживеале, имале надеж во Христовото повторно доаѓање и во сите возвишени ветувања кои второто доаѓање ги опфаќа.

**Прочитајте 1. Солуњаните 4,13-18. Какви ветувања се опфатени со овој текст? Што кажуваат за надежта во обновените односи?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Второто Христово доаѓање силно ќе влијае на целото човештво. Важен дел од воспоставувањето на Божјето царство е собирањето на избраните. „И Тој ќе ги испрати Своите ангели со силен глас на труба и ќе ги соберат Неговите избраници од четирите ветра, од едниот крај на небото до другиот" (Матеј 24,31). Во моментот на собирање, праведните мртви ќе воскреснат и ќе ја примат својата бесмртност (1. Коринќаните 15,52.53). „Мртвите во Христа ќе воскреснат прво" (1. Солуњаните 4,16). Ова е момент на кој сите чекаме. Воскреснатите ќе се состанат со оние кои копнееле за нивното присуство и љубов. Вака Павле се радувал размислувајќи за тој настан: „Смрт, каде ти е победата? Смрт, каде ти е осилото?" (1. Коринќаните 15,55)

При воскресението нема да станат болните стари изобличени тела кои се спуштени во гроб, туку ќе станат нови, бесмртни, совршени тела, кои повеќе не го носат белегот на гревот, кој бил причина за нивното пропаѓање. Светите воскреснати ќе го доживеат крајот на Христовото дело на обновување, одразувајќи го совршено Божјиот лик предвиден при создавањето (1. Мојсеева 1,26; 1. Коринќаните 15,46-49).

Во моментот на второто Христово доаѓање, кога откупените мртви ќе воскреснат, праведните живи ќе бидат преобразени и ќе добијат нови совршени тела. „Заштo треба ова распадливото да се облече во нераспадливо; и ова смртното да се облече во бесмртност" (1. Коринќаните 15,53). Според тоа, овие две групи откупени, воскреснати и преобразени праведни, ќе бидат „грабнати заедно со нив на облаците, во воздух, во пресрет на Господа; и така засекогаш ќе бидеме со Господа" (1. Солуњаните 4,17).

**Во сегашното научно доба, дури и некои христијани се обидуваат да пронајдат природно објаснување за сѐ, дури и за „чудата". Што можеме да научиме од ветувањето за воскресението, за тоа зошто само Божјето натприродно дело може да нѐ спаси?**

## НОВА ЗЕМЈА ЗА ОТКУПЕНИТЕ

„Зашто, еве, Јас создавам нова небеса и нова земја. Поранешните веќе не ќе се спомнуваат, ниту ќе ви доаѓаат на ум" (Исаија 65,17). И Исаија и Јован (Откровение 21,1) ја виделе во видение новата ветена Земја.

**Во Откровение 21,2.9-27 разгледајте го Јовановиот опис на неверојатниот град на откупените, Новиот Ерусалим. Што ни навестуваат овие стихови за единството и хармонијата која ќе владее во градот?**

________________________________________________

________________________________________________

**Прочитајте: Откровение 22,1-5. Реката на животот која тече од Божјиот престол и дрвото на животот од двете нејзини страни се следните важни одлики на новиот град. Каква е нивната цел на Новата земја?**

________________________________________________

Дрвото на животот, до кое Адам повеќе немал пристап поради престапот (1. Мојсеева 3,22-24), Христос ќе го обнови во Новиот Ерусалим. Пристапот кон ова дрво е едно од ветувањата дадено на оние кои ќе победат (Откровение 2,7). Тоа што ќе раѓа 12 плодови, нов плод секој месец, можеби е причина зошто на Новата Земја „од нова месечина до нова месечина, од сабота до сабота, секое тело ќе доаѓа за да се поклони пред Моето лице - говори Господ" (Исаија 66,23). Изразот „исцелување на народите" исто така ја нагласува Божјата намера да ги отстрани сите пречки меѓу луѓето и да го обнови човечкиот род според првобитната намера: да ги доведе сите луѓе, племиња и народи во едно единствено семејство, кое ќе живее во хармонија и мир, и ќе му оддава слава на Бога.

„'Исцелување на народите' фигуративно се однесува на отстранување на сите национални и јазични пречки и поделби... Листот од дрвото на животот го лечи раздорот меѓу народите. Тие повеќе не се 'незнабошци', туку се обединети во едно семејство како вистински Божји народ (споредете Откровение 21,24-26). Она што Михеј го предвидел многу векови порано, сега се исполнува: 'Народ не ќе дига меч против народ, ниту веќе ќе се вежбаат за војна. Секој ќе седи мирно под виновата лоза, и под својата смоква, и никој не ќе го плаши. Тоа го рече устата на Господ над Војските' (Михеј 4,3.4; споредете: Исаија 2,4). На бреговите од реката на животот откупените ќе се повикуваат 'еден со друг' да седнат (Захарија 3,10) заедно под дрвото на животот. Исцелувачката особина на листот на ова дрво ќе ги лечи сите рани – расни, етнички, племенски или јазични – кои со векови го делеле и го раздвојувале човештвото" (Ранко Стефановиќ, *Revelation of Jesus Christ: Commen-tary on the Book of Revelation*, стр. 593).

## ЖИВОТОТ НА НОВАТА ЗЕМЈА

**Прочитајте ги следните текстови: Исаија 35,4-10; 65,21-25. Колку животот ќе се разликува тогаш од оној што овде сме го доживеале?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Во Книгата на пророк Исаија неколку пати читаме за нешто ново: „нешто ново, нови настани" (42,9; 48,6; 43,19), „нова песна" (42,10), „ново име" (62,2). Во 65. глава се јавува нов поредок на работите. Мир и слога владее меѓу сите Божји созданија. Заветните клетви за непослушност и бунт (види: 3. Мојсеева 26,14-17; 5. Мојсеева 28,30) засекогаш ќе бидат укинати, бидејќи грев повеќе нема. Наместо тоа, ќе има благослови во изобилство, домови во кои ќе се живее и храна во која ќе се ужива.

Како ќе изгледа животот на тоа убаво место? Поединци се прашуваат дали ќе можеме да ги препознаеме своите пријатели и семејството, откако нашето тело ќе ја прими бесмртноста и во потполност ќе биде обновено според Божјиот лик. По Христовото воскресение, Неговите ученици можеле да Го препознаат. Марија го препознала Неговиот глас (Јован 20,11-16). Тома го препознал Исусовиот физички изглед (Јован 20,27.28). Двајцата ученици од Емаус го препознале Неговото држење на масата за време на вечерата (Лука 24,30.31.35). Според тоа, ако нашето тело биде слично на Исусовото воскреснато тело, сигурно ќе можеме да се препознаеме едни со други. Можеме да се радуваме на вечноста во која ќе владеат обновени односи. Исто така, можеме да претпоставиме дека ќе ги продолжиме односите со оние кои ги познаваме и ги сакаме, и кои таму ќе бидат со нас.

„Таму откупените „ќе сознаат целосно како и самите што се целосно познати". Чувствата на љубов и сочувство што ги всадил Бог во душата, таму ќе најдат најдобра и најубава примена. Чистата врска со светите суштества, хармоничниот општествен живот со возвишените ангели и со верните од сите времиња, кои своите облеки ги испрале и ги избелиле во крвта на Јагнето; светата врска, која меѓусебно го соединува "сиот род на небесата и на земјата" (Ефешаните 3,15) - сето ова придонесува за среќата на откупените" (Е. Вајт, *Големата борба*, стр. 677. оригинал).

**„Затоа не се истоштуваме... Зашто, нашата сегашна лесна неволја ни донесува прекумерно, и неизмерно, вечно изобилство на слава, зашто ние не мислиме на она што е видливо, туку на она што е невидливо; зашто видливите работи се поминливи, а невидливите се вечни" (2. Коринќаните 4,16-18). Како во светот кој е привремен и минлив можеме да научиме да тежнееме да го досегнеме она што не се гледа и што е вечно?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Воскресението и вознесението на нашиот Господ е непобитен доказ дека светите Божји ќе ја победат смртта и гробот, тоа е гаранција дека Небото е отворено за сите оние кои ќе ја исчистат облеката на својот карактар и ќе ја избелат во крвата на Јагнето. Исус се вознел кај Отецот како Претставник на човечкиот род и Бог, оние кај кои ќе се огледува Неговиот лик, исто така ќе ги доведе таму да ја гледаат Неговата слава и да учествуваат во Неа.

Постојат домови за оние кои на Земјата биле само патници и придојдени. Бела облека со круни на славата и победоносни палми ги очекуваат праведните. Во идниот свет конечно ќе ни биде јасно сѐ она што нѐ збунувало во Божјето провидение. Тогаш ќе бидат објаснети појавите коишто денеска тешко можат да се сфатат. Пред нас ќе се открие тајната на милоста. Таму каде што нашиот ограничен ум гледал само збрка и неисполнети ветувања, ќе забележи најсовршена и најпрекрасна хармонија. Ќе увидиме дека бескрајната љубов одредила да го преживееме она што ни изгледало потешко од сѐ. Кога ќе ја сфатиме нежната грижа на Оној кој прави сѐ што ќе нѐ снајде да биде за наше добро, тогаш ќе почувствуваме неискажлива радост и благодарност“ (Е. Вајт, *Counsels for the Church*, стр. 358).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Иако другите христијани (но, не сите) веруваат во второто Христово доаѓање како буквален настан, што е тоа што адвентистичката надеж во второто Христово доаѓање ја прави единствена?**
2. **Додека пливале, една риба ѝ се обратила на друга: „Каква е водата“? Другата риба одговорила: „А што е тоа вода?“. Суштината е што можеме толку многу да се навикнеме на одредени работи што дури и не сфаќаме колку преовладуваат. На пример, како можеме ние, како суштества родени во грев, окупирани со грев и кои живеат во грешен свет, навистина да сфатиме колку убав живот ќе имаме на новото небо и на новата Земја? Зошто тогаш, без оглед на ограничувањата, и понатаму треба да се трудиме да замислуваме како сето тоа ќе изгледа?**
3. **Несомнено е дека, како и да изгледа животот на новата Земја, ќе живееме во единство со сите. Што можеме да направиме токму сега за да се подготвиме за тие моменти?**

### ЗАКЛУЧОК

Библијата уверливо зборува за времето кога нашата Земја повторно ќе биде создадена и кога гревот заедно со своите разорни последици засекогаш ќе биде уништен. Човечкиот род конечно ќе биде обновен во согласност со првобитната намера, и сите луѓе ќе живеат сложно. Нашето моментално духовно единство во Христа, иако сега не е во потполност остварено, тогаш ќе биде жива и вечна реалност.

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - ОКТОМВРИ
# БОЖЈИ ХЕРОИ

## ГОСПОД Е МОЈ ПОМОШНИК

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **Псалм 40,17.** | *Упатено лично до мене* |
| *2. Вторник* | **Осија 10,12.** | *Работа на плодната почва на срцето* |
| *3. Среда* | **Јаков 1,12.** | *Духовни мускули и сила* |
| *4. Четврток* | **2. Коринќаните 12,9.** | *„Доста ти е мојата благодат...“* |
| *5. Петок* | **Евреите 13,5.6.** | *Господ је мој Помошник* |
| *6. Сабота* | **Псалм 145,18.19.** | *Чувствата не се доказ за отфрлање* |

## СРЕЌА ВО ПОСЛУШНОСТА

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **Лука 22,32.** | *»Јас се молев за тебе...«* |
| *8. Понеделник* | **Евреите 2,10.** | *Цената на совршенството* |
| *9. Вторник* | **Матеј 11,27.** | *Живеј според Божјиот закон* |
| *10 Среда* | **Матеј 5,17. 18.** | *Божјиот закон е непроменлив и вечен* |
| *11. Четврток* | **Мудри изреки 16,3.** | *Проверка на нашите дела* |
| *12. Петок* | **Колошаните 1,12. 13.** | *Среќа во послушноста* |
| *13. Сабота* | **Јован 15,10.** | *Сила за послушност* |

## БОЖЈИОТ ЗАКОН ВО СРЦЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Јован 14,15.** | *Доказ за нашата верност* |
| *15. Понеделник* | **Псалм 19,7.** | *Чудесна едноставност на законот* |
| *16. Вторник* | **Јаков 1,25.** | *Божја морална лупа* |
| *17. Среда* | **Јован 15,14.** | *Повластици на послушните* |
| *18. Четврток* | **1. Јованова 5,3.** | *Мотивација за послушност* |
| *19. Петок* | **Римјаните 13,10.** | *Темел на Божето владеење* |
| *20. Сабота* | **Евреите 8,10.** | *Божјиот закон во срцето* |

## ИСПРАВНО МЕРИЛО ЗА КАРАКТЕРОТ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Исаија 8,20.** | *Исправно мерило за карактерот* |
| *22. Понеделник* | **1. Коринќаните 16,13.** | *Игра на животот* |
| *23. Вторник* | **Ефешаните 3,19.** | *Исполнети со Неговата полнина* |
| *24. Среда* | **Матеј 7,13. 14.** | *Различни и одвоени патишта* |
| *25. Четврток* | **Лука 13,24.** | *Предизвикот на потешкотиите* |
| *26. Петок* | **Јован 17,15.** | *Видлива разлика* |
| *27. Сабота* | **Јован 17,16.17.** | *Христови претставници во светот* |

## ЧИЈ ПРИЈАТЕЛ СУМ ЈАС?

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **Колошаните 3,1. 2.** | *Каде го поставуваш својот шатор?* |
| *29. Понеделник* | **Јаков 4,4.** | *Чиј пријател сум јас?* |
| *30. Вторник* | **Матеј 6,24.** | *Бог или мамон?* |
| *31. Сабота* | **2. Коринќаните 6,17.18.** | *Услов за посинување* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - НОЕМВРИ

# ВЕРАТА И БОЖЈИТЕ ВЕТУВАЊА

### СЕКОЈДНЕВНО САМООТКАЖУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **1. Јованово 2,15.** | *Отфрлете ги задоволствата на овој свет* |
| *2. Петок* | **1. Петрово 3,3. 4.** | *Украсување кое не бледнее* |
| *3. Сабота* | **Римјаните 12,1.** | *Секојдневно самооткажување* |

### РАДОСНО ОДЕЊЕ СО ИСУСА

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Мудри изреки 20,1.** | *Борба против неумереноста* |
| *5. Понеделник* | **1. Коринќаните 9,24.25.** | *Христијанска трка* |
| *6. Вторник* | **Тит 2,11.12.** | *Примерот на верниците* |
| *7. Среда* | **Тит 2,14.** | *Божји посебен народ* |
| *8. Четврток* | **Филипјаните 2,15.** | *Обиди се да станеш поинаков!* |
| *9. Петок* | **Псалм 1,1.** | *Предности без граници* |
| *10. Сабота* | **1. Мојсеева 5,24.** | *Радосно одење со Исуса* |

### ОТФРЛЕТЕ ГИ СИТЕ ИДОЛИ

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Марко 8,35-37.** | *Пресметај ги губитоците* |
| *12. Понеделник* | **Матеј 4,10.** | *Отфрли ги сите идоли* |
| *13. Вторник* | **Марко 13,34.** | *Нитки во мрежата на човештвото* |
| *14. Среда* | **Матеј 25,15.** | *Тргување со Божјите дарови* |
| *15. Четврток* | **Матеј 25,23.** | *Религија која се состои од мали работи* |
| *16. Петок* | **Матеј 25,29.** | *Денот на пресметка* |
| *17. Сабота* | **1. Коринќаните 7,7.** | *Искористи ги даровите за работа* |

### СЛУЖЕТЕ МУ НА ГОСПОДА СО ЦЕЛО СРЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **Римјаните 6,13.** | *Оружје на правдата* |
| *19. Понеделник* | **2. Тимотеј 2,20.21.** | *Во полза на Господарот* |
| *20. Вторник* | **Матеј 20,4.5.** | *Работете таму каде што се наоѓате* |
| *21. Среда* | **Лука 16,10.** | *»Кој е верен во најмалото...«* |
| *22. Четврток* | **Судии 5,23.** | *Нема место за колебливите* |
| *23. Петок* | **Колошаните 3,23.24.** | *Служете му на Господа со цело срце* |
| *24. Сабота* | **Јаков 2,15.16.** | *»Носите ги бремињата еден на друг...«* |

### ПОЛНОТАТА НА БОЖЕСТВОТО

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Матеј 25,40.** | *Прекрасна музика на Небото* |
| *26. Понеделник* | **Дела 4,13.** | *Патишта на светлината и на благословите* |
| *27. Вторник* | **Откровение 22,17.** | *Христовиот повик кој се повторува* |
| *28. Среда* | **Колошаните 2,2.3.** | *Неисцрпно складиште* |
| *29. Четврток* | **1. Коринќаните 2,2.** | *Христос е нашата порака!* |
| *30. Петок* | **Откровение 5,13.** | *Полнотата на Божеството* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ДЕКЕМВРИ

# ВЕРАТА И БОЖЈИТЕ ВЕТУВАЊА

### ДА ГО ВОЗДИГНЕМЕ ЧОВЕКОТ ОД ГОЛГОТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **Јован 3,14. 15.** | *Да го воздигнеме Човекот од Голгота* |

### ТОЈ ПОВТОРНО ДОАЃА!

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **Исаија 60,1.** | *Сега е време да бидеме видело* |
| *3. Понеделник* | **Исаија 60,2. 3.** | *Светлина за светот кој е во темнина* |
| *4. Вторник* | **Дела 1,8.** | *Завет на божествената сила* |
| *5. Среда* | **Псалм 68,35.** | *Христос помага во секоја криза* |
| *6. Четврток* | **Ефесјаните 6,10.** | *Утврдување на душата* |
| *7. Петок* | **Мудри изреки 4,18.** | *Сè посјајно и посјајно* |
| *8. Сабота* | **Откровение 22,12.** | *Тој повторно доаѓа!* |

### КВАЛИФИКУВАН ЗА НЕБЕСНОТО ЧЛЕНСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **2. Петрово 3,8. 9.** | *Зашто Господ доцни* |
| *10. Понеделник* | **Матеј 25,10.** | *Откривање на карактерот* |
| *11. Вторник* | **Марко 13,35-37.** | *Стражарете! Стражарете! Стражарете!* |
| *12. Среда* | **1. Петрово 4,7.** | *Цврсти во денови на неволја!* |
| *13. Четврток* | **Откровение 22,14.** | *Квалификации за небесното членство* |
| *14. Петок* | **Еремија 30,7.** | *Најголема криза на сите векови* |
| *15. Сабота* | **Откровение 3,10.** | *Сигурно место за криење* |

### НЕ БОЈ СЕ, ДЕТЕ БОЖЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **Исаија 26,20.** | *Нема да мине уште многу* |
| *17. Понеделник* | **Тит 2,13.** | *Најдобро движење кое можеме да го најдеме* |
| *18. Вторник* | **Матеј 24,44.** | *Секогаш подготвени* |
| *19. Среда* | **Откровение 20,12.** | *Ден на конечното рамнење на сметките* |
| *20. Четврток* | **Откровение 1,17. 18.** | *Не бој се, дете Божје* |
| *21. Петок* | **1. Јованово 2,28.** | *Наметнати со Неговото совршенство* |
| *22. Сабота* | **1. Коринќаните 15,54.** | *Прагот на вечноста* |

### ПОБЕДА НА БОЖЈАТА ЉУБОВ

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **Јован 14,1-3.** | *Ваше место за живеење* |
| *24. Понеделник* | **Откровение 22,4.** | *Ќе го видиме Неговото лице* |
| *25. Вторник* | **Ефесјаните 3,9.** | *Тајни кои допрва треба да ги откриеме* |
| *26. Среда* | **Псалм 97,1. 2.** | *Победа на Божјата љубов* |
| *27. Четврток* | **Ефесјаните 3,10. 11.** | *Исполнување на Божјите намери* |
| *28. Петок* | **Евреите 12,2.** | *Радост одредена за Него* |
| *29. Сабота* | **Исаија 53,11.** | *Резултатот на Христовото страдање* |

### КОНЕЧНО ДОМА!

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **Псалм 84,7.** | *Вечноста е пред нас* |
| *31. Понеделник* | **Јован 17,24.** | *Конечно дома!* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Октомври*

| | |
|---|---|
| 1. | Амос 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| 5. | Михеј 1-4 |
| **6.** | 5-7 |
| | |
| 7. | Наум 1-3 |
| 8. | Авакум 1-3 |
| 9. | Софонија 1-3 |
| 10. | Агеј 1-2 |
| 11. | Захарија 1-3 |
| 12. | 4-6 |
| **13.** | 7-10 |
| | |
| 14. | 11-14 |
| 15. | Малахија 1-4 |
| 16. | Матеј 1-5 |
| 17. | 6-8 |
| 18. | 9-11 |
| 19. | 12-13 |
| **20.** | 14-15 |
| | |
| 21. | 16-17 |
| 22. | 18-20 |
| 23. | 21-25 |
| 24. | 26-28 |
| 25. | Марко 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| **27.** | 7-9 |
| | |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

## *Ноември*

| | |
|---|---|
| 1. | Лука 7-8 |
| 2. | 9-11 |
| **3.** | 12-14 |
| | |
| 4. | 15-17 |
| 5. | 18-20 |
| 6. | 21-22 |
| 7. | 23-24 |
| 8. | Јован 1-3 |
| 9. | 4-6 |
| **10.** | 7-9 |
| | |
| 11. | 10-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | Дела 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| **17.** | 7-9 |
| | |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-18 |
| 21. | 29-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-28 |
| **24.** | Римјаните 1-3 |
| | |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-9 |
| 27. | 10-12 |
| 28. | 13-16 |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| 30. | 6-9 |

## *Декември*

| | |
|---|---|
| **1.** | 1. Кор. 10-12 |
| | |
| 2. | 13-16 |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| 4. | 6-9 |
| 5. | 10-13 |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| **8.** | Ефесјаните 1-6 |
| | |
| 9. | Филипјаните1-4 |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| 13. | 2. Тимотеј 1-6 |
| 14. | 2. Тимотеј 1-4 |
| **15.** | Тит и Филимон |
| | |
| 16. | Евреите 1-5 |
| 17. | 6-9 |
| 18. | 10-13 |
| 19. | Јаков 1-5 |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| 21. | 2. Петрово 1-3 |
| **22.** | 1. Јованово 1-3 |
| | |
| 23. | 4-5 |
| 24. | 1. и 2. Јованово |
| 25. | Јудино послание |
| 26. | Откровение |
| 27. | 5-9 |
| 28. | 10-13 |
| **29.** | 14-16 |
| | |
| 30. | 17-19 |
| 31. | 20-22 |

## ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

| ***Октомври*** | ***Ноември*** | ***Декември*** |
|---|---|---|
| 1. Псалм 79. | 1. Псалм 105,1-15. | **1.** Псалм 121. |
| 2. Псалм 80. | 2. Псалм 105,16-31. | 2. Псалм 122. |
| 3. Псалм 81. | **3.** Псалм 105,32-45. | 3. Псалм 123. |
| 4. Псалм 82. | 4. Псалм 106,1-16. | 4. Псалм 124. |
| 5. Псалм 83. | 5. Псалм 106,17-32. | 5. Псалм 125. |
| **6.** Псалм 84. | 6. Псалм 106,33-48. | 6. Псалм 126. |
| 7. Псалм 85. | 7. Псалм 107,1-21, | 7. Псалм 127. |
| 8. Псалм 86. | 8. Псалм 107,22-43. | **8.** Псалм 128. |
| 9. Псалм 87. | 9. Псалм 108. | 9. Псалм 129. |
| 10. Псалм 88 | **10.** Псалм 109,1-16. | 10. Псалм 130. |
| 11. Псалм 89,1-13. | 11. Псалм 109,17-31. | 11. Псалм 131. |
| 12. Псалм 89,14-26. | 12. Псалм 110. | 12. Псалм 132. |
| **13.** Псалм 89,27-39. | 13. Псалм 111. | 13. Псалм 133. |
| 14. Псалм 89,40-52. | 14. Псалм 112. | 14. Псалм 134. |
| 15. Псалм 90. | 15. Псалм 113. | **15.** Псалм 135. |
| 16. Псалм 91. | 16. Псалм 114. | 16. Псалм 136,1-13. |
| 17. Псалм 92. | **17.** Псалм 115. | 17. Псалм 136,15-26. |
| 18. Псалм 93. | 18. Псалм 116. | 18. Псалм 137. |
| 19. Псалм 94. | 19. Псалм 117. | 19. Псалм 138. |
| **20.** Псалм 95. | 20. Псалм 118,1-14. | 20. Псалм 139. |
| 21. Псалм 96. | 21. Псалм 118,15-29. | 21. Псалм 140. |
| 22. Псалм 97. | 22. Псалм 119,1-14. | **22.** Псалм 141. |
| 23. Псалм 98. | 23. Псалм 119,15-29 | 23. Псалм 142. |
| 24. Псалм 99. | **24.** Псалм 119,30-43 | 24. Псалм 143. |
| 25. Псалм 100. | 25. Псалм 119,44-56. | 25. Псалм 144. |
| 26. Псалм 101. | 26. Псалм 119,57-90. | 26. Псалм 145. |
| **27.** Псалм 102,1-14. | 27. Псалм 119,91-117. | 27. Псалм 146. |
| 28. Псалм 102,15-28. | 28. Псалм 119,118-143. | 28. Псалм 147. |
| 29. Псалм 103. | 29. Псалм 119,144-176. | **29.** Псалм 148. |
| 30. Псалм 104,1-18. | 30. Псалм 120. | 30. Псалм 149. |
| 31. Псалм 104,19-35. | | 31. Псалм 150. |

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

### ОКТОМВРИ 2018

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:32 |
| Колешино | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Стар Дојран | 18:05 | 17:53 | 17:43 | 17:33 |
| Куманово | 18:08 | 17:57 | 17:45 | 17:35 |
| Неготино | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Струмица | 18:05 | 17:53 | 17:43 | 17:33 |
| Кочани | 18:06 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Велес | 18:08 | 17:57 | 17:46 | 17:36 |
| Кавадарци | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Дебар | 18:13 | 18:02 | 17:51 | 17:41 |
| Скопје | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:36 |
| Битола | 18:10 | 17:59 | 17:48 | 17:38 |
| Кичево | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:39 |
| Лаки | 18:05 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Чифлик | 18:07 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Штип | 18:07 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Тетово | 18:11 | 18:00 | 17:49 | 17:38 |
| Јегуновце | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:38 |
| Росоман | 18:08 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Гевгелија | 18:06 | 17:54 | 17:44 | 17:34 |
| Свети Николе | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Делчево | 18:04 | 17:53 | 17:41 | 17:31 |
| Валандово | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Охрид | 18:12 | 18:01 | 17:50 | 17:40 |
| Радовиш | 18:06 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Прилеп | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:37 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| НОЕМВРИ 2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 2. | 9. | 16. | 23. | 30. |
| Виница | 16:23 | 16:15 | 16:08 | 16:03 | 16:00 |
| Колешино | 16:23 | 16:15 | 16:08 | 16:03 | 16:00 |
| Стар Дојран | 16:24 | 16:16 | 16:09 | 16:04 | 16:01 |
| Куманово | 16:26 | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:02 |
| Неготино | 16:25 | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:03 |
| Струмица | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:04 | 16:01 |
| Кочани | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:03 | 16:00 |
| Велес | 16:26 | 16:18 | 16:12 | 16:07 | 16:03 |
| Кавадарци | 16:26 | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:03 |
| Дебар | 16:32 | 16:24 | 16:17 | 16:12 | 16:09 |
| Скопје | 16:27 | 16:19 | 16:12 | 16:07 | 16:04 |
| Битола | 16:29 | 16:22 | 16:15 | 16:10 | 16:07 |
| Кичево | 16:30 | 16:22 | 16:15 | 16:10 | 16:07 |
| Лаки | 16:23 | 16:15 | 16:08 | 16:03 | 15:59 |
| Чифлик | 16:25 | 16:17 | 16:11 | 16:06 | 16:02 |
| Штип | 16:25 | 16:17 | 16:10 | 16:05 | 16:02 |
| Тетово | 16:29 | 16:21 | 16:14 | 16:09 | 16:06 |
| Јегуновце | 16:28 | 16:20 | 16:13 | 16:08 | 16:05 |
| Росоман | 16:26 | 16:18 | 16:11 | 16:06 | 16:03 |
| Гевгелија | 16:24 | 16:17 | 16:10 | 16:05 | 16:02 |
| Свети Николе | 16:25 | 16:17 | 16:11 | 16:05 | 16:02 |
| Делчево | 16:22 | 16:14 | 16:07 | 16:02 | 15:59 |
| Валандово | 16:24 | 16:16 | 16:09 | 16:05 | 16:01 |
| Охрид | 16:31 | 16:23 | 16:17 | 16:12 | 16:09 |
| Радовиш | 16:24 | 16:16 | 16:09 | 16:04 | 16:01 |
| Прилеп | 16:28 | 16:20 | 16:13 | 16:08 | 16:05 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

## ДЕКЕМВРИ 2018

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 15:58 | 15:59 | 16:01 | 16:06 |
| Колешино | 15:59 | 15:59 | 16:02 | 16:06 |
| Стар Дојран | 16:00 | 16:00 | 16:03 | 16:07 |
| Куманово | 16:01 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Неготино | 16:01 | 16:02 | 16:04 | 16:09 |
| Струмица | 15:59 | 16:00 | 16:02 | 16:07 |
| Кочани | 15:59 | 15:59 | 16:02 | 16:06 |
| Велес | 16:02 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Кавадарци | 16:02 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Дебар | 16:07 | 16:08 | 16:10 | 16:15 |
| Скопје | 16:02 | 16:03 | 16:05 | 16:10 |
| Битола | 16:06 | 16:06 | 16:09 | 16:13 |
| Кичево | 16:06 | 16:06 | 16:09 | 16:13 |
| Лаки | 15:58 | 15:59 | 16:01 | 16:05 |
| Чифлик | 16:01 | 16:02 | 16:04 | 16:08 |
| Штип | 16:00 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Тетово | 16:04 | 16:05 | 16:07 | 16:11 |
| Јегуновце | 16:03 | 16:04 | 16:06 | 16:11 |
| Росоман | 16:02 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Гевгелија | 16:01 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Свети Николе | 16:01 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Делчево | 15:57 | 15:58 | 16:00 | 16:04 |
| Валандово | 16:00 | 16:01 | 16:03 | 16:07 |
| Охрид | 16:08 | 16:08 | 16:11 | 16:15 |
| Радовиш | 15:59 | 16:00 | 16:02 | 16:07 |
| Прилеп | 16:04 | 16:04 | 16:07 | 16:11 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*




НОВО! НОВО! НОВО! НОВО!

# ИСЧЕЗНАТИ

## *градови и цивилизации*

Прекрасно илустрирана, книгата *ИСЧЕЗНАТИ градови и цивилизации* е идеален печатен извор за сите заинтересирани кои сакаат да научат повеќе за настаните запишани во Библијата, чиишто видливи докази за нив наоѓаме во урнатините на археолошките наоѓалишта во древниот Блиски Исток. Тие не само што ја потврдуваат веродостојноста на Библијата туку влијаат и на нашето разбирање на тие настани. Ова дело е напишано на еден научно-популарен стил, и како такво вредно да го чита секој ученик и љубител на археологијата и историјата, насочувајќи го погледот од правта кон Бога и Неговото спасение...

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат иво 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на
**Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**

**www.sdakavadarci.com**

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).